Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:09.10.2025 14:58:50
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzhben vesnik na RSM, O=JP Sluzhben vesnik na Republika Severna Makedonija C.O. Skopje, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 208** **9 октомври 2025, четврток** **година LXXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4109. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности........................................... | **2** |
| 4110. | **Одлука** за одобрување на Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје…. | **2** |
| 4111. | **Одлука** за распределба на добивката по Годишната сметка за 2024 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје………………… | **3** |
| 4112. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности…………………………… | **3** |
| 4113. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности……………………………. | **3** |
| 4114. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, во студиската учебна 2025/2026 година…………….. | **4** |
| 4115. | **Правилник** за изменување на Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на полицијата……….. | **4** |
| 4116. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза, третман и следење на пациенти со болеста на фабри ……………. | **5** |
| 4117. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза, третман и следење на пациенти со атипичен хемолитичен уремичен синдром (аХУС)……………….. | **12** |
| 4118. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза, третман и следење на пациенти со ахондроплазија……………….. | **24** |
| 4119. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза, третман и следење на пациенти со заболувања на метаболизмот на бакар (болест на Wilson)………... | **32** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4120. | **Правилник** за начинот на акредитација на установите за формално образование на возрасните, како и формата и содржината на барањето за акредитација и потребната документација…….. | **62** |
| 4121. | **Правилник** за формата и содржината на Регистарот за акредитирани понудувачи на услуги за валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење…….. | **66** |
| 4122. | **Правилник** за формата и содржината на документацијата за учесниците кои се стекнале со сертификат за стручна квалификација преку процесот на валидација……………. | **67** |
| 4123. | **Правилник** за формата и содржината на евиденцијата на учесници кои преку процесот на валидација се стекнале со стручна квалификација…………… | **75** |
| 4124. | **Правилник** за начинот на водењето на евиденцијата, како и формата и содржината на документацијата и евиденцијата за учесниците во посебните програми за неформално образование на возрасните………… | **85** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-92** |


# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4109.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар – објект кој се наоѓа на ул.„Казанџиска” бр.8 во Скопје, на КП бр.9451, КО Центар 1 и тоа:

- зграда бр.1, намена на зградата и друг објект Б1-1, влез 1, кат ПО, намена на посебниот дел од зградата П, со внатрешна површина од 68 м$^2$,
- зграда бр.1, намена на зградата и друг објект Б1-1, влез 1, кат ПР, намена на посебниот дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 74 м$^2$,
- зграда бр.1, намена на зградата и друг објект Б1-1, влез 1, кат К1, намена на посебниот дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 43 м$^2$ и
- зграда бр.1, намена на зградата и друг објект Б1-1, влез 1, кат МА, намена на посебниот дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 69 м$^2$, во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6277/6
7 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**4110.**

Врз основа на член 72 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ СО ЗАВРШНАТА СМЕТКА, РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ И ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се одобрува Годишниот финансиски извештај со завршната сметка за 2024 година бр.0501-293/1 од 11.3.2025 година, Ревизорскиот извештај бр.0302-586/1 од 28.5.2025 година и Годишниот извештај за работа за 2024 година бр.0202-556/1 од 21.5.2025 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, усвоени од Управниот одбор на ова акционерско друштво со Одлука бр.0201-298/6 на 14.3.2025 година, Одлука бр.0201-603/5 на 2.6.2025 година и Одлука бр.0201-555/2 на 21.5.2025 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7045/19
7 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**4111.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) и член 483 став (1) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2024 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ И ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се распределуваат средствата остварени како добивка од Годишната сметка за 2024 година во износ од 159.398.265,00 денари (нето добивка за 2024 година), утврдени во Годишниот финансиски извештај со завршна сметка за 2024 година бр.0501-293/1 од 11.3.2025 година и Ревизорскиот извештај бр.0302-586/1 од 28.5.2025 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, усвоени од Управниот одбор на ова акционерско друштво со Одлука бр.0201-298/6 на 14.3.2025 година и Одлука бр.0201-603/5 на 2.6.2025 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распределуваат на следниот начин:

-5% од нето добивката се распоредува во задолжителна општа резерва ....................................7.969.913,00 денари и

-како резерва за останати намени за усогласување на износот на акционерскиот капитал во сметководствената евиденција на Друштвото ....................151.428.352,00 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7045/20
7 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**4112.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар – објект, кој се наоѓа на бул. „Трета Македонска бригада“ бр.20 во Скопје, на КП бр.487/1, КО Кисела Вода 2 и тоа:

- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат ПО, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата П, со внатрешна површина од 43 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат ПР, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 12 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат ПР, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ПП, со внатрешна површина од 27 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К1, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 68 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К2, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 57 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К3, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 61 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К4, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 56 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К5, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ДП, со внатрешна површина од 13 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К6, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ДПД, со внатрешна површина од 84 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К6, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ХС, со внатрешна површина од 27 м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-5, влез 1, кат К6, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зградата ПП, со внатрешна површина од 635 м², во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7512/6
7 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**4113.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари - објекти, кои се наоѓаат на место викано „Парк“, во Скопје, на КП бр.5108/1, КО Центар 1 и тоа:

- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат пр, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 48м$^2$,
- зграда бр. 1, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат пр, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 128м$^2$,
- зграда бр. 2, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат пр, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 199м$^2$,
- зграда бр. 3, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат пр, бр. 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДПД, со внатрешна површина од 12м$^2$,
- зграда бр. 4, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат пр, бр.1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДПД, со внатрешна површина од 12м$^2$,
- зграда бр. 5, намена на зграда и друг објект Е29, кат пр, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДПД, со отворена површина од 663м$^2$,
- зграда бр. 6, намена на зграда и друг објект ДЗ-8, кат пр, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т, со отворена површина од 1105м$^2$ и
- зграда бр. 7, намена на зграда и друг објект ДЗ-8, кат пр, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т, со отворена површина од 525м$^2$, во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7843/8
7 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**4114.**

Врз основа на член 23 од Законот за Воената академија („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/09), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА КАНДИДАТИ КОИ СЕ ЗАПИШУВААТ НА СТРУЧНА СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ВТОР ЦИКЛУС НА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТРУЧНИ СТУДИИ „СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА КОМАНДНИ И ШТАБНИ ДОЛЖНОСТИ“ НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“- СКОПЈЕ, ВО СТУДИСКАТА УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА**

Член 1

Во Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје, во студиската учебна 2025/2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/25), во членот 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „од кои:

- 27 (дваесет и седум) кандидати-офицери со завршен прв циклус на студии за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија;
- 1 (еден) кандидат-офицер со завршен прв циклус на студии за потребите на Војската на Црна Гора;
- 1 (еден) кандидат-офицер со завршен прв циклус на студии за потребите на вооружените сили на Босна и Херцеговина и
- 1 (еден) кандидат-офицер со завршен прв циклус на студии за потребите на Министерството за Косовските безбедносни сили.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-8373/6
7 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**4115.**

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 4 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21, 89/22 и 160/25), министерот за внатрешни работи донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, КВАЛИТЕТОТ И КРОЈОТ НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА**

Член 1

Во Правилникот за составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/16 и 237/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/19, 111/19, 163/19, 250/19, 270/19, 75/20, 173/20, 219/20, 242/20, 11/21, 82/21, 140/21, 295/21, 65/23, 140/23, 274/23, 126/25 и 176/25), во член 11 по зборовите „бела боја“ запирката се брише, а зборовите „освен тесниот ремен со шнола кој се изработува само во црна боја“ се заменуваат со зборовите „и тесен ремен со шнола во црна и бела боја“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-104661/1
6 октомври 2025 година
Скопје

Министер за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**4116.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), министерот за здравство донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО БОЛЕСТА НА ФАБРИ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со болеста на Фабри.

Член 2

Начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со болеста на Фабри е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за дијагностицирање, третман и следење на пациентите со болеста на Фабри по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-2438/4
8 октомври 2025 година
Скопје

Министер за здравство
**Азир Алиу**, с.р.

Прилог

# ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО БОЛЕСТА НА ФАБРИ

1. Дефиниција, начин на наследување и генетски аспекти на болеста на Фабри
2. Клинички манифестации на болеста
3. Дијагноза
4. Лекување на пациентите
5. Следење на пациентите

## 1. ДЕФИНИЦИЈА, НАЧИН НА НАСЛЕДУВАЊЕ И ГЕНЕТСКИ АСПЕКТИ НА БОЛЕСТА НА ФАБРИ

Болеста на Фабри (FD, OMIM#301500) претставува ретко X - врзано нарушување на лизозомалното складирање кое произлегува од отсуство или нарушена функција на ензимот α-галактозидаза А (GLA, OMIM*300644). Овој ензим учествува во катаболизмот на гликосфинголипидите и врши хидролиза на терминалните α-галактозил делови од гликолипидите и гликопротеините. Биосинтезата на ензимот α-галактозидаза А е под контрола на генот GLA, кој се наоѓа на хромозомот Xq22.1; содржи седум егзони со 1.290 кодирачки нуклеотиди кои кодираат протеин од 49 kDa составен од 429 амино киселински остатоци, вклучително и сигнален пептид од 31 остаток. Дисфункцијата на ензимот α-галактозидаза А води до прогресивна акумулација на глоботриаозилцерамид (Lyso-Gb3) во лизозомите на сите клетки во човековото тело, со последователна инфламација, фиброза и мултиорганска инсуфициенција. Болеста на Фабри за прв пат била опишана во 1897 година (Anderson, 1898; Fabry, 1898) и ги афектира обата пола. Иако постојат големи варијации, генерално се смета дека преваленцата на болеста при раѓање изнесува 1:40.000 – 1:70.000 новородени.

Базата на податоци за мутации на човечки гени и базата на податоци ClinVar (Human Gene Mutation Database and ClinVar database) известуваат за постоење на над 600 патогени GLA варијанти, вклучувајќи точкасти мутации, безсмислени супституции, дупликации, делеции и други комплексни мутации. Генотип - фенотип корелациите генерално се слабо разбрани кај Болеста на Фабри бидејќи повеќето пациенти имаат индивидуални (private) патогени генетски варијанти. Потребни се пообемни клинички студии со несродни пациенти со ист генотип за да се добие подобро разбирање на овие односи. Добро е познато дека целосното губење на ензимската функција доведува до *класична форма со ран почеток,* а намалената ензимска активност е поврзана со *некласични форми на болеста со доцен почеток.*

## 2. КЛИНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ НА БОЛЕСТА

Болеста на Фабри е мултисистемско нарушување со широк спектар на клинички симптоми кои патофизиолошки се должат на митохондријална дисфункција, задебелување на ѕидот на крвните садови и ендотелијална дисфункција со оклузија и тромбоза во микроциркулацијата и прогресивни кардиоваскуларни, цереброваскуларни и бубрежни пореметувања.

Постојат две главни форми на Болеста на Фабри: класична форма со ран почеток и некласична форма со доцен почеток. Класичната форма обично се гледа кај хемизиготни мажи со ензимска активност под 1% и многу ретко кај хетерозиготни жени. Некласичната или доцната форма е карактеристична за мажи со ензимска активност поголема од 1%, но е најчест тип на заболувањето кај жени и е поврзано со процесот на инактивација на X-хромозомот (лајонизација).

Карактеристичните симптоми и знаци на класичната форма кои се јавуваат уште во рано детство и адолесценција се периферна невропатија со хронична, неконтролирана жаречка болка во екстремитетите (акропарестезии), необјасниви абдоминални грчеви, хипохидроза или анхидроза со сува кожа, ангиокератоми по кожата на трупот и препоните, нетолеранција на топло и ладно, cornea verticilata и микроалбуминурија

Кардиоваскуларните нарушувања (аритмии, миокарден инфаркт, срцева слабост и ненадејна смрт), бубрежни нарушувања (протеинурија, гломеруларна хиперфилтрација и бубрежна инсуфициенција) и оштетување на централниот и автономниот нервен систем поврзано со дисфункција на ганглиите на дорзалниот корен на ´рбетниот мозок (ран мозочен удар и транзиторни исхемични напади) се јавуваат во подоцнежна возраст но претставуваат најчестите причини за морбидитет и морталитет кај пациенти со Болеста на Фабри. Формата со доцен почеток може да не се манифестира со никакви симптоми до подоцнежна возраст, но сепак може да напредува до компликации опасни по живот.

Кај обата пола, без соодветна терапија, Болеста на Фабри значително го скратува животниот век, иако ова е понагласено кај мажите со класична форма на заболувањето.

## 3. ДИЈАГНОЗА НА БОЛЕСТА

Поставувањето на дијагнозата кај Болеста на Фабри честопати претставува голем предизвик и во просек пациентите се прегледувани од 7-10 различни специјалисти пред да се постави точна дијагноза. Според некои истражувања дијагностичките процедури може да бидат многу долги: 13 години за мажи и 17 години за жени. За таа цел, Европската работна група за Фабриева Болест (European Fabry Working Group) предлага консензус-процедури за дефинитивна дијагноза на Болеста на Фабри (Табела 1).

**Табела 1: Дефинитивна дијагноза на Болеста на Фабри**

| **Дефинитивна дијагноза на Болеста на Фабри** | |
|---|---|
| **Мажи** | **Жени** |
| Докажана мутација во GLA генот<br>+ | Докажана мутација во GLA генот<br>+ |
| Ниво на ензимот α-галактозидаза А (AGLA-A) ≤ 5% од средната референтна вредност во леукоцитите<br>+ А или Б или В | Нормално или намалено ниво на ензимот α-галактозидаза А (AGLA-A) во леукоцитите<br>+ А или Б или В |
| А) ≥ 1 карактеристичен знак/симтом на Болеста на Фабри (Фабри невропатска болка, cornea verticilata или ангиокератоми)* | |
| Б) зголемено ниво на плазма lysoGb3 | |
| В) член од семејството со докажана Болест на Фабри кој ја има истата мутација | |
| **НЕСИГУРНА дијагноза на Болеста на Фабри** | |
| **Мажи/жени**<br>Сите пациенти кои се презентираат со неспецифични знаци/симтоми на Болеста на Фабри (како левовентрикуларна хипертрофија, мозочен удар на млада возраст, протеинурија) и не ги исполнуваат критериумите за дефинитивна дијагноза на Болеста на Фабри имаат GLA – генетски варијанти од непознато значење (GVUS). Кај сите пациенти со несигурна дијагноза, GLA-GVUS и неспецифични знаци за Болеста на Фабри златен стандард за дијагноза претставува докажување на лизозомално натрупување во примерок од афектиран орган (срце, бубрег, кожа) со електронска микроскопија и анализа од искусен патолог и во отсуство на медикаменти кои можат да дадат слични презентации. | |

*Фабри невропатска болка влегува во карактеристични клинички критериуми само доколку постои невропатска болка во рацете и/или стапалата која започнува пред 18 години и се зголемува со експозиција на топло и температура. Тестот на квантитативна сензорна детекција открива намален праг на детекција на ладно и зголемен дензитет на интраепидермални нервни влакна. Не постои друго објаснување за оваа болка.

Ангиокератомите влегуваат во карактеристични клинички критериуми само доколку се повеќе на број (кластери) и се присутни во карактеристични делови од телото: трупот (делото од телото што е покриен при носење костим за капење – bathing trunk), усни, папок. Не постои друго објаснување за ангиокератомите.
Cornea verticilata влегува во карактеристични клинички критериуми само доколку постои вртложен распоред на корнеалните опацитети. Не постои друго објанување, вклучувајќи медикаменти како амиодарон, хлороквин.

## 4. ЛЕКУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ

Терапијата за Болеста на Фабри вклучува ензим - заместителна терапија и останата не-ензимска терапија. Ензим - заместителна терапија (ЕЗТ) со рекомбинантен човечки GLA ензим (Агалзидаза-α или Агалзидаза-β) ја намалува акумулацијата на Lyso-Gb3 и ја помага нивната елиминација од клетките во органзмот а со тоа ги подобрува клиничките знаци и симптоми на Болеста на Фабри, како што се бубрежната дисфункција, невропатската болка, гастроинтестиналните нарушувања и срцеви манифестации, сигнификантно го продолжува животот и го подобрува квалитетот на живот кај овие болни. Како алтернатива на интравенската ензим - заместителна терапија (ЕЗТ), администрацијата на мигаластат, орална шаперон-базирана терапија, покажа поволни исходи кај пациенти со Болеста на Фабри но е резервирана само за болни со „поволни“ мутации.

Во 2015 година, Европската работна група за Болеста на Фабри (European Fabry Working Group) ги објави препораките за започнување и прекинување на ензим - заместителна терапија (ЕЗТ) кај пациентите со Болеста на Фабри. Според овие препораки се препорачува започнување на терапија кај сите мажи со класична Болест на Фабри веднаш штом има рани клинички индикатори за зафатеност на бубрезите, срцето или мозокот, но треба да се земе предвид I кај машки пациенти на возраст од ≥16 години дури и во отсуство на клинички знаци или симптоми на зафатеност на органи. Кај жените со класична форма и мажи со некласична болест, третманот треба да започне веднаш штом има рани клинички докази за зафатеност на бубрезите, срцето или мозокот, но може да се разгледа и кај жени со некласична болест со рани клинички знаци за кои се знае дека се должат на Болеста на Фабри.

**Табела 2: Консензус критериуми за иницијазија на ЕЗТ според препораките на Европската работна група за Болеста на Фабри (European Fabry Working Group)**

| | Без знаци и симтоми | Бубрег | Срце | ЦНС | Болка | ГИТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Класична Болест на Фабри, мажи | Доколку ≥ 16 години (Класа IIB) | Микроалбуминурија (Класа I)<br>Протеинурија (Класа I)<br>Бубрежна инсуфиценција (ГФР 60-90 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа I)<br>Бубрежна инсуфиценција (ГФР 45-60 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа IIB) | Кардијална хипертрофија (МДЅ > 12 мм) без или со минимални знаци за фиброза (Класа I)<br>Знаци за пореметување во срцевиот ритам (Класа I) | Лезии во белата мозочна маса (Класа IIB)<br>ТИА/мозочен удар (Класа IIA)<br>Губиток на слух, коригиран за возраста (Класа IIB) | Невропатска болка (Класа IIA)<br>Невропатска болка дури и кога е целосно контролирана со аналгетици и не интерферира со дневните активности (Класа IIB) | ГИТ симптоми (Класа IIA ако < 16 години и Класа IIB > 16 години) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| НЕ-класична Болест на Фабри, мажи | | Микроалбуминурија (Класа I) Протеинурија (Класа I) Бубрежна инсуфиценција (ГФР 60-90 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа IIA) Бубрежна инсуфиценција (ГФР 45-60 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа IIB) | Кардијална хипертрофија (МДЅ > 12 мм) без или со минимални знаци за фиброза (Класа I) Знаци за пореметување во срцевиот ритам (Класа I) | Лезии во белата мозочна маса (Класа IIB) ТИА/мозочен удар (Класа IIA) Губиток на слух, коригиран за возраста (Класа IIB) | Невропатска болка (Класа IIA) Невропатска болка дури и кога е целосно контролирана со аналгетици и не интерферира со дневните активности (Класа IIB) | ГИТ симптоми (Класа IIA ако < 16 години и Класа IIB > 16 години) |
| Класична Болест на Фабри, жени | | Микроалбуминурија (Класа IIB) Протеинурија (Класа IIB) Бубрежна инсуфиценција (ГФР 60-90 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа IIA) Бубрежна инсуфиценција (ГФР 45-60 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа IIB) | Кардијална хипертрофија (МДЅ > 12 мм) без или со минимални знаци за фиброза (Класа I) Знаци за пореметување во срцевиот ритам (Класа I) | Лезии во белата мозочна маса (Класа IIB) ТИА/мозочен удар (Класа IIA) Губиток на слух, коригиран за возраста (Класа IIB) | Невропатска болка (Класа IIA) Невропатска болка дури и кога е целосно контролирана со аналгетици и не интерферира со дневните активности (Класа IIB) | ГИТ симптоми (Класа IIA ако < 16 години и Класа IIB > 16 години) |
| НЕ-класична Болест на Фабри, жени | | Микроалбуминурија (Класа IIB) Протеинурија (Класа IIB) Бубрежна инсуфиценција (ГФР 60-90 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа IIB) Бубрежна инсуфиценција (ГФР 45-60 мл/мин/1.73м$^2$) (Класа IIB) | Кардијална хипертрофија (МДЅ > 12 мм) без или со минимални знаци за фиброза (Класа I) Знаци за пореметување во срцевиот ритам (Класа I) | Лезии во белата мозочна маса (Класа IIB) ТИА/мозочен удар (Класа IIA) Губиток на слух, коригиран за возраста (Класа IIB) | Невропатска болка (Класа IIA) Невропатска болка дури и кога е целосно контролирана со аналгетици и не интерферира со дневните активности (Класа IIB) | ГИТ симптоми (Класа IIA ако < 16 години и Класа IIB > 16 години) |

МДЅ – максимална дебелина на ѕидот; ЕЗТ – ензим-заместителна терапија; ГИТ – гастроинтестинален тракт; ТИА – транзиторна исхемична атака; ГФР – гломеруларна филтрациона рата; ЦНС – централен нервен систем

**Табела 3: Консензус критериуми за прекинување на ЕЗТ според препораките на Европската работна група за Болеста на Фабри (European Fabry Working Group)**

| **СТОП критериуми** | **Класа на препорака** |
|---|---|
| Несоработка (non-compliance) на пациентот при апликација во повеќе од 50% од потребните инфузии | Класа I |
| Нередовни посети на единицата за лекување на Болеста на Фабри и неизвршување на планираните редовни медицински прегледи во тек на следењето на пациентите со Болеста на Фабри | Класа I |

| | |
|---|---|
| Перзистентни животозагрозувачки или тешки инфузиони реакции кои не одговараат на профилакска пример анафилакса | Класа I |
| По барање на пациентот | Класа I |
| Терминална бубрежна инсуфиценција без можност на трансплантација, во комбинација со напредната срцева слабост (NYHA Class IV) | Класа IIA |
| Фабриева болест во терминален стадиум или присутни други заболувања со очекуван животен век пократок од 1 година | Класа IIB |
| Тешко когнитивно опаѓање од било која причина | Класа IIB |
| Отсуство на одговор за 1 година од започнување кога индикација за ЕЗТ е исклучиво невропатска болка и притоа се зема максималната супортивна терапија | Класа IIB |

**Табела 4: Консензус критериуми за прекинување на ЕЗТ според препораките на Европската работна група за Болеста на Фабри (European Fabry Working Group)**

| **Критериуми за неотпочнување на ЕЗТ кај пациентите со Болест на Фабри** | **Класа на препорака** |
|---|---|
| Напредната срцева болест со екстензивна фиброза, доколку срцеваката болест е единствена индикација за отпочнување со терапија | Класа I |
| Терминална бубрежна инсуфиценција без можност на трансплантација, во комбинација со напредната срцева слабост (NYHA Class IV) | Класа IIA |
| Фабриева болест во терминален стадиум или присутни други заболувања со очекуван животен век пократок од 1 година | Класа IIB |
| Тешко когнитивно опаѓање од било која причина | Класа IIB |

## 5. СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ

| **Потребни иследувања на секои 6 месеци** |
|---|
| 1. Комплетен клинички физикален преглед – крвен притисок, висина, тежина |
| 2. Комплет лабораториски анализи на крв и анализа на урина (24 ч протеинурија) |
| 3. Ултрасонографски преглед на абдомен |
| 4. Ехокардиографија |
| 5. ЕКГ |
| 6. Процена на тежината на болка и влијанието врз секојдневните активности преку користење на Brief Pain Inventory скалата |
| 7. Проценка на квалитет на живот со употреба на 36-Item Short Form Survey (SF-36) |
| **Потребни иследувања на секои 12 месеци** |
| 8. Комплетен клинички физикален преглед - крвен притисок, висина, тежина |
| 9. Комплет лабораториски анализи на крв и анализа на урина (24 ч протеинурија) |
| 10. Ултрасонографски преглед на абдомен |
| 11. Ехокардиографија |
| 12. ЕКГ и холтер мониторинг |
| 13. Спирометрија |
| 14. Процена на тежината на болка и влијанието врз секојдневните активности преку користење на Brief Pain Inventory скалата |
| 15. Проценка на квалитет на живот со употреба на 36-Item Short Form Survey (SF-36) |

| | |
|---|---|
| 16. | Евалуација од нефролог |
| 17. | Евалуација од невролог |
| 18. | Евалуација од кардиолог |
| 19. | Евалуација од офталмолог |
| 20. | Евалуација од дерматолог |
| 21. | Сумарно мислење на експертскиот тим од специјалисти вклучен во следењето на болниот |

**Табела 5: Испитувања поврзани со аплицираната ЕЗТ**

| | |
|---|---|
| **Ниво на Lyso-Gb3 во плазма** | Ниво на Lyso-Gb3 во плазмата треба да се измери пред започнување со ЕЗТ, а потоа на секои 6 месеци |
| **Тестирање за антитела** | **ВИДИ ОВА –**<br>Тестирање на ИгГ антитела треба да се направи пред отпочнување со ЕЗТ, потоа на секои 3 месеци во првите 18 месеци од терапијата, а потоа на секои 6 месеци до добивање на 2 последователни негативни резултати. |
| **Потребен е постојано следење за потенцијални несакани ефекти од ЕЗТ** | |

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Gjorgjievski N, Karanfilovski V, Arsov T, Vidimliski PD, Andreevska GS, Selim G, Dejanov P, Jordanova V, Marinova I, Paskalev E, Nikolov IG. Case report: First diagnosis of Fabry disease in North Macedonia in a patient presenting with kidney failure on hemodialysis. Front Genet. 2024 Aug 14;15:1415906. doi: 10.3389/fgene.2024.1415906. PMID: 39205943; PMCID: PMC11349674.
2. Ashton-Prolla P., Tong B., Shabbeer J., Astrin K. H., Eng C. M., Desnick R. J. (2000). Fabry disease: twenty-two novel mutations in the alpha-galactosidase A gene and genotype/phenotype correlations in severely and mildly affected hemizygotes and heterozygotes. J. investigative Med. 48 (4), 227–235.
3. Besekar S. M., Jogdand S. D., Naqvi W. M. (2023). Fabry disease and its management: a literature analysis. Cureus 15 (4), e37048. 10.7759/cureus.37048.
4. Gjorgjievski N., Karanfilovski V., Nikolov I. (2023). Fabry disease–clinical review rare, but not so rare! Macedonian. J. Anaesth 7 UDK: 616-008.831-056.7.
5. Biegstraaten M, Arngrímsson R, Barbey F, Boks L, Cecchi F, Deegan PB, Feldt-Rasmussen U, Geberhiwot T, Germain DP, Hendriksz C, Hughes DA, Kantola I, Karabul N, Lavery C, Linthorst GE, Mehta A, van de Mheen E, Oliveira JP, Parini R, Ramaswami U, Rudnicki M, Serra A, Sommer C, Sunder-Plassmann G, Svarstad E, Sweeb A, Terryn W, Tylki-Szymanska A, Tøndel C, Vujkovac B, Weidemann F, Wijburg FA, Woolfson P, Hollak CE. Recommendations for initiation and cessation of enzyme replacement therapy in patients with Fabry disease: the European Fabry Working Group consensus document. Orphanet J Rare Dis. 2015 Mar 27;10:36. doi: 10.1186/s13023-015-0253-6. PMID: 25885911; PMCID: PMC4383065.

Упатството е изготвено од страна на Работна група за подготовка на Упатство за практикување на медицина базирана на докази за третман на пацентите со ретка болест – Болест на Фабри, формирана од Министер за здравство со Решение бр. 10-2431/1 од 21.02.2025 година, во состав: Д-р Игор Николов од ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје, Д-р Никола Ѓорѓиевски од ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје и Д-р Влатко Каранфиловски од ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија Скопје.

**4117.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), министерот за здравство донесе

**У П А Т С Т В О**

**ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО АТИПИЧЕН ХЕМОЛИТИЧЕН УРЕМИЧЕН СИНДРОМ (аХУС)**

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со атипичен хемолитичен уремичен синдром.

Член 2

Начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со атипичен хемолитичен уремичен синдром е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за дијагностицирање, третман и следење на пациентите со атипичен хемолитичен уремичен синдром по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-8920/3
8 октомври 2025 година
Скопје

Министер за здравство
**Азир Алиу**, с.р.

Прилог

**ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО АТИПИЧЕН ХЕМОЛИТИЧЕН УРЕМИЧЕН СИНДРОМ (аХУС)**

1. Вовед
2. Дефиниција на атипичен хемолитичен синдром (аХУС)
3. Дијагноза на атипичен хемолитичен синдром (аХУС)
   3.1. Биолошки анализи за потврдување на клиничката дијагноза на атипичен хемолитичен синдром (аХУС)
   3.2. Анализа на фактори на комплемент кај атипичен хемолитичен синдром (аХУС)
   3.3. Генетска анализа кај атипичен хемолитичен синдром (аХУС)
4. Третман на атипичен хемолитичен синдром (аХУС)

## 1. ВОВЕД

Најголемите научни достигнувања за разјаснување на патофизологијата на атипичен хемолитичен уремиски синдром (аХУС) се постигнати во последните две децении односно после 2000 година.

Атипичен хемолитичен уремичен синдром (аХУС) е ретка и тешка форма на тромботична микроангиопатија (ТМА) која предоминантно ги зафаќа реналните крвни садови. Текот на болеста се карактеризира со релапси, така да и почетокот и релапсите се често тригерирани од гастроинтестинален или респораторен инфект или бременост.

Атипичен ХУС е предизвикан од дисрегулација на алтернативниот пат на комплементот, што резултира со ексесивна продукција на терминален комплементен комплекс C5b-C9 и субсеквентно ендотелиелно клеточно оштетувања. Денес постои попрецизна дефиниција на аХУС, термин наречен хемолитичен уремичен синдром без коегзистирачка болест. Генетската основа на аХУС продолжува да се расплетува и како пример, идентификуваните мутации во генот што кодира диацилглицерол киназа епсилон (DGKE) и на други ново откриени гени, сугерира дека постојат форми на аХУС независни од комплементот.

Кај 60% од пациентите со аХУС се докажуваат патогени мутации на регулаторните гени на комплементот, како што се гените за complement factor H (CFH), membrane cofactor protein (MCP) и C3. Дополнително кај околу 10% од пациентите, се докажуваат автоантитела насочени кон CFH.

Атипичен ХУС е асоциран со зголемен морталитет, кој што најмногу зависи од постоечката патогена мутација, повисок е кај децата отоколку кај адултните пациенти и може да се процени 2-4% кај адултни пациенти и 8-14% кај деца. Во отсуство на ефективен третман – инхибитор на комплемент, приближно 1/3 од педијатриските пациенти и 1/2 од возрасните пациенти со аХУС кои ја преживеале акутната фаза имаат потреба од дијализен третман односно завршуваат со терминална бубрежна инсуфициенција. Ризикот за појава на релапс на болеста после трансплантација на бубрег е висок, околу 50-80% со 5 годишно преживување на графт од 36% кај пациенти со релапс споредено со 70% кај пациенти без релапс.

Терапијата со плазмафереза или во некои случаи плазма инфузии, беше темелник на третманот на аХУС во раните 1990-ти. Со воведувањето на Eculizumab во 2011 година, започна нова ера за третман на пациенти со аХУС. Eculizumab е хуманизирано, химерично моноклонално антитело насочено против компонентата C5 на комплементот. Со блокирање на разградувањето на C5 на C5a и C5b и последователно создавање на комплексот C5b-C9, ендотелијалното оштетување е спречено. Од 2019 година е одобрен и нов долгоделувачки препарат препарат - Ravulizumab, кој исто така претставува блокатор на C5 факторот на комплемент.

Eculizumab и Ravulizumab се одобрени за употреба во Европската унија, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија за третман на педијатриски и возрасни пациенти со аХУС.

## 2. ДЕФИНИЦИЈА НА АТИПИЧЕН ХУС

Класификацијата на различните форми на тромботични микроангипатии (ТМА) се базира на етиолошка и патофизилошка основа (Слика 1).




**Слика 1.** Класификацијата на различните форми на тромботични микроангипатии (ТМА).

Тромботичната тромбоцитопенична пурпура (ТТР) може да биде предизвикана од тежок дефицит (<10%) на активноста на ADAMTS13 (A Disintegrin And Metalloproteinase with a ThromboSpondin type 1 motif, member 13) или поради вродено отсуство на функционален протеин или поради појава на стекнати анти ADAMTS13 антитела, кои бараат различни и специфични терапии. ТТР поврзана со дефицит на ADAMTS13 повеќе не треба да се класифицира како варијанта на аХУС, туку како диференцијална дијагноза што треба да се исклучи кај пациенти за кои постои сомневање дека имаат аХУС.

Слично на тоа, ХУС предизвикан од инфекција со ешерихија коли (STEC) што произведува шига токсин (Stx) и други специфични инфективни агенси мора да бидат исклучени пред да се дијагностицира аХУС. Сепак, до скоро, акронимот аХУС се користеше варијабилно за да се означи само ХУС без коегзистирачка болест/состојба или било кој ХУС кој не е поврзан со тежок ADAMTS13 дефицит или STEC инфекција. Моментално користената дефиниција се заснова на новите договори меѓу специјалистите по хематологија и нефрологија дека терминот аХУС треба да биде резервиран за пациенти со ХУС без коегзистирачка болест. Се уште нема јасна насока дали да се ограничи терминот аХУС само на случаи со дисрегулација на алтернативниот пат на комплементот како последица на генетски мутации на гените на комплементот и кај постоење на антителата кон комплемент фактор H (CFH).

## 3. ДИЈАГНОЗА НА АТИПИЧЕН ХУС

### 3.1 Биолошки анализи за потврдување на клиничката дијагноза на аХУС

Кај децата, клиничката презентација и основните лабораториски иследувања обично овозможуваат дијагноза на Streptococcus pneumoniae, STEC и кобаламин C (cblC) дефект-ХУС или на ТТР со добар степен на сигурност за да се започне адекватен третман.

За брзо мерење на ADAMTS13 постојат комерцијални китови кои овозможуваат исклучување на TTP како најважна диференцијална дијагноза. STEC инфекцијата секогаш треба да се исклучи што е можно поскоро кога постои сомневање за аХУС, користејќи копрокултура, фекална PCR или имунолошка анализа за шига токсин (Stx). Кај повеќе од една третина од децата со аХУС, дијареата/гастроентеритисот е очигледен тригер на почетокот на болеста. Почетното биолошко земање примероци кај секое дете со сомнителен аХУС, без оглед на нивната возраст, треба да вклучува и тестирање за дефект на кобаламин C (cblC). Случаите со аХУС кои се спасени со третман со хидроксокобаламин се чини дека се исто толку чести кај дефектите на cblC со доцен почеток како и кај неонаталните форми.

**3.2 Анализа на фактори на комплемент кај аХУС**

Шеесет до 70% од пациентите со аХУС носат познати мутации во гените на комплементот или анти-CFH антитела кои резултираат со губење на заштитата на ендотелните клетки и тромбоцитите од напад на комплементот односно со појава на тромботична микроагиопатија.

Повеќето пациенти со аХУС поради мутација на комплементот носат хетерозиготна мутација. Поради променливата пенетрација, само 20-30% од пациентите пријавиле семејна историја на ХУС. Докажано е дека хомозиготните хаплотипови (дефинирани со пет чести генетски варијанти кои се пренесуваат во блок) на CFH (CFH tgtgt) и мембрански кофакторски протеин (MCP) (MCP ggaac) се значително почести кај пациенти со аХУС отколку кај контролите. Иако нивната улога во степенот на пенетрација на болеста е веројатна, нивното влијание врз возраста на почетокот (педијатриски наспроти возрасен) не е докажано.

Некои варијанти на плазминоген и ADAMTS13 исто така може да имаат предиспонирачка улога. И на крај, 90-95 % од пациентите со анти-CFH антитела имаат целосен дефицит на CFH-related proteins 1 (CFHR1) и 3 (CFHR3), поради хомозиготна делеција на CFHR1-R3, полиморфизам што го носат 2-9 % од здрави луѓе кои се со потекло од Европа, 16% од Африка и ≤2% од Кина.

Мутации во генот што го кодира DGKE, протеин од семејството на липидни кинази, кој се експресира во ендотелот, тромбоцитите и подоцитите, се идентификувани во автосомно рецесивна форма на аХУС што се јавува во првата година од животот. Механизмот на аХУС е најверојатно поврзан со активирање на протеин киназа C поради губење на функцијата на DGKE, што доведува до создавање на протромботичните фактори и активирање на тромбоцитите.

Нормалните нивоа на C3, C4, CFH и CFI во плазмата не ја исклучуваат дијагнозата комплемент зависен ХУС. Исто така намаленото ниво на C3 може да се забележи во акутната фаза на STEC-HUS и кај S. pneumoniae-HUS. Само 30-40 % од пациентите со аХУС имаат намалени нивоа на C3. Нормална концентрација на C4 во плазмата во присуство на намалено ниво на C3 сугерира активирање на алтернативнот пат на комплементот, како и намалена концентрација на фактор Б (CFB). Намалени нивоа на CFH или CFI во плазмата се забележани кај приближно 50% и 30 % од пациентите со мутиран CFH или CFI. Затоа, нормалното ниво на CFH или CFI во плазмата не исклучува мутација во соодветниот ген.

Објавените податоци сугерираат дека нивоата на C5a и растворливиот C5b-9 комплекс (sC5b-9) се покачени во акутната фаза на аХУС и може да бидат биолошки маркери за да се разликува аХУС од TTP. Зголемените нивоа на C5a и sC5b-9 во плазмата се потврдени кај приближно половина од пациентите со аХУС за време на акутната фаза на болеста, а исто така и за време на ремисија, додека друга група пријавила нормализирање на нивото по ремисија.

Сите пациенти со сомнителен атипичен ХУС треба да се тестираат за анти-CFH антитела на примероци од крв собрани пред плазмаферезата или плазма инфузијата. Резултатите од анализата можат да бидат достапни брзо и

да ги водат одлуките за третман. Титрите на анти-CFH антитела во акутната фаза се 1.000-50.000 AU/ml (позитивен праг 100-150 AU/ml).

**3.3 Генетска анализа кај аХУС**

Генетската анализа иако е идеална таа не е достапна веднаш и затоа не може да информира за итни терапевтски одлуки. Мутации во 6 гени се поврзани со зголемена предиспозиција за аХУС - CFH, CFI, MCP, C3, CFB и THBD (тромбомодулин).

Анализата со секвенционирање (Next-generation sequencing) овозможува симултано проучување на сите потенцијално релевантни гени. Има потенцијал да го забрза дијагностичкиот процес и намалување на трошоците за генетска анализа. Поради малата пенетрација на болеста (само 50 % од членови на семејството кои ја носат истата мутација ќе манифестираат болест), генетски скрининг не се препорачува за браќа и сестри/членови на семејството на пациент со хетерозиготна мутација на комплементот. Исклучок претставува потребата за донирање на бубрег од жив донор и бременост.

Комбинирани мутации се пронајдени кај 3-6 % од пациентите со аХУС. MLPA методата се користи за откривање на хибридни CFH гени (5 % од пациентите) и варијации на бројот на копии во гените што ги кодираат CFH и протеините поврзани со CFH.

**Кај прва епизода на аХУС** треба да се започне со генетски скрининг откако ќе се потврди дека нема предизвикувачка болест, нема STEC инфекција, нема тежок дефицит на ADAMTS 13 и нема покачена хомоцистеинемија / метил-малонска ацидурија.

Генетски скрининг треба да се започне веднаш без одлагање и во овие состојби:

- Кај Релапс на ХУС
- Фамилијарна историја за ХУС
- ХУС во бременост/постпартум
- De novo ХУС пост-трансплантација
- Пред трансплантација на бубрег каде причина за терминална бубрежна инсуфициенција е аХУС

## 4. ТРЕТМАН НА АТИПИЧЕН ХЕМОЛИТИЧЕН УРЕМИЧЕН СИНДРОМ (аХУС)

**Третман од прва линија и кога треба да се започне кај деца со клиничка дијагноза на аХУС**

За деца со клиничка дијагноза на аХУС, се предлага блокада на комплемент (Eculizumab/Ravulizumab), како третман од прва линија, за да се избегнат компликациите од плазмафереза и од централните венски катетери. Во такви случаи, не е потребна потврда за мутација на комплементот пред почетокот на третманот. Врз основа на објавената литература, непотребното одложување на третманот може да влијае на крајното бубрежно закрепнување и да го зголеми ризикот од рана прогресија кон терминална бубрежна инсуфициенција.

Кога е тоа можно, третманот со блокада на комплемент треба да се започне во рок од 24-48 часа од почетокот на болеста или приемот на пациентот во болница (Табела 1 и 2). Ако оваа терапија не е (или не е веднаш) достапна тогаш плазмафереза треба да се започне како што е препорачано во упатството од 2009 година.

Бидејќи индикацијата за третман со блокада на комплементот не е ограничена на пациенти со аХУС кои имаат потврдена мутација на комплементот, овој третман е ефикасен и кај пациенти без мутација на комплементот, потребно е генетско тестирање за долгорочно водење на пациентите.

**Табела 1.** Дозирање на Eculizumab, стандардна терапија според EMA/FDA

| Weight category | Induction phase | Maintenance phase |
|---|---|---|
| Above 40 kg | 900 mg, every week, for 4 weeks | 1200 mg, in fifth week, every 14 days thereafter |
| 30 to <40 kg | 600 mg, every week, for 2 weeks | 900 mg, in third week, every 14 days thereafter |
| 20 to <30 kg | 600 mg every week, for 2 weeks | 600 mg, in third week, every 14 days thereafter |
| 10 to <20 kg | 300 mg once | 300 mg, in second week, every 14 days thereafter |
| 5 to <10 kg | 300 mg once | 300 mg, in second week, every 31 days thereafter |

Eculizumab has to be administrated intravenously

**Табела 2.** Дозирање на Ravulizumab, стандардна терапија според EMA/FDA

| Body Weight Range (kg) | Loading Dose (mg) | Maintenance Dose* (mg) | Dosing interval |
|---|---|---|---|
| ≥ 40 to < 60 | 2400 | 3000 | Every 8 weeks |
| ≥ 60 to < 100 | 2700 | 3300 | Every 8 weeks |
| ≥ 100 | 3000 | 3600 | Every 8 weeks |

* First maintenance dose is administered 2 weeks after loading dose

**Третман од прва линија и кога треба да се започне кај возрасни пациенти со клиничка дијагноза на аХУС**

Третманот на возрасни пациенти со аХУС зависи од клиничката слика, достапноста на терапијата и времето на поставување на точна дијагноза. Главниот фокус е брзо да се спречи тромботичната микроангиопатија (ТМА) и да се зачува бубрежната функција. Плазмаферезата го отстранува абнормалниот циркулирачки фактор (на пример автоантитела против фактор H) и овозможува замена со функционални регулаторни протеини од свежа замрзната плазма. Не ја решава директно причината (комплемент дисрегулација) за развој на аХУС, туку делува поддржувачки.

Плазмаферезата се користи како итен третман од прва линија, кога:

- нема веднаш достапен Eculizumab/Ravulizumab
- дијагнозата на аХУС сè уште не е потврдена и мора да се исклучат други форми на ТМА (на пр. ТТР)
- се чека резултат од ADAMTS13 активност (за исклучување на ТТР)
- во земји или установи каде Eculizumab / Ravulizumab не е достапен/одобрен.

Третманот со инхибитори на комплемент (Eculizumab/Ravulizumab) како третман од прва линија е индициран кога е поставена дијагноза на аХУС или има силно сомнение, со исклучена ТТР (т.е. нормална или >10% ADAMTS13 активност), Табела 3 и 4. Инхибиторите на комплементот ја блокираат активацијата на комплементот и спречуваат нови оштетувања и овозможуваат закрепнување на органите.

**Табела 3**. Дозирање и администрацијата на Eculizumab кај возрасни пациенти со аХУС:

| Фаза на терапија | Доза (mg) | Фреквенција | Начин на администрација |
|---|---|---|---|
| Индукција (почетен третман) | 900 mg | еднаш неделно<br>(првите 4 недели) | Интравенска инфузија<br>(прибл. 35 минути) |

| Фаза на терапија | Доза (mg) | Фреквенција | Начин на администрација |
|---|---|---|---|
| Одржување (од 5 недела) | 1200 mg | Секои 2 недели | Интравенска инфузија (прибл. 35 минути) |

**Табела 4.** Дозирање и администрацијата на Ravulizumab кај возрасни пациенти со аХУС:

| Телесна тежина | Почетна доза (ден 1) | Одржувачка доза (на 8 недели) |
|---|---|---|
| 40–59 кг | 2400 mg | 3000 mg |
| 60–99 кг | 2700 mg | 3300 mg |
| ≥100 кг | 3000 mg | 3600 mg |

Третманот со Ravulizumab започнува со почетна доза според телесната тежина, проследена со одржувачка терапија на секои 8 недели. Лекот се администрира интравенски преку инфузија во болнички услови.

**Третман на атипичен хемолитичен уремичен синдром (аХУС)**

- Започнување со плазмафереза во првите денови, додека се добиваат резултатите.
- Премин на Eculizumab/ Ravulizumab веднаш штом е достапен и се исклучи TTP
- Прекин на плазмаферезата откако ќе се започне со Eculizumab/Ravulizumab (инаку може да го отстрани лекот од циркулација).

**Табела 5.** Споредба на терапијата со плазмафереза со Eculizumab/ Ravulizumab

| Критериум | Плазмафереза | Eculizumab/ Ravulizumab |
|---|---|---|
| Цел на терапија | Поддршка, привремена | Таргетирање на основната причина (C5) |
| Почеток на дејство | Брз, но краткорочен | Брз и долготраен |
| Достапност | Пошироко достапна | Ограничена, скапа |
| Несакани ефекти | Алергии, инфекции, коагулопатии | Менингококна инфекција, главоболка |
| Ефективност за аХУС | Привремена | Висока |

**Табела 6.** Клинички протокол: менаџмент на ТМА со сомнение на аХУС

| Чекор | Опис / Акција | Забелешка |
|---|---|---|
| 1 | Примарна клиничка евалуација | - Хемолитична анемија, тромбоцитопенија, бубрежна дисфункција |
| 2 | Итни лабораторски анализи | - LDH, хаптоглобин, крвна слика, уреа/креатинин, билирубин<br>- Комплемент (C3, C4)<br>- ADAMTS13 активност (за исклучување на TTP) |
| 3 | Започни плазмафереза | - Секојдневно додека не се добие ADAMTS13<br>- Придружно: инфузија со плазма (10–15 ml/kg) |
| 4 | Ако ADAMTS13 >10% → сомнение на аХУС | - Прекин со плазмафереза |

| Чекор | Опис / Акција | Забелешка |
|---|---|---|
| 5 | Започни Eculizumab/ Ravulizumab | - Интравенска администрација на лекот<br>- Вакцинација против менингокок пред терапија |
| 6 | Следење | - Параметри на хемолиза, тромбоцити, креатинин<br>- Клиничка стабилизација и ремисија |

**Третман на аХУС поврзан со антитела кон CFH**

Кај оваа група на пациенти со антитела кон фактор H на комплемент се препорачува комбинирана терапија со плазмафереза и имуносупресија (орален преднизолон со циклофосфамид или ритуксимаб) за да се постигне намалување на нивото на антитела. Ова терапија води кон брза хематолошка ремисија и сигнификантно намалување на несакан исход. Третманот на одржување за да се одржи низок титар на антитела се спроведува со кортикостероиди и микофенолат мометил или азатиоприн. Постојат искуства за ефектвен третман и со блокада на комплемент кај оваа група на пациенти. Сепак, не се очекува блокадата на комплементот да го инхибира производството на анти - CFH антитела и спонтаното намалување на анти - CFH антителата е ретко. И на крај, блокада на комплемент, треба да се земе предвид во терапијата кај пациенти со акутно и витално оштетување на органите (мозок и срце).

**Слика 2**. Алгоритам за третман и водење на пациенти со антитела кон CFH




**Кој треба да биде третман од прва линија и кога треба да се започне кога презентацијата на клиничката слика е нецелосна или невообичаена или дијагнозата е неизвесна**

Некои деца со аХУС не ја прикажуваат целосната тријада на ХУС, бидејќи тие може и да не се тромбоцитопенични (15%) или анемични (6%) или можеби имаат зачувана бубрежна функција на почетокот (17%). Ретко, пациентите може да имаат тешка протеинурија и анемија без тромбоцитопенија или тешка хипертензија со или без хематолошки абнормалности или бубрежно оштетување. Биопсијата на бубрезите е

корисна за докажување на лезии на ТМА (тромби, задебелување на капиларните ѕидови со двојни контури). Понекогаш, клиничката диференцијација помеѓу STEC-HUS, TTP, cblC дефект-HUS и aHUS може да биде тешка, а првичниот третман ќе се потпира на проценката на клиничарот. Исто така до 30% од типичните/постдијареални случаи на ХУС останувaат недокажани со биолошки иследувања, во такви случаи, клиничката дијагноза на претпоставениот STEC-HUS наложува само супортивен третман.

Спротивно на тоа, третманот на TTP поврзан со антитела се заснова на плазмафереза + кортикостероиди ± ритуксимаб, а третманот на вродената TTP се состои од плазма инфузии 10 ml/kg што е доволно за да предизвика ремисија. Бидејќи се објавени случаи на TTP заедно со постоење на антитела кон CFH, затоа е индицирано скрининг за овие антиела особено во случите кога TTP не реагира на стандардниот третман.

**Блокада на комплемент кај пациенти на дијализа**

Третманот со блокада на комплемент е разумно да се земе предвид за пациенти на кои им е потребна дијализа и треба да се одржува најмалку 3-6 месеци пред да се заклучи дека нема корист од терапијата. Биопсијата на бубрегот може да биде корисна за одлука за започнување или одржување на оваа терапија кај пациенти на кои им е потребна дијализа приближно 3 месеци, според присуството на активни лезии на ТМА кои сугерираат почеток на терапијата или дифузни неповратни склеротични/фибротични исхемични лезии, за кои оваа терапија не се очекува да биде од помош.

**Траење на третман со блокада на комплемент**

Времетраењето на третманот е контроверзно и до денес, нема докази за поддршка на доживотна терапија кај сите пациенти со аХУС. Проспективните студии се клучни за да се проценат параметрите кои предвидуваат релапс и да се дефинира како генетиката, квалитетот на бубрежното закрепнување, возраста, присуството или отсуството на тригерирачки настан и биомаркерите поврзани со активирање на комплементот и/или повреда на ендотелијалните клетки би влијаеле на оваа одлука.

Најчеста сериозна несакана реакција на инхибиторите на комплементот (Eculizumab, Ravulizumab) е инфекција со Neisseria meningitidis. Пациентите треба да се вакцинираат против менингокок, вклучително и тип Б. Вакцинацијата не треба да го одложи почетокот на оваа терапија. Антибиотска профилакса за превенција на Neisseria meningitidis е задолжителна во текот на првите 2 недели после вакцинацијата, а во некои случаи се дава и подолго, со месеци. Други несакани ефекти на терапијата се: главоболка, инфекција на горни дишни патишта, замор, гадење.

**Трансплантација на бубрег кај атипичен ХУС**

Трансплантацијата на бубрег треба да се одложи најмалку до 6 месеци по почетокот на дијализата бидејќи може да дојде до одредено бубрежно закрепнување неколку месеци по започнувањето на терапија со инибитор на комплемент. Резолуцијата на хематолошките карактеристики на тромботична микроангиопатија како и на екстрареналните манифестации е предуслов за трансплантација. Одлуката да се користи инхибитор на комплемент после трансплантацијата треба да се заснова на ризикот од релапс на болеста прикажан на Слика 3.

**Слика 3.** Профилактички третман со инхибитор на комплемент после трансплантацијата на бубрег заснован на ризикот од релапс на болеста.

| Recurrence risk | Treatment regimen |
|---|---|
| **High risk (50-100%)**<br>• Previous early recurrence<br>• Pathogenic mutation[a]<br>• Gain-of-function mutation | Prophylactic eculizumab[b,c]<br>Note: Start on the day of transplantation due to potential for severe recurrence and limited recovery of function in renal grafts compared with native kidneys |
| **Moderate risk**<br>• No mutation identified<br>• Isolated *CFI* mutations<br>• Complement gene mutation of unknown significance<br>• Persistent low titer FH autoantibody | Prophylactic eculizumab or plasma exchange[d] |
| **Low risk (<10%)**<br>• Isolated *MCP* mutations<br>• Persistently negative FH autoantibodies | No prophylaxis |

Eculizumab / Ravulizumab значително го подобрува преживувањето и квалитетот на живот кај пациенти со аХУС. Ravulizumab претставува значителен напредок во третманот на аХУС. Со поретка администрација, Ravulizumab нуди практична предност и ефикасна долгорочна контрола на болеста.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Maga TK, Nishimura CJ, Weaver AE, Frees KL, Smith RJ (2010) Mutations in alternative pathway complement proteins in American patients with atypical hemolytic uremic syndrome. Hum Mutat 31:E1445–E1460
2. Fremeaux-Bacchi V, Fakhouri F, Garnier A, Bienaimé F, Dragon-Durey MA, Ngo S, Moulin B, Servais A, Provot F, Rostaing L, Burtey S, Niaudet P, Deschênes G, Lebranchu Y, Zuber J, Loirat C (2013) Genetics and outcome of atypical hemolytic uremic syndrome: a nationwide French series comparing children and adults. Clin J Am Soc Nephrol 8:554–562
3. Kavanagh D, Goodship TH, Richards A (2013) Atypical hemolytic remic syndrome. Semin Nephrol 33:508–530
4. Zuber J, Fakhouri F, Roumenina LT, Loirat C, Frémeaux-Bacchi V, French Study Group for aHUS/C3G (2012) Use of eculizumab for atypical haemolytic uraemic syndrome and C3 glomerulopathies. Nat Rev Nephrol 8:643–657
5. Reese JA, Muthurajah DS, Kremer Hovinga JA, Vesely SK, Terrell DR, George JN (2013) Children and adults with thrombotic thrombocytopenic purpura associated with severe, acquired Adamts13 deficiency: comparison of incidence, demographic and clinical features. Pediatr Blood Cancer 60:1676–1682
6. Sharma AP, Greenberg CR, Prasad AN, Prasad C (2007) Hemolytic uremic syndrome (HUS) secondary to cobalamin C (cblC) disorder. Pediatr Nephrol 22:2097–2103
7. Cornec-Le Gall E, Delmas Y, De Parscau L, Doucet L, Ogier H, Benoist JF, Fremeaux-Bacchi V, Le Meur Y (2013) Adult-onset eculizumab-resistant hemolytic uremic syndrome associated with cobalamin C deficiency. Am J Kidney Dis 63:119–123
8. Jodele S, Fukuda T, Vinks A, Mizuno K, Laskin BL, Goebel J, Dixon BP, Teusink A, Pluthero FG, Lu L, Licht C, Davies SM (2014) Eculizumab therapy in children with severe hematopoietic stem cell transplantation-associated thrombotic microangiopathy. Biol Blood Marrow Transplant 20:518–525
9. Szilágyi A,KissN, BereczkiC, TálosiG, RáczK, Túri S,GyörkeZ, Simon E, Horváth E, Kelen K, Reusz GS, Szabó AJ, Tulassay T, Prohászka Z (2013) The role of complement in Streptococcus pneumoniae-associated haemolytic uraemic syndrome. Nephrol Dial Transplant 28:2237–2245
10. Dragon-DureyMA, Sethi SK, Bagga A, Blanc C, Blouin J, Ranchin B, André JL, Takagi N, Cheong HI, Hari P, Le QuintrecM, Niaudet P, Loirat C, Fridman WH, Frémeaux-Bacchi V (2010) Clinical features of anti-factor H autoantibody-associated hemolytic uremic syndrome. J Am Soc Nephrol 21:2180–2187

11. Sinha A, Gulati A, Saini S, Blanc C, Gupta A, Gurjar BS, Saini H, Kotresh ST, Ali U, Bhatia D, Ohri A, Kumar M, Agarwal I, Gulati S, Anand K, Vijayakumar M, Sinha R, Sethi S, Salmona M, George A, Bal V, Singh G, Dinda AK, Hari P, Rath S, Dragon-Durey MA, Bagga A (2014) Prompt plasma exchanges and immunosuppressive treatment improves the outcomes of anti-factor H autoantibodyassociated hemolytic uremic syndrome in children. Kidney Int 85: 1151–1160
12. Loirat C, Fremeaux-Bacchi V (2014) Anti-factor H autoantibodyassociated haemolytic uremic syndrome: the earlier diagnosed and treated, the better. Kidney Int 85:1019–1022
13. Hofer J, Giner T, Józsi M (2014) Complement factor h-antibodyassociated hemolytic uremic syndrome: pathogenesis, clinical presentation, and treatment. Semin Thromb Hemost 40:431–443
14. Sánchez Chinchilla D, Pinto S, Hoppe B, Adragna M, Lopez L, Justa Roldan ML, Peña A, Lopez Trascasa M, Sánchez-Corral P, Rodríguez de Córdoba S (2014) Complement mutations in diacylglycerol kinase-ε-associated atypical hemolytic uremic syndrome. Clin J Am Soc Nephrol 9:1611–1619
15. Fremeaux-Bacchi V, Moulton EA, Kavanagh D, Dragon-Durey MA, Blouin J, Caudy A, Arzouk N, Cleper R, Francois M, Guest G, Pourrat J, Seligman R, Fridman WH, Loirat C, Atkinson JP (2006) Genetic and functional analyses of membrane cofactor protein (CD46) mutations in atypical hemolytic uremic syndrome. J Am Soc Nephrol 17:2017–2025
16. Bresin E, Rurali E, Caprioli J, Sanchez-Corral P, Fremeaux-Bacchi V, Rodriguez de Cordoba S, Pinto S, Goodship TH, Alberti M, Ribes D, Valoti E, Remuzzi G, Noris M, European Working Party on Complement Genetics in Renal Diseases (2013) Combined complement gene mutations in atypical hemolytic uremic syndrome influence clinical phenotype. J Am Soc Nephrol 24:475–486
17. Moore I, Strain L, Pappworth I, Kavanagh D, Barlow PN, Herbert AP, Schmidt CQ, Staniforth SJ, Holmes LV, Ward R, Morgan L, Goodship TH, Marchbank KJ (2010) Association of factor H autoantibodies with deletions of CFHR1, CFHR3, CFHR4, and with mutations in CFH, CFI, CD46, and C3 in patients with atypical hemolytic uremic syndrome. Blood 115:379–387
18. Zuber J, Le Quintrec M, Krid S, Bertoye C, Gueutin V, Lahoche A, Heyne N, Ardissino G, Chatelet V, Noël LH, HourmantM, Niaudet P, Frémeaux-Bacchi V, Rondeau E, Legendre C, Loirat C, French Study Group for Atypical HUS (2012) Eculizumab for atypical hemolytic uremic syndrome recurrence in renal transplantation. Am J Transplant 12:3337–3354
19. Fakhouri F, Schwotzer N, Frémeaux-Bacchi V. How I diagnose and treat atypical hemolytic uremic syndrome. *Blood*. 2023;141(9):984-995. doi:10.1182/blood.2022017860
20. Greenbaum LA, Fila M, Tsimaratos M, Ardissino G, Al-Akash SI, Evans J, Henning P, Lieberman KV, Maringhini S, Pape L, Rees L, Van De Kar N, Van De Walle J, Ogawa M, Bedrosian CL, Licht C (2013) Eculizumab inhibits thrombotic microangiopathy and improves renal function in pediatric atypical hemolytic uremic syndrome patients [Abstract]. J Am Soc Nephrol 24:821A–822A
21. Loirat C, Legendre CM, Ogawa M, Bedrosian CL, Kincaid J, Fakhouri F (2014) Safety and efficacy of eculizumab in adult aHUS patients, with or without a history of renal transplant [Abstract]. J Am Soc Nephrol 25:754
22. Rathbone J, Kaltenthaler E, Richards A, Tappenden P, Bessey A, Cantrell A (2013) A systematic review of eculizumab for atypical haemolytic uraemic syndrome (aHUS). BMJ Open 3:e003573
23. Vilalta R, Lara E, Madrid A, Chocron S, Muñoz M, Casquero A, Nieto J (2012) Long-term eculizumab improves clinical outcomes in atypical hemolytic uremic syndrome. Pediatr Nephrol 27:2323–2326
24. Zuber J, Le Quintrec M, Morris H, Frémeaux-Bacchi V, Loirat C, Legendre C (2013) Targeted strategies in the prevention and management of atypical HUS recurrence after kidney transplantation. Transplant Rev (Orlando) 27:117–125

26. Pelicano MB, de Córdoba SR, Diekmann F, Saiz M, Herrero S, Oppenheimer F, Campistol JM(2013) Anti-C5 as prophylactic therapy in atypical hemolytic uremic syndrome in living-related kidney transplantation. Transplantation 96:e26–e29
27. McKeage K. Ravulizumab: First Global Approval. *Drugs*. 2019;79(3):347-352. doi:10.1007/s40265-019-01068-2
28. Legendre C, Rebecca-Sberro-Soussan, Zuber J. Ravulizumab for the Treatment of aHUS in Adults: Improving Quality of Life. *Kidney Int Rep*. 2021;6(6):1489-1491. Published 2021 May 12. doi:10.1016/j.ekir.2021.04.036
29. Schaefer F, Al-Dakkak I, Anokhina K, Cohen D, Greenbaum LA, Ariceta G. Global aHUS Registry Analysis of Patients Switching to Ravulizumab From Eculizumab. *Kidney Int Rep*. 2024;9(9):2648-2656. Published 2024 Jun 20. doi:10.1016/j.ekir.2024.06.020
29. Tanaka K, Adams B, Aris AM, et al. The long-acting C5 inhibitor, ravulizumab, is efficacious and safe in pediatric patients with atypical hemolytic uremic syndrome previously treated with eculizumab [published correction appears in Pediatr Nephrol. 2021 Apr;36(4):1033. doi: 10.1007/s00467-020-04874-z]. *Pediatr Nephrol*. 2021;36(4):889-898. doi:10.1007/s00467-020-04774-2
30. Rondeau E, Scully M, Ariceta G, et al. The long-acting C5 inhibitor, Ravulizumab, is effective and safe in adult patients with atypical hemolytic uremic syndrome naïve to complement inhibitor treatment [published correction appears in Kidney Int. 2020 Dec;98(6):1621. doi: 10.1016/j.kint.2020.11.001] [published correction appears in Kidney Int. 2021 May;99(5):1244. doi: 10.1016/j.kint.2021.03.008]. *Kidney Int*. 2020;97(6):1287-1296. doi:10.1016/j.kint.2020.01.035
31. Brocklebank V, Walsh PR, Smith-Jackson K, et al. Atypical hemolytic uremic syndrome in the era of terminal complement inhibition: an observational cohort study. *Blood*. 2023;142(16):1371-1386. doi:10.1182/blood.2022018833
32. Loirat C, Fakhouri F, Ariceta G, et al. An international consensus approach to the management of atypical hemolytic uremic syndrome in children. *Pediatr Nephrol*. 2016;31(1):15-39. doi:10.1007/s00467-015-3076-8
33. Fakhouri F, Fila M, Hummel A, et al. Eculizumab discontinuation in children and adults with atypical hemolytic-uremic syndrome: a prospective multicenter study. *Blood*. 2021;137(18):2438-2449. doi:10.1182/blood.2020009280
34. Goodship TH, Cook HT, Fakhouri F, et al. Atypical hemolytic uremic syndrome and C3 glomerulopathy: conclusions from a "Kidney Disease: Improving Global Outcomes" (KDIGO) Controversies Conference. *Kidney Int*. 2017;91(3):539-551. doi:10.1016/j.kint.2016.10.005

Упатството е изготвено од страна на Стручна комисија за подготовка на Упатство за практикување на медицина базирана на докази за третман на пацентите со ретка болест – атипичен хемолитичен уремичен синдром (аХУС), формирана од Министер за здравство со Решение бр. 10-2440/1 од 21.02.2025 година, во состав: Д-р Павлина Цекова Видимлиски од ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија- Скопје, Д-р Нора Абази Емини од ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје и Д-р Јулија Ѓорѓиевска од ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје. Претставник од Министерство за здравство Д-р Марија Хаџи-Христовска.

**4118.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Министерот за здравство донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО АХОНДРОПЛАЗИЈА

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со ахондроплазија.

Член 2

Начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со ахондроплазија е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за дијагностицирање, третман и следење на пациентите со ахондроплазија по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во одделни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-8924/3
8 октомври 2025 година
Скопје

Министер за здравство
**Азир Алиу**, с.р.

## ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО АХОНДРОПЛАЗИЈА

1. Вовед
2. Дијагностички постапки наменети за докажување на болеста
3. Следење на пациентите со ахондроплазија
4. Препораки за лекување на пациентите со ахондроплазија
5. Следење на успешноста од терапијата

### 1. ВОВЕД

Ахондроплазијата е најчеста форма на скелетна дисплазија кај човекот. Спаѓа во групата на ретки болести со променлива честота од 1 на 15-25000 (1). Се наследува по автозомно доминантен начин со 100% пенетрантност при што погоденото лице може да ја пренесе состојбата на 50% од потомството. Сепак, 80% од сите пациенти имаат de novo мутација.

Обично состојбата се открива во тек на ултрасонографските прегледи во тек на бременоста или веднаш по раѓањето на детето.

Клиничката слика на пациентите се одликува со следните карактеристики:

- Значително низок диспропорционален раст – предоминантно ризомелично скратување на рацете и нозете кое е именувано како ризомелично. Во доенечкиот период диспропорционалниот раст не е толку забележлив. Диспропорционалноста во растот станува забележлива со тек на време. Со оглед на помалата должина на екстремитетите се чини дека има вишок на кожа на горниот дел на рацете и нозете.
- Макроцефалија - главата е обично поголема уште на раѓање и останува непроменета низ целиот живот. Тоа се одликува со варијабилен степен на протрузија на челото, назначени фронтални тубери, назначена голема фонтанела која останува отворена долго време по доенечкиот период - до шестата година од животот.
- Мал foramen magnum и стеноза на спиналниот канал што може да води до последователен хидроцефалус и дополнителни последици од неговото појавување.
- Мидфацијална ретрузија - хипоплазија на средишниот дел на лицето заради несоодветниот раст на базата на калваријата. Носот е седласт, краток при што ноздрвите се антевентрирани.
- Краток граден кош – тораксот има помал волумен, при што ребрата се кратки. Ова резултира во парадоксално дишење при вдишувањето, што често лошо се толкува како респираторен дистрес.
- Тораколумбална кифоза која настанува во доенечкиот период, но не е присутна при раѓањето. Степенот на кифозата значително се зголемува во тек на животот.
- Лумбална хиперлордоза – започнува да се манифестира кога детето ќе почне да оди
- Ограничена екстензија на лактите. За разлика од другите зглобови, лактите стануваат тешко подвижни со тек на годините
- Брахидактилија со специфична поставеност во вид на трозабец
- Хипермобилни колкови и колена
- Искривување на средишниот дел на нозете кој настанува во детството, со прогресија во тек на животот сè додека детето расте.
- Хипотонија – најголем дел од доенчињата со ахондроплазија се хипотонични, што во комбинација со хипереластичноста на зглобовите ги прави млитави – “floppy”.

Постојат специјално изготвени криви за раст кај децата со ахондроплазија. Висината на пациентите достигнува до 130 цм кај возрасен маж (со варијации од 120-145цм) и 125 цм кај жените (со варијации од 115-137 цм), што е околу 6-7 стандардни девијации помалку од просечната висина.



Слика 1. Сооднос меѓу просечната висина кај нормални лица (сива зона) и лица со ахондроплазија (според Jacobs,7)

## 2. ДИЈАГНОСТИЧКИ ПОСТАПКИ НАМЕНЕТИ ЗА ДОКАЖУВАЊЕ НА БОЛЕСТА

Освен клиничката презентација, методи кои се употребуваат за докажување на болеста се:

**2а. Рентгенографија**

Ахондроплазијата спаѓа во групата на т.н. метафизна скелетна дисплазија. Освен клиничката презентација, основна дијагностичка метода за поставување на дијагнозата е рентгенграфија на скелетот. Докажувањето на ахондроплазијата опфаќа повеќе рентгенолошки елементи:

- ✓ голема калварија со тесен foramen magnum и широка фонтанела кај деца
- ✓ кратки, робустни тубуларни коски со проширени метафизи
- ✓ широки илијачни крила
- ✓ рамни хоризонтални ацетабулуми
- ✓ значително скратување на сакроишијадичниот засек
- ✓ карактеристична проксимална феморална радиолуценција
- ✓ стеснување на интерпедикуларното растојание на каудалниот дел од рбетот
- ✓ кратки проксимални и средни фаланги на прстите

**2б. Генетска анализа**

Мутации на генот FGFR3 на хромозомот 4p16 е основна причина за појава на болеста. Фибробласт факторите на раст се сигнални молекули кои овозможуваат нормален раст на коските и ткивата во тек на ембрионалниот период, додека во постнаталниот период имаат улога во одржување на хомеостазата и овозможуваат регенерација на ткивата. Генот FGFR3 кодира протеин наречен fibroblast growth factor receptor 3, кој овозможува продукција

на колагенот и други структурни компоненти на ткивата и коските. При негова мутација несоодветно е производството и созревањето на коската, при што рскавицата не се трансформира соодветно во коскено ткиво. Се работи за активирачка мутација на рецепторот каде прекумерната активација ја инхибира пролиферацијата на хондроцитите и ја намалува должината на растот на коската. Најчестата мутација која предизвикува ахондроплазија е missense мутација G>A или G>C на нуклеотидот 1138 што овозможува формирање на водородни врски меѓу две молекули на аргининот и создавање на лиганд-независна стабилизација на FGFR3 димерите. Најчесто мутацијата настанува de novo, но може да биде наследена од еден од родителите. Носителот на мутацијата може да ја пренесе мутацијата на 50% од своето потомство. На сличен начин се докажува и хипохондроплазијата-автозомно доминантна мутација на истиот ген, на друга позиција во генот кој предизвикува полесна клиничка презентација. Постои големо клиничко и радиографско поклопување меѓу ахондроплазијата и хипохондроплазијата.
Мутациите на FGFR3 генот се откриваат со употреба на секвенционирање на генот.
Диференцијално дијагностички доаѓаат во предвид и многу други скелетни дисплазии кога е потребно да се направи поширок генетски панел за скелетни дисплазии.

## 3. СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО АХОНДРОПЛАЗИЈА

Должината на животот кај пациенти со ахондроплазија е генерално десетина години помал од нормални лица. Може да настане брза смрт, најчесто кај деца до 4 години заради хипотонијата, наглата појава на хидроцефалус, чести долно-респираторни инфекции, хируршки интервенции на рбетот и екстремитетите, додека кај возрасни пациенти смртта настанува заради кардиоваскуларна инсуфициенција.
Следењето на пациентите со ахондроплазија ги опфаќа следните елементи:

**А) Мониторирање на растот:**
Иако должината при раѓање може да биде нормална, бавниот линеарен раст е евидентен потоа. Умерен до истакнат низок раст е присутен кај сите засегнати лица. Рутинското мерење на растот е одлична, неспецифична индикација на општата благосостојба на децата.
Следењето на растот и пропорцијата тело/екстремитети на децата со ахондроплазија во првата година се одвива еднаш на 3 месеци, а потоа два пати годишно. По потреба се реализираат и дополнителни прегледи. Се применуваат адаптирани криви за раст според Hoover-Fong. Висината на пациентите со ахондроплазија може да варира во однос на генетската поставеност и висината на родителите (повисоки родители укажуваат на повисока висина на детето во однос на другите деца со ахондроплазија). Обично децата со ахондроплазија не покажуваат зголемена брзина на растот во тек на пубертетот.
Терапијата со нискиот раст се состоела од примена на хормон за раст, хируршки интервенции на екстремитетите со цел продолжување на истите, но биле со ограничен или никаков ефект. Честопати ваквите процедури се долготрајни и даваат несакани ефекти (дополнително искривување на екстремитетите, osteomielitis и сл.
Мешу најновите лекови кои се одобрени од страна на FDA и EMA е лекот Vosoritide, кој даден соодветно и порано овозможува оптимален раст кај детето (дел 4).
Освен гореспоменатиот лек, кај децата често е потребна и психолошка поддршка, особено во пубертетскиот и адолесцентниот период.

**Б) Следење на дебелината:** Студиите покажуваат дека пациентите со ахондроплазија развиваат ран дебелината уште од пубертетскиот и адолесцентниот период. Спречувањето на појавата, а потоа и лекувањето на дебелината и последиците од зголемената телесна тежина (хиперлипидемија, шеќерна болест, кардиоваскуларни болести), опфаќа голем број хигиено-диететски мерки, а понекогаш бара и медикаментозна интервенција). Студиите

покажуваат дека на пациентите со ахондроплазија им треба околу 2/3 од нормалната количина на храна според возраста.

**В) невролошката проценка опфаќа повеќе елементи:**
- **Проценка на развојот** – когнитивната функција на пациентите со ахондроплазија е обично нормална, но има случаи каде има одреден степен на доцнење, претежно на моторниот развој. Ова се должи на постоечката хипотонија, ризомеличното скратување на екстремитетите, ограничената подвижност на лактите, степенот на лабавост на лигаментите и слично. Физикалната терапија се применува по препораките на невролог и физијатар со цел да се зајакне мускуло-скелетниот систем.
Некои од децата имаат и доцнење во говорот. Причината за оваа состојба се уште се истражува, но проверката на слухот и можното оштетување на слухот е потребно да се испита како дел од рутинскиот преглед на децата.
- **Хидроцефалус** – децата со ахондроплазија имаат макроцефалија – зголемен обем на главата во однос на нормалните криви за обем на глава, како и во однос на пропорциите на телото. Следењето на обемот на глава овозможува брзо откривање на зголемената брзина на раст на черепот. Појавата на знаците за хидроцефалус (повраќање, зголемен интракранијален притисок) во детската возраст може да бидат скриени заради широко отворената фонтанела. При прегледот неопходно е да се разграничи постоење на макроцефалија и хидроцефалус, бидејќи решавањето на хидроцефалус бара брза интервенција. Хидроцефалусот настанува заради постоење на мал форамен магнум и несоодветен транспорт на цереброспиналниот ликвор. Околу 10% од децата имаат потреба од поставување на Пуденс валвула со цел олеснување на интрацеребралниот притисок.
- **Тесен цервикокранијален спој** – еден од најтешките невролошки последици од состојбата на ахондроплазија. Некои доенчиња со ахондроплазија умираат во првата година од животот од компликации поврзани со краниоцервикалниот спој;
Клиничките студии укажуваат дека ризикот од смртен исход може да биде висок до 7,5% без соодветна интервенција. Малиот форамен магнум се должи на несоодветното создавање на рскавицата на базата на мозокот. Брзата смрт кај доенчињата се должи на притисок на рбетниот мозок предизвикана од стенозата на цервикокранијалниот спој или компресија на вертебралните артерии во близина на спојот. Начин на докажување на критичното стеснување е со помош на клинички преглед (хиперрефлексија или клонус на долните екстремитети, централна хипопнеја демонстрирана со полисомнографија) и магнетна резонанца (намалена големина на форамен магнум).
Потребата од субокципитална декомпресија и стабилизација на краниоцервикалниот спој е предмет на договор со неврохирург.
-**Рестриктивна пулмонална болест-**
Заради малите димензии на тораксот, некои доенчиња развиваат рестриктивна пулмонална болест. Ова вклучува пардоксално дишење со вовлекување на интеркосталните простори и стернумот во тек на инспирација, а со тек на време и развој на pectus excavates. Намалени се и респираторните волумени иако белите дробови немаат помала димензија. Кај некој деца се развива состојба на хронична хипоксија, особено оние што живеат на повисока надморска висина. Неопходно е брзо следење на респираторен дистрес. Честа проверка на оксигенацијата (и во ретки состојби трахеостома) е неопходна за соодветен третман на респираторната дисфункција.
- **Sleep апнеа -** Опструктивната ноќна апнеја е честа кај постарите деца и кај возрасните. Настанува поради комбинација на ретрузија на средината на лицето што резултира со помала големина на дишните патишта, хипертрофија на лимфниот прстен, малација на дишните патишта и абнормална инервација на мускулатурата на дишните патишта. Клиничките знаци и симптоми на опструктивна ноќна апнеа се: тешко утринско будење, прекумерна дневна поспаност, респираторните паузи за време на спиењето, гласно 'рчење, слаба дневна концентрација, раздразливост, замор, депресија, мокрење во кревет и слично. По потреба се назначува полисомнографија и специфични апарати за совладување на апаратите.

**- Инфекции на средно уво -** е чест проблем и нивно несоодветно третирање доведува до кондуктивен губиток на слух.
- **Ортопедски проблеми** – искривување на подколениците, кифоза, спинална стеноза, лабавост на зглобови, дискоиден латерален менискус- се често потешкотии кај пациентите кои бараат ортопедски надзор.

## 4. ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РАСТОТ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО АХОНДРОПЛАЗИЈА

Една од најхендикепирачките карактеристики на децата со ахондроплазија е џуџестиот раст. Постојат повеке обиди да се обезбеди лекување на нискиот раст кај децата. Еден од нив е и лекот **Vosoritide**, кој е натриуретичен пептид кој делува на промоција на пролиферација на хондроцитите. Студиите докажале дека го зголемува линеарниот раст и обезбедува социјално прифатлива висина кај децата.
Лекот е одобрен за примената од страна на ЕМА и FDA за состојби на ахондроплазија и хипохондроплазија. Кај пациенти со ахондроплазија, генот FGFR3, кој го регулира растот, е трајно „вклучен". Ова го спречува нормалниот раст на коските, што доведува до коски кои се пократки од нормалните. Активната супстанција Vosorotide делува така што се врзува за рецепторот (цел) наречен натриуретичен пептиден рецептор тип Б (NPR-B), кој ја намалува активноста на FGFR3. Ова го стимулира растот на коските, а со тоа ги подобрува симптомите на болеста. Во студиите е докажано дека стапката на раст кај децата е статистички значително поголем во однос на групата на деца кои примале placebo.
Лекот бил одобрен најпрво за децата над 5 години, додека денес е одобрен за деца од 4 месеци и се смета дека и кај оваа возрасна група не покажува значителни негативни ефекти и е безбеден за примена. Најчестите несакани ефекти на овој лек (кои може да се појават кај повеќе од 1 од 10 луѓе) се реакции на местото на инјектирање (како што се оток, црвенило, чешање или болка), повраќање и намален крвен притисок.

**Индикации за користење на Vosoritide**:
- педијатриски пациенти со ахондроплазија на возраст од 4 месеци и постари со отворени епифизи.
- децата треба да имаат докажана мутација на FGFR3 генот

**Дозирање и администрација на лекот:**
Третманот со Vosoritide треба да биде иницирам и следен од соодветно квалификуван лекар кој се бави со справување на нарушувања на растот или скелетни дисплазии. Важно е да се иницира третманот кај децата што е можно помлади со цел поголем пораст во висина низ годините. Вообичаената доза е 15 µg/kg телесна тежина.

- Обезбедување на соодветен внес на храна и течности - 240-300 mL пред администрацијата на лекот.
- Препорачаната доза се базира на тежината на пациентот. Постојат 3 дозажни форми на лекот – 0,4мг, 0,56мг и 1,2мг. Се администрира субкутано еднаш дневно.
- Лекот се раствора според упатството пред употребата. Волуменот на инјектирање се заснова на телесната тежина на пациентот и неговата концентрација.
  За практичност во дозирањето на лекот се препорачува следново дозирање:

| Телесна тежина | Vosoritide 0,4mg | Vosoritide 0,56mg | Vosoritide 1,2mg |
|---|---|---|---|
| 10-11 | 0.30 ml | | |
| 12-16 | | 0.35 ml | |
| 17-21 | | 0.40 ml | |
| 22-32 | | 0.50 ml | |
| 33-43 | | | 0.25 ml |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 44-59 | | | 0.30 ml |
| 60-89 | | | 0.35 ml |
| ≥ 90 | | | 0.340 ml |

5. СЛЕДЕЊЕ НА УСПЕШНОСТА ОД ТЕРАПИЈАТА

- Растот на децата на кои им е препишан лекот треба редовно да се мониторираат од лекарот -специјалист. Мониторирањето на висината треба да биде спроведено со мерење на телесните параметри (висина и тежина) најмалку на 3 месечни интервали. Висината треба да се бележи во табеларен приказ, како и на крива за раст. Се очекува да се зголеми брзината на растот кај децата кои се лекувани со лекот. Исто така се очекува да се намалат ортопедските потешкотии, рестриктивната пулмонална болест, да се подобри телесната диспропорција на растот на екстремитетите
- Дозата на лекот се приспособува во зависност од тежината на детето
- Потребно е да се следи и тежината и при евентуално покачување да се превземат соодветни хигиено-диететски мерки
- Да се запишуваат и пријавуваат сите несакани ефекти од лекот кои се јавуваат кај пациентите (црвенило, оток на местото на апликација, низок крвен притисок, гадење, повраќање и сл). Истите треба да бидат пријавени во агенцијата за лекови- Малмед од страна на ординирачкиот доктор.

**Пропуштена доза**

Ако се пропушти доза на Vosoritide, може да се администрира во рок од 12 часа. Ако поминале повеќе од 12 часа од почетната шема на дозирање, пропуштената доза НЕ треба да се администрира. Пациентите/негувателите треба да се советуваат да продолжат со следната закажана доза следниот ден.

**Прекинување со третманот со лекот Vosoritide се прави во следните ситуации:**

Лекот трајно се прекинува ако брзината на растот е помала од 1,5 цм годишно и епифизите се затворени.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Ornitz DM, Legeai-Mallet L. Achondroplasia: Development, pathogenesis, and therapy. Dev Dyn. 2017 Apr;246(4):291-309. doi: 10.1002/dvdy.24479. Epub 2017 Mar 2. PMID: 27987249; PMCID: PMC5354942.
2. Horton WA, Rotter JI, Rimoin DL, Scott CI, Hall JG. Standard growth curves for achondroplasia. J Pediatr. 1978;93:435–8.
3. Shelmerdine SC, Brittain H, Arthurs OJ, Calder AD. Achondroplasia: really rhizomelic? Am J Med Genet A. 2016;170:2039–43.
4. Hunter AGW, Reid CS, Pauli RM, Scott CI. Standard curves of chest circumference in achondroplasia and the relationship of chest circumference to respiratory problems. Am J Med Genet. 1995;62:91–7.
5. Pauli RM, Breed A, Horton VK, Glinski LP, Reiser CA. Prevention of fixed, angular kyphosis in achondroplasia. J Pediatr Orthop. 1997;17:726–33.
6. Reynolds KK, Modaff P, Pauli RM. Absence of correlation between infantile hypotonia and foramen magnum size in achondroplasia. Am J Med Genet. 2001;101:40–5.
7. Jacobs; Clinton: Growth references from conception to adulthood. Greenwood Genetics Center. 1988.
8. Hoover-Fong JE, McGready J, Schulze KJ, Barnes H, Scott CI. Weight for age charts for children with achondroplasia. Am J Med Genet A. 2007 Oct 1;143A(19):2227-35

9. Savarirayan R, Tofts L, Irving M, Wilcox WR, Bacino CA, Hoover-Fong J, Ullot Font R, Harmatz P, Rutsch F, Bober MB, Polgreen LE, Ginebreda I, Mohnike K, Charrow J, Hoernschemeyer D, Ozono K, Alanay Y, Arundel P, Kotani Y, Yasui N, White KK, Saal HM, Leiva-Gea A, Luna-González F, Mochizuki H, Basel D, Porco DM, Jayaram K, Fisheleva E, Huntsman-Labed A, Day JRS. Safe and persistent growth-promoting effects of vosoritide in children with achondroplasia: 2-year results from an open-label, Phase 3 extension study. Genet Med. 2021;23:2443–7.
10. Chan ML, Qi Y, Larimore K, Cherukuri A, Seid L, Jayaram K, Jeha G, Fisheleva E, Day J, Hunsman-Labed A, Savarirayan R, Irving M, Bacino CA, Hoover-Fong J, Ozono K, Mohnike K, Wilcox WR, Horton WA, Henshaw J. Pharmacokinetics and exposure-response of vosoritide in children with achondroplasia. Clin Pharmacokinet. 2022;61:263–80
11. ema.europa.eu/medicines/human/orphan-designations/EU3121094
12. https://www.accessdata.fda.gov/scripts/opdlisting/oopd/detailedIndex.cfm?cfgridkey=386012
13. Prescribing information, Biomarine

Упатството е изготвено од страна на Работна група формирана од Министер за здравство со Решение бр. 10-8472/1 од 13.10.2023 година, во состав: Д-р Елена Шукарова од Универзитетска клиника за детски болести Скопје, Д-р Александра Јанчевска од Универзитетска клиника за детски болести Скопје, Д-р Сузана Маневска од Министерство за здравство, Д-р Марија Хаџи-Христовска од Министерство за здравство и Д-р Ирена Јурук од Фонд за здравствено осигурување на РСМ.

**4119.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), министерот за здравство донесе

**У П А Т С Т В О**

**ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО ЗАБОЛУВАЊА НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА БАКАР (БОЛЕСТ НА WILSON)**

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со заболувања на метаболизмот на бакар (Болест на Wilson).

Член 2

Начинот на дијагностицирање, третман и следење на пациентите со заболувања на метаболизмот на бакар (Болест на Wilson) е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за дијагностицирање, третман и следење на пациентите со заболувања на метаболизмот на бакар (Болест на Wilson) по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-9104/3
8 октомври 2025 година
Скопје

Министер за здравство
**Азир Алиу**, с.р.

Прилог

**ДИЈАГНОЗА, ТРЕТМАН И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО ЗАБОЛУВАЊА НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА БАКАР (БОЛЕСТ НА WILSON)**

1. Вовед
2. Клинички спектар на болеста
3. Дијагностичко тестирање
4. Третман – општи принципи
5. Третман – достапни лекови
   - Д-пенициламин
   - Триентин
   - Цинк
6. Исхрана
7. Следење на третманот
8. Неуспех на третманот
9. Третман во специфични клинички ситуации

## 1. ВОВЕД

Бакарот е есенцијален метал потребен за многу функции на металпротеините. Дел од консумираниот бакар (просечно 2-5 mg/ден) се апсорбира од ентероцитите во дуоденумот и проксималниот дел од тенкото црево за да се обезбеди препорачаната доза од 0,9 mg/ден. Апсорбираниот бакар се транспортира во порталната циркулација и главно во асоцијација со албумин се отстранува од црниот дроб. Хепатоцитите го користат бакарот за метаболички потреби, го инкорпорираат бакарот во церулоплазминот и го транспортираат вишокот бакар во жолчката. Најголемиот дел од вишокот на бакар се излачува преку билијарниот систем во изметот, а само мала количина се излачува преку бубрезите. Нарушено билијарно излачување на бакар доведува до задржување на бакар во црниот дроб.

Вилсоновата болест (ВБ) - хепатолентикуларна дегенерација за прв пат беше опишана во 1912 година од страна на неврологот Киниер Вилсон како „прогресивна лентикуларна дегенерација“ фамилијарна, смртоносна невролошка болест придружена со цироза. Последователно беше утврдена улогата на бакарот во нејзината патогенеза и автосомно рецесивниот модел на наследување. Следеше локализација на хромозомот 13, на генот ATP7B (аденозин трифосфатаза [ATPase] бакар транспортер бета) поврзан со ВБ кој беше идентификуван за кодирање на метал-транспортирачка P-тип ATP-аза, ATP7B, пронајден главно во хепатоцитите. ATP7B го олеснува интрацелуларниот трансмембрански транспорт на бакар. Отсуството или нарушената функција на ATP7B ја намалува жолчната екскреција на бакарот, што резултира со акумулација на токсичен бакар. Доколку го надмине капацитетот за складирање, хепаталниот бакар се ослободува во крвотокот и се таложи во други органи, особено мозокот, бубрезите и рожницата. Губењето на функционалниот ATP7B исто така ја намалува инкорпорацијата на хепатоцелуларниот бакар во церулоплазмин. Добиениот апоцерулоплазмин има пократок циркулирачки полуживот, предизвикувајќи пониски нивоа на циркулирачкиот церулоплазмин.

ВБ се јавува ширум светот со проценета преваленца на приближно 30 на милион население, но поновите податоци укажуваат на поголема преваленца. Возраста на поставување на дијагнозата се движи од детството до доцна во животот. Болеста може клинички да се презентира како болест на црниот дроб, прогресивно невролошко нарушување (хепатална дисфункција е помалку очигледна или повремено отсутна), психијатриска болест или како комбинација од нив. Вилсоновата болест почесто се манифестира со изолирано заболување на црниот дроб кај децата и помладите возрасни лица. Возраста на презентација за симптоматска ВБ е и кај помлади и кај постари: главно на возраст од 3-55 години. ВБ се повеќе се дијагностицира кај деца помали од 5 години и кај возрасни во

нивните рани 70-ти и 80-ти. Симптомите на која било возраст се често неспецифични. ВБ се дијагностицира преку биохемиски или генетски наоди кај асимптоматски лица. ВБ беше фатална пред воведувањето на медикаментозната терапија во раните 1950-ти. Одтогаш, третманот интензивно еволуираше.

## 2. КЛИНИЧКИ СПЕКТАР НА БОЛЕСТА

Клиничкиот спектар на Вилсоновата болест е широк. Педијатриските пациенти (помали од 18 години) често се јавуваат со исклучиво хепатална болест, но тоа варира ширум светот. Спротивно на нив, возрасните имаат хепатална болест со или без истовремена невропсихијатриска болест. Широкиот спектар на заболувања на црниот дроб кој се движи од асимптоматски до цироза и акутна хепатална инсуфициенција (ALF) - (Табела 1) кои бараат зголемено клиничко сомневање за дијагнозата.

Табела 1 - **Клинички манифестации кај Вилсонова болест**

| | |
|---|---|
| **Хепатални** | • Асимптоматска хепатомегалија<br>• Изолирана спленомегалија<br>• Постојано зголемена серумска аминотрансферазна активност (AST, ALT)<br>• Замастен црн дроб<br>• Акутен хепатитис, со различна тежина, вклучително и акутна оштета на црниот дроб, сличен на автоимун хепатитис<br>• Цироза - компензирана или декомпензирана<br>• Акутна црнодробна инсуфициенција |
| **Невролошки** | • Дизартрија<br>• Нарушувања на движењето (тремор, неволни движења)<br>• Псевдобулбарна парализа<br>• Лигавење, дисфагија<br>• Ригидна дистонија<br>• Дизавтономија<br>• Напади<br>• Нарушувања на сонот, несоница |
| **Психијатриски** | • Депресија<br>• Биполарно растројство/биполарен спектар<br>• Невротични однесувања<br>• Промени на личноста<br>• Психози |
| **Други системи** | • Око: Kayser–Fleischer-ов прстен, сончогледова катаракта<br>• Бубрежни абнормалности: аминоацидурија и нефролитијаза<br>• Скелетни абнормалности: предвремена остеопороза и артритис<br>• Кардиомиопатија, аритмии<br>• Панкреатитис<br>• Хипопаратироидизам<br>• Неплодност, повторени спонтани абортуси |

Кратенки: ALT - аланин аминотрансфераза; AST - аспартат аминотрансфераза

Скрининг на роднини од прво колено на пациенти со ВБ или други со абнормални тестови на црниот дроб може да ги идентификува засегнатите, но „асимптоматски“ индивидуи на кои им недостигаат клинички симптоми. Оштетувањето предизвикано од таложење на бакар може да биде веќе присутно во црниот дроб и во другите органи и кај асимптоматски пациенти. Нелекувани, пациентите кои се асимптоматски со оштетување на органите обично напредуваат до симптоматска ВБ доколку не се лекуваат. Затоа, нивната навремена идентификација е неопходна. Кај некои пациенти кои се асимптоматски, може да се препознаат одредени симптоми на ВБ при систематски преглед.

Специфични случаи кога дијагнозата на ВБ треба да се земе предвид вклучуваат пациенти со ALF, особено кога е присутна неимуна хемолитична анемија или автоимун хепатитис (AIH). Пациенти со ALF поради Вилсоновата болест често прикажуваат карактеристичен спектар на наоди: акутна интраваскуларна хемолиза, тешка коагулопатија, релативно умерени покачувања на серумските аминотрансферази, нормална или субнормална серумска алкална фосфатаза и прогресија до бубрежна инсуфициенција. Разликувањето на Вилсоновата болест од AIH може да биде тешко. Сите педијатриски пациенти кои презентираат клиничка слика на AIH и возрасни со атипичен AIH или слаб одговор на стандардна терапија со кортикостероиди треба да се испитаат за ВБ. ВБ треба да се земе предвид во диференцијалната дијагноза на пациенти кои презентираат клинички или хистопатолошки карактеристики на неалкохолна масна болест на црниот дроб (NAFLD). Имено, децата може да имаат екстензивна макровезикуларна стеатоза без изразено хепатално воспаление кај било кое нарушување. Ацерулоплазминемија, мултирезистентен протеин 3 (MDR3) дефицит и одредени вродени нарушувања на гликозилацијата може да личат на Вилсонова болест. Неколку ретки педијатриски нарушувања имитираат ВБ и заслужуваат конкретно разгледување кај пациенти кои манифестираат абнормалности на метаболизмот на бакар, но не одговараат на клиничките и генетските критериуми за ВБ (Табела 2).

Табела 2 - **Ретки генетски болести кои наликуваат на Вилсонова болест**

| Нарушување | Ген | Серумски церулоплазмин | Хепатален Cu | 24h Cu во урина | Можни механизми | Тип |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ацерулоплазминемија | CP | Отсутен | Нормален;↑ Fe | Нормално | Нема производство на церулоплазмин | Клинички |
| Дефицит на MDR3 | ABCB4 | Нормален | | Може да биде ↑ | Задржување на бакар поради холестаза | Клинички |
| MEDNIK синдром e | AP1S1 | Многу низок | Може да биде↑ | ↑(2,5 µmol /24ч) | Производство на протеин | Механички |
| Mn задржување–1c | SLC30A10 | Нормално | Лесно↑ | ?? | Абнормалност на хепатална екскреција на Mn | Механички |
| Mn задржување–2c | SLC39A14 | Не е пријавена | | | Абнормалност на хепатална апсорпција на Mn | Механички |
| Niemann-Pick тип C d | NPC1,NPC2 | Ниско или лесно ниско | Благо↑(помеѓу 100 и 250 µg/g сува тежина) | Нормална | Неисправна интеракција со ATP7B | Механички |
| PGM1–CDG | PGM1 | Ниско | Благо↑(помеѓу 50 и 250 µg/g сува тежина) | Нормална | Голџи дисфункција | Клинички, Механички |
| CCDC115–CGDe | CCDC115 | Ниско или многу ниско | Лесно↑ | Нормално или благо↑ | Абнормалност во патот на производство на протеини што влијае на функцијата на ATP7B (Голџи дисфункција) | Клинички, Механички |
| TMEM119–CDGe | TMEM199 | Ниско | Не е пријавено | Нормално или благо↑ | Голџи дисфункција | Клинички, Механички |

Кратенки (освен „Ген“, колона 2): CDG, вродено нарушување на гликозилацијата; Cu, бакар; Fe, железо; МЕДНИК, интелектуална (Ментална) попреченост, ентеропатија, глувост, невропатија, ихтиоза, кератодермија; Mn, манган;
PGM1, фосфоглукомутаза 1; ВБ, Вилсонова болест.
Кратенки за гени (колона 2): ABCB4, ATP-врзувачки касети подфамилија Б член 4; AP1B1, протеински комплекс поврзан со адаптер 1 подединица бета 1; AP1S1, протеински комплекс поврзан со адаптер 1 подединица сигма 1; ATP7B, ATPаза бета транспортирање на бакар; CCDC115, домен со намотан-серпентина што содржи 115; CP, церулоплазмин; NPC1, NPC интрацелуларен транспортер на холестерол 1; NPC2, NPC интрацелуларен транспортер на холестерол 2; SLC30A10, фамилија на носители на растворени материи 30 член 10; SLC39A14, семејство на носители на растворени материи 39 член 14; TMEM119, трансмембрански протеин 119.
a Видете го текстот за дефиниција на типот.
b MEDNIK синдромот покажува многу низок серумски церулоплазмин, покачена базална 24-часовна уринарна екскреција на бакар и хепатално задржување на бакар; невролошките карактеристики се атипични за Вилсонова болест, вклучувајќи тешка интелектуална (ментална) попреченост, глувост и периферна невропатија. Слично нарушување поврзано со мутации во AP1B1 има низок серумски бакар и церулоплазмин, но нема евидентно хепатално оштетување.
c Двете нарушувања на транспортот на манган може да се манифестираат во детството со паркинсонско нарушување на движењето; нарушувањето SCL30A10 може да има и хепатално зафаќање (замастен црн дроб, цироза); наодите од МНР на мозокот се разликуваат од Вилсонова болест.
d Клиничките наоди кај Niemann-Pick тип C се главно невролошки; серумскиот церулоплазмин може да биде субнормален.
e Клиничките наоди може да вклучуваат невролошко нарушување и дислипидемија. Во PGM1-CDG, клиничките карактеристики се јасно различни од Вилсонова болест.

### Невролошки манифестации

Невролошките манифестации на ВБ се исклучително променливи, главно како одраз на оштетување на централниот нервен систем. Невролошките симптоми (Табела 3) вклучувајќи неволни движења, тремор, дистонична насмевка и дизартрија, се должат на инволвираност на екстрапирамидалниот, пирамидалниот тракт и малиот мозок. Експертската евалуација е пожелна. Повеќето пациенти со невролошка ВБ исто така имаат основна хепатална болест, иако не сите имаат цироза. Психијатриските симптоми често ја придружуваат невролошката ВБ.

Табела 3 - **Невролошки симптоми при презентација на Вилсонова болест**

| Невролошки манифестации на почеток | % од пациентите | Третмани |
|---|---|---|
| Дизартрија | 46–97 | Говорна терапија |
| Абнормалности во одењето/атаксија/цереберална | 28-75 | Физикална терапија, помошен уред |
| Дистонија | 38–69 | Трихексифенидил, ботулински токсин (за фокални симптоми), клоназепам |
| Паркинсонизам | 12–58 | Карбидопа/леводопа, допамински агонист |
| Постурален тремор | 55 | Примидон, пропранолол, клоназепам |
| Дисфагија | 50 | Терапија со голтање, згуснувачи |
| Хореа/атетоза | 6–30 | Невролептици, VMAT2 инхибитори |
| Напади | 6–28 | Антиконвулзиви |
| Тремор во одмор | 4 | Карбидопа/леводопа, допамински агонист |

Кратенка: VMAT2, везикуларен моноамински транспортер-2

**Психијатриски манифестации**

Психијатриските манифестации, кои се одраз на инволвираност на централниот нервен систем, вклучуваат депресија, биполарно растројство и повремено психоза, а промени во однесувањето и променливо расположение се честа појава. Психијатриски симптоми може да се појават иницијално или со други симптоми. Приближно две третини од пациентите имаат психијатриски симптоми на почеток на нивната болест со или без хепатални или невролошки манифестации. Просечното време помеѓу појава на психијатриски симптоми и дијагноза на ВБ е 2,4 години. Многумина со психијатриски карактеристики на ВБ имаат екстензивно оштетување на црниот дроб или цироза, но се асимптоматски. Најчести психијатриски нарушувања присутни кај возрасните се промени на расположението (депресивен или биполарен спектар), психотични нарушувања, нарушувања на спиењето и когнитивна дисфункција.

**Екстрахепатична засегнатост**

Офталмолошки карактеристики вклучуваат Kayser–Fleischer (KF) прстени, сончогледова катаракта и промени на корнеалниот нерв. Самоограничувачка хемолитична анемија може да се појави епизодично или заедно со ALF. И други екстрахепатални манифестации може да бидат присутни во моментот на дијагноза на ВБ. Бубрежните абнормалности често се манифестираат како Фанкони синдром; ендокрините проблеми вклучуваат хипопаратироидизам и панкреатитис, но се ретки. Може да се појави неплодност или повторени спонтани абортуси кај жени во репродуктивна возраст кај кои сè уште не е дијагностицирано дека имаат ВБ. Срцеви абнормалности (кардиомиопатија и аритмии) и мускулно-скелетни проблеми (остеопенија/ остеопороза) може да бидат присутни иницијално или да се развијат подоцна.

**Препораки 1–5**

***1.*** *Вилсонова болест треба да се земе предвид кај секој поединец со абнормалности на црниот дроб од непозната етиологија. Само возраста не треба да биде основа за елиминирање на дијагнозата на ВБ.*
***2.*** *ВБ мора да се исклучи кај секој пациент со необјаснето заболување на црниот дроб поврзано со невролошко или психијатриско нарушување. Проценката од невролог специјализиран за нарушувања на движењата може да биде неопходна. Психијатриската евалуација е од суштинско значење за секој пациент со ВБ што се манифестира со психијатриски или невропсихијатриски симптоми на ВБ.*
***3.*** *На ВБ треба да се посомнева кај секој пациент презентиран со ALF со неимуна хемолитична анемија, вклучително и акутна интраваскуларна хемолиза. Овие пациенти бараат итна евалуација за трансплантација на црн дроб.*
***4.*** *Евалуацијата за ВБ е неопходна кај пациентите кои имаат рекурентна самоограничувачка неимуна хемолиза.*
***5.*** *При клиничката презентација, ВБ може да вклучи и други органи и системи покрај црниот дроб и нервниот систем (како што се бубрезите, мускулно-скелетниот систме, срцето или ендокриниот систем).*

## 3. ДИЈАГНОСТИЧКО ТЕСТИРАЊЕ

Од првичните сознанија за ВБ, постигнат е дијагностички напредок кој овозможува евалуација и утврдување на дијагнозата кај лицата кај кои постои сомневање за ВБ, пред појавата и развојот невролошки симптоми. Основните дијаностички критериуми вклучуваат препознавање на KF прстен, идентификација на ниска серумска концентрација на церулоплазмин кај повеќето пациенти, откривање на црнодробно заболување преку биохемиски анализи, имицинг процедури и биопсија на црниот дроб за патохистолошка анализа и одредување на концентрација на бакар во ткиво од биоптичен материјал од црн дроб. Најново во развојот на дијагностичките процедури е генетската анализа со директно испитување на специфични за болеста ATP7B мутации, вклучително и секвенционирање на целиот геном.

Почетниот дијагностички пристап вклучува пребарување на семејна историја на ВБ, рана смрт кај некој член од семејството од црнодробна болест или ран почеток на невролошки нарушувања или психијатриска болест. Следен дијагностички пристап е физикален преглед кој утврдува знаци за црнодробно заболување или невролошко заболување, а потоа биохемиски анализи за утвдување на црнодробната функција, проследено со специфични анализи поврзани со метаболизмот на бакар. Офталмолошки преглед за KF прстен треба да се изведе со слит ламба или оптичка кохерентна томографија на предниот сегмент кој претставува метод на снимање на рожницата што лесно ги открива и може да ги измери различните абнормалности на предниот сегмент на окото.

Лабораториските тестови се состојат во клиничко биохемиски анализи за утврдување на функцијата на црниот дроб, крвна слика и тестови на коагулација на крвта за проценка на црнодробното зболување. Специфичните тестовите за метаболизмот на бакар специфични за ВБ вклучуваат: серумски церулоплазмин, концентрација на бакар во серум, базална 24-часовна уринарна екскреција на бакар и биопсија на црниот дроб за хистологија, хистохемија и квантифицирање на бакарот во биоптичниот материјал. Генетското тестирање за ATP7B мутации може да се употреби како иницијален тест ако постои високо сомнение поставено од претходно релизраните тестирања или ако се користи за семеен скрининг каде што има две мутации специфични за болеста, по еден на секој алел, кои се идентификувани кај испитаникот.

**Серумски церулоплазмин**

Резултатите од тестовите поврзани со метаболизмот на бакар, релевантни за ВБ (серумски церулоплазмин, серумски бакар, уринарна екскреција на бакар, концентрација на бакар во ткиво од црн дроб) мора да се земат предвид при поставување на дијагнозата на ВБ. Церулоплазминот се синтетизира во хепатоцитите како металопротеин кој во својата молекула содржи шест атоми на бакар (холоцерулоплазмин) и се лачи во крвната циркулацијата. Серумското ниво на церулоплазмин <14,0 mg/dl е поспецифично за дијагноза на ВБ од 20 mg/dl (позитивна предиктивна вредност [ППВ] = 100% за <14mg/dl, додека ППВ од 20 mg/dl = 48%) кај испитуваната популацијата во однос на нивото на серумскиот церулоплазмин. Сепак, екстремно ниското серумско ниво на церулоплазмин (< 5 mg/dl) е високо предиктивно за ВБ. Вредностите на церулоплазмин (помеѓу 14 и 20 mg/dl) сугерираат дека е неопходна понатамошна евалуација, бидејќи овие вредности се преклопуваат со вредностите што се наоѓаат кај хетерозиготи за ВБ. Серумскиот церулоплазмин во рамките на референтна вредност не ја исклучува дијагнозата на ВБ. Покрај тоа, ниски серумски вредности на церулоплазмин се јавува кај други нарушувања како: неселективна бубрежна загуба на протеини, ентеропатија со губење на протеини, тешка хронична болест на црниот дроб со глобален хепатален синтетички дефицит, невролошки нарушувања (цервикална дистонија), неправилна формулација на тотална парентерална исхрана, по операција на желудникот или баријатриска хирургија, Менкес-ова болест, ацерулоплазминемија, вродени нарушувања на гликолизацијата, Niemann-Pick тип C.

**Серумски бакар**

Поголемиот дел од бакарот кој што се одредува како серумски бакар се содржи во церулоплазминот. Најчесто во состојби со дефицит на бакар вклучително и кај ВБ, вредноста на серумскиот бакар ќе биде ниска. Кај состојби на ВБ со тешко оштетување на црниот дроб, може да се појави парадоксално високо ниво на серумски бакар поради ослободување на хепатоцелуларен бакар во циркулацијата.

Во одредување на етиопатигенезата на оштетување на органите важно е одредувањето на нивото на слободен бакар кој не е врзан за церулоплазмин (Не-Церулоплазмин-Врзан Бакар NCC). Серумската концентрацијата на NCC е користена како дијагностички тест за ВБ, но исто така е корисен тест за следење на болеста. Одредувањето на NCC има голем број недостатоци. Тоа зависи од адекватноста на комерцијалните методите достапни за мерење на серумскиот церулоплазмин. Ако имунолошкиот метод кој се користи за мерење на бакарот го прецени холоцерулоплазминот (ензимски активен церулоплазмин кој содржи бакар), проценетиот NCC не може да се толкува бидејќи може да биде нула или негативен број. Во моментов се развиваат алтернативни методи за

одредување на NCC, преку директно мерење и индиректна квантификација на „заменлив бакар“ но за таквиот метод се чека сеуште  дополнителна потврда. Во тек е развој на специјализирана методологија за NCC кај пациенти на хелаторна терапија која во моментот се развива, бис-холин тетратиомолибдат.

**Уринарен бакар**

Кај симптоматски пациенти со ВБ базалната уринарна екскреција на бакар е типично >100 µg (> 1,6 µmol)/24h. Пониска вредност од >40 µg/24h (> 0,6 µmol/24h) може да укаже ВБ кај индивидуи кои се асимптоматски или кај деца со ВБ, заради што потебна е клининичка корелација и понатамошно иследување. Провоцирачкиот тест со Д-пенициламин е потврден само кај деца. Може да се реализира како дополнителен доказ за дијагноза на ВБ кај симптоматски деца, ако базална 24-часовна уринарна екскреција на бакар е <100 µg/24h (< 1,6 µmol/24h). Неодамнешна реевалуација покажа дека провоцирачкиот тест со Д-пенициламин не е доволно чувствителен кај пациенти со асимптоматски ВБ.

**Биопсија на црниот дроб**

Биопсијата на црниот дроб за патохистолошка евалуација, иако повеќе не е рутински потребна за поставување дијагноза на ВБ, може да помогне во поставување на дијагнозата на ВБ преку идентификување на патохистолошките наодите во согласност со ВБ и утврдување на стадиумот на болеста. Хистолошките наоди во биопсиите на црниот дроб кај ВБ често се неспецифични. Раните патохистолошки промени вклучуваат блага стеатоза, со многу мали масни капки на почетокот, кои се зголемуваат до акумулација на поголеми масни капки, наод сличен како кај неалкохолно масно заболување на црниот дроб. Едем на хепатоцитите со дамчеста хепатоцитна некроза и мали колекции на лимфоцити во паренхимот е ран неспецифичен наод. Промените често се расфрлани низ лобулот, но може да бидат поизразени во перипорталните простори. Може да биде присутна промена на паренхимот слична на автоимун хепатитис, со паренхимски мононуклеарен воспалителен инфилтрат и интерфејс хепатитис. Порталната и перипорталната фиброза може да напредува до порто-портално премостување и крајно до појава на цироза. Цирозата е типично грубо нодуларна. Во доцните фази, хепатоцитите варираат во голема мера по големина и покажуваат назначена балон дегенерација и Mallory-Denk тела. Може да бидат присутни зголемени хепатоцити со гранулирана еозинофилна цитоплазма поради голем број митохондрии (онкоцитни клетки). Кај присутна ALF поради ВБ, црниот дроб покажува мултилобуларна конфлуентна некроза, која речиси секогаш претходи на цирозата, која нема типични карактеристики, иако има изобилството на гликогенски јадра со релативно блага стеатоза и бројни апоптотични хепатоцити кои сугерираат на ВБ.

Електронска микроскопска евалуација, главно за откривање на абнормална митохондријална структура, може да се земе во предвид при изведување на биопсија на црниот дроб, бидејќи помага во поставување на дијагнозата на ВБ, особено ако дијагнозата е нејасна, најчесто кај педијатриски пациенти. Бакарот е хетерогено депониран во црниот дроб на пациент со ВБ, варирајќи од лобул до лобул во раната фаза од болеста и од нодус до нодус при цироза. Оваа варијабилност може да доведе до негативни резултати од хистохемиското боење за таложење на бакар, особено во мали примероци. Бидејќи хистохемиските области на бакар генерално имаат слаба чувствителност и негативното боење не ја исклучува дијагнозата на ВБ, се претпочита квантитативна бакарна анализа на биопсијата на црниот дроб. Содржина на бакар во хепаталниот паренхим>250µg/g сува тежина обезбедува критични дијагностички информации. Кај нетретирани пациенти, нормалната содржина на бакар во црниот дроб (< 50 µg/g сува тежина) речиси секогаш ја исклучува дијагнозата на ВБ. Понатамошно дијагностичко тестирање е индицирано за пациенти со средни концентрации на бакар (70-250 µg/g сува тежина), особено ако има активно заболување на црниот дроб или други симптоми на ВБ. При квантитативното одредување на бакар во примерок од црн дроб, адекватна големина на примерокот од биопсија на црниот дроб е особено важна. Биопсиите за квантитативно определување на бакар треба да се земаат со вшмукување за еднократна употреба или со игла за сечење и да се стават суви во контејнер. За да се спречи автолиза, ткивото треба веднаш да се замрзне или да се

исуши за испорака, во согласност со упатствата на лабораторијата. Вградени во парафин примероците може да се анализираат за содржината на бакар, но бараат дополнителна лабораториска обработка.

**Невролошки имиџинг**

Модалитети на имиџинг како што е магнетна резонанца (МРИ) се од ограничена вредност во одредувањето на степенот на клиничка невролошка болест, но може да помогне иницијално во дијагностицирањето на ВБ и да се исклучат други невролошки нарушувања. Наодите на МРИ во согласност со ВБ вклучуваат сигнални промени во базалните ганглии, таламус, понс и белата маса, како и атрофија. Таканаречениот знак на „лице на панда“, кој се состои од зголемен Т2 сигнал во меѓумозок, се смета за патогномоничен за ВБ, но почесто се гледаат неколку други наоди. Кај пациенти со ВБ и абнормални невролошки наоди, сериските имиџинг прегледи може да бидат во корелација со прогресијата или закрепнувањето.

**Генетска анализа**

Мутациона анализа со секвенционирање на целиот ATP7B ген треба да се изврши на поединци кај кои дијагнозата е тешко да се постави со клиничко и со биохемиско тестирање. Анализата на мутациите на ATP7B е ефикасна за тестирање на членови на семејството од прв степен на пациент со ВБ со идентификувани мутации. Специфично тестирање за познати мутации може да се користи за семеен скрининг на роднини од прво колено на пациенти со ВБ. Консултативен разговор со клинички генетичар, како и корелација со клиничкиот фенотип, може да бидат корисни за толкување на резултатите, особено кога се откриваат непознати варијанти. Формалното генетско советување може да биде вредно за пациентите и нивните семејства.

**Препораки 6-11**

***6.*** *Откако ќе се докаже постоење на ВБ треба да се земе детална лична и семејна анамнеза и да се изврши детален физикален преглед за постоење на хепатална, невролошка и психијатриска болест. Проценката треба да го вклучи следново:*

- *Биохемиски анализи за црн дроб;*
- *Комплетна крвна слика и меѓународен нормализиран однос (INR);*
- *Серумски церулоплазмин, ниво на серумски бакар кај некои пациенти;*
- *Базална 24-часовна уринарна екскреција на бакар;*
- *Слит ламба или оптичка томографија за KF прстен;*
- *Невролошка евалуација; и*
- *Молекуларно генетско истражување на ATP7B*

***7.*** *Екстремно ниско ниво на серумски церулоплазмин (< 5 mg/dl) значајно сугерира на дијагноза на ВБ, отколку субнормални нивоа на церулоплазмин. Серумскиот церулоплазмин сам по себе е недоволен за поставување дијагноза на ВБ. Серумскиот церулоплазмин во рамките на нормалниот опсег не ја исклучува дијагнозата на ВБ.*

***8.*** *Базалната 24-часовна уринарна екскреција на бакар кај ВБ е типично >100 µg/24h (> 1,6 µmol/24h) кај симптоматските пациенти, но пониска референтна вредност од >40 µg/24h (> 0,6 µmol/ 24h) може да укаже на ВБ кај деца или индивидуи кои се асимптоматски, затоа потребна е дополнителна клиничка корелација и евалуација.*

***9.*** *Биопсијата на црниот дроб за патохистолошка анализа може да помогне во потврдување на дијагнозата на ВБ преку идентификување на промените во согласност со ВБ и утврдување на стадиумите на болеста. Исто така, може да сугерира на друга алтернативна дијагноза на заболување на црниот дроб. Биопсијата овозможува квантификација на бакар во суво ткиво на црниот дроб. Хепаталната паренхимска бакар концентрација >250 µg/g сува тежина се јавува кај повеќето пациенти со ВБ; помала содржина на бакар која е*

*над нормалната вредност се јавува поретко, но таа вредност треба да поттикне други понатамошни тестови. Кај нетретирани пациенти, нормална содржина на бакар во црниот дроб (< 50 µg/g сува тежина) речиси секогаш исклучува дијагноза на ВБ. Електронски микроскопската евалуација на ткивото на црниот дроб може да помогне во дијагнозата на ВБ, особено кај педијатриски пациенти.*

***10.*** *Доколку невролошката евалуација открие абнормалности, треба да се земе предвид радиолошкото снимање на мозокот, по можност МРИ, за да се утврди основната состојба и да се исклучат други потенцијални причини.*

***11.*** *Генетското тестирање за ATP7B мутации може да се изврши како дел од рутинска евалуација. Може да обезбеди дијагностичка потврда тогаш кога биохемиското тестирање не е доволно за потврда на дијагнозата. Тој е ефикасен за скрининг на роднините од прво колено кај пациент со ВБ.*

**Дијагностички стратегии кај симптоматски пациенти со Вилсонова болест**

Развиени се системи за бодување кои ја олеснуваат дијагнозата и прогнозата. Дијагностичките системи за бодување вклучуваат Leipzig скор (Табела 4) кој служи за поставување на дијагноза, истиот е потврден кај возрасни и кај педијатриски пациенти и неколку биохемиски индекси за идентификување на ALF поради ВБ.

Табела 4 - **Leipzig скор**

| Параметри | поени |
|---|---|
| Специфични клинички карактеристики | |
| Kayser-Fleischer прстен присутен | 2 |
| отсутен | 0 |
| Невропсихијатриски симптоми кои укажуваат на Wilson ( или типични карактеристики на МР на мозок) | |
| присутен | 2 |
| отсутен | 0 |
| Coombs негативна (неиумина) хемолитичка анемија ( плус висок серумски бакар) | |
| Присутен | 1 |
| Отсутен | 0 |
| Лабораториски тестови | |
| 24h уринарна екскреција на бакар ( во отсуство на акутен хепатитис) - модифициран според горна граница на нормала) | |
| нормално | 0 |
| 1-2x горна граница на нормала | 1 |
| >2 горна граница на нормала | 2 |
| Нормално, но >500 µg/ден 1 ден по предизвикот со 2×500 mg Д-пенициламин | 2 |
| Црниот дроб бакар квантитативно | |
| Нормална (горна граница на нормала = 50 µg/g сува тежина) | -1 |
| До 5× горна граноца на нормала | 1 |
| >5× горна граница на нормала | 2 |
| Роданин- позитивни хепатоцити (само ако квантитативни мерења на бакар не се достапни) | |
| Отсутни | 0 |
| Присутни | 1 |
| Серумски церулоплазмин (нефелометриска анализа) долна граница на нормалата =20 mg/dl | |
| Нормално | 0 |
| 10-20 | 1 |
| >20 | 2 |
| Анализа на мутации( ATP7B) | |
| Мутации кои предизвикуваат болест на двата хромозома | 4 |
| Мутации кои предизвикуваат болест на еден хромозом | 1 |
| Не е детектирана мутација која предизвикува болест | 0 |
| Тотален скор ( не е достапен - скор 0) | |
| Проценка на Wilson дијагностички скор 4 или повеќе: Дијагноза на Wilson е многу веројатна | |
| 2–3: Веројатна дијагноза на Wilson направете повеќе испитувања | |
| 0–1: Дијагозата за Wilson е малку веројатна | |

Првиот прогностички скор, Nazer скор, е заменет со New Wilson Index (NWI). Резултат од NWI од ≥11 претставува силен предиктор на смртност доколку не се направи трансплантација на црн дроб (Табела 5). Овие системи на бодување мора да се проценат во клинички контекст. Тие се корисни за пациенти со ВБ чија презентација не е класична. Во принцип, сите таквите системи за бодување бараат редовно разгледување, ревизија и ревалидација.

**Табела 5 – New Wilson Index (NWI)**

| | Bilirubin (µmol/L) | AST (IU/L) | INR | WBC ($10^9$/L) | Albumin (g/L) |
|---|---|---|---|---|---|
| **0** | <100 | <100 | <1.29 | 0–6.7 | >45 |
| **1** | 100-150 | 100-150 | 1.3–1.6 | 6.8–8.3 | 34–44 |
| **2** | 151-200 | 151-200 | 1.7-1.9 | 8.4–10.3 | 25–33 |
| **3** | 201-300 | 201-300 | 2.0–2.4 | 10.4–15.3 | 21–24 |
| **4** | >300 | >300 | >2.5 | >15.4 | <20 |

Кратенки: AST, аспартат аминотрансфераза; INR, меѓународен нормализиран сооднос; WBC, број на бели крвни зрнца;

**Препораки 12 и 13**

***12.*** *Дијагностичките системи на бодување може да им помогнат на лекарите да ја потврдат или да ја отфрлат дијагнозата на ВБ, кај пациенти кои не ги пројавуваат класичните манифестации на болеста и исто така се многу корисни во истражувачките студии за ВБ.*

***13.*** *Системите за прогностичко бодување може да помогнат во утврдување на успехот од спроведуваната терапија за ВБ. Примената на таков скор сериски со текот на времето може да биде критично за да се подобри точноста.*

## Скрининг за Вилсонова болест

### Семеен скрининг

Роднините од прво колено на пациенти со новодијагностицирана ВБ мора да бидат скринирани за ВБ. Доколку е достапно генетското испитување, и доколку се идентификуваат специфични мутации за ATP7B кај испитаникот, добиеното генетско тестирање за ATP7B мутации може да се користи како примарен скрининг. Дополнително потребна е клиничка и биохемиска проценка што вклучува: историја поврзана со жолтица, заболување на црниот дроб и манифестни невролошки или психијатриски нарушувања; физикален преглед; серумски бакар, церулоплазмин, функционални тестови на црниот дроб, вклучувајќи аминотрансферази, албумини, конјугиран и неконјугиран билирубин, испитување со слит ламба за KF прстени, базална 24-часовна уринарна екскреција на бакар. Испитаниците кај кои е идентификуван генотипот ATP7B во согласност со ВБ бараат понатамошна клиничка евалуација на степенот на оштетување на органите.

### Неонатален и пренатален скрининг

Одредени карактеристики ја прават ВБ погодна за популационен скрининг на доенчиња: болеста е распространета, за неа постои ефективен третман што ја ублажува сериозноста на клиничката болест и има

позната генетска основа; сепак, сè уште нема воспоставено евтина и сигурна стратегија за тестирање. Во развој е постапка за идентификување на абнормален ATP7B протеин во исушена капка крв. Може да се изврши пренатално тестирање врз основа на генотипска анализа; Дијагнозата поставена во неонаталниот период овозможува и навремено лекување.

**Препорака 14**

***14.*** *Роднините од прво колено на пациенти со новодијагностицирана ВБ мора да бидат скринирани за ВБ. Во склоп на семејсвото каде што е дијагностицирано едно или повеќе лица со ВБ, секое лице со знаци или симптоми во согласност со ВБ, без оглед на блискоста на врската, треба да се евалуира за ВБ. Евалуацијата вклучува проценка на генотипот на ATP7B и сеопфатна клиничка евалуација.*

## 4. ТРЕТМАН – ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Основа на третманот за ВБ останува доживотна орална фармакотерапија и ограничување на внесот на бакар во исхраната. Трансплантација на црн дроб е индицирана кај тешки случаи и оние кои се отпорни на фармакотерапија.

Целите на третманот на ВБ зависат од фазата на болеста и мора да се земат предвид безбедноста на двата лека и ефикасноста на истата кај пациентите. Изборот на третманот зависи од тоа дали пациентот е симптоматски или не и дали е присутно оштетување на органите.Симптоматските пациенти имаат клинички евидентна болест која најчесто е хепатална или невропсихијатриска, но може да вклучи и други органски системи.

Одредени асимптоматски пациенти со ВБ немаат воопшто клинички симптоми ниту докази за оштетување на органите. Друга група на асимптоматски пациенти имаат биохемиски, хистолошки или клинички докази за оштетување на органите. Асимптоматските случаи на ВБ често се идентификува едноставно врз основа на семејниот скрининг, или единствено само преку генетка анализа.

Разграничувањето на симптоматските од асимптоматските индивидуи со докази за оштетување на органите (асимптоматска активна болест) и од оние асимптоматски индивидуи кои немаат оштетување на органи, помага во одредувањето на изборот и дозата на лекови за примарен третман на ВБ. Третманот со хелатни агенси се препорачува како почетен третман за пациенти кои се симптоматски или асимптоматски со ВБ активна болест, додека третманот со цинк може да биде селективен само кај избрани пациенти.

Иако овие размислувања се однесуваат пошироко и за децата помали од 3 години, определувањето точно кога да се започне со третман и каков третман да се избере вклучува фактори како што се растот и развојот на детето; дополнително на тоа, третманот треба да се индивидуализира зависно од степен на оштетување на органите поврзани со ВБ. Заедно со примарниот третман на ВБ, кај пациентите со напредната болест на црниот дроб мора да се третираат сите настанати компликации на порталната хипертензија. Еластографијата може да биде информативна кај хепатална ВБ, но нејзината примена се развива. Пациентите со ВБ кои манифестираат невролошки или психијатриски симптоми може да користат симптоматска терапија заедно со терапијата за ВБ. Како и кај сите пациенти со хронично заболување на црниот дроб, така и на пациентите со ВБ им е потребна имунизација против хепатитис А и Б, освен ако веќе не стекнале природен имунитет од претходно прележана болест. Тие треба да подлежат на имунизација насочени против потенцијално опасни по живот интеркурентни инфекции (како што се грип, варичела, КОВИД-19, пневмокок). Тие треба да го одржуваат општо здравје, вклучително и одржување на нормална телесна тежина и кардиоваскуларна кондиција.

Симптомите на болеста и биохемиските абнормалности се стабилизираат кај повеќето пациенти во рок од 6-18 месеци по започнувањето на конзистентна терапија. Потоа може да се користи орален хелатор во намалена доза или цинк како терапија на одржување. Преминот кон терапија на одржување подразбира клиничко и биохемиско следење во првите 2-6 месеци (за разлика од стандардните интервали од 6 месеци) за да се обезбеди ефективна терапија. Пациенти кои се асимптоматски без докази за оштетување на органите може првично да се третираат или со помала доза на одржување на хелатен агенс или со цинк. Следењето на терапијата вклучува клинички преглед и

биохемиско тестирање за да се покаже клиничко подобрување или стабилност, во зависност од тоа дали пациентот бил симптоматски или не на почетокот на третманот. Неуспехот од неспроведување на доживотната терапија може доведе до повторливи или нови симптоми и откажување на црниот дроб, кои бараат итна црнодробна трансплантација.

## 5. ТРЕТМАН - ДОСТАПНИ ЛЕКОВИ

Моментално достапните орални третмани за Вилсонова болест (Табела 6) беа опишани за лекување на пациенти кои се симптоматски, но нивната улога еволуираше за да ги вклучи пациентите кои се асимптоматски и на долготрајна терапија за одржување. Набис-холинска сол на тетратиомолибдат, можен орален хелатор, сè уште не е достапен; неговата фаза III клиничко испитување е завршена. Локални варијации на лекот, достапноста и цената може да влијаат на изборот на третман.

**Табела 6 – Моментално достапна терапија за третман на Вилсонова болест (ВБ)**

| Лек | Механизам на дејство | Невролошко влошување | Несакани дејства | Коментари |
|---|---|---|---|---|
| Д пенициламин | Општиот хелатор индуцира ренална екскреција на бакар | 10-15% за време на иницијалната фаза | • Треска, осип, протеинурија реакција слична на СЛЕ<br>• Апластична анемија<br>• Леукопенија<br>• Тромбоцитопенија<br>• Нефротски синдром<br>• дегенеративни кожни промени<br>• Еластоза серпигиноза<br>• Тежок ретинитис<br>• Хепатотоксичност<br>• Колитис | Редукција на доза за време на операција или бременост |
| Триентин | Општ хелатор кој индуцира ренална екскреција на бакар | 10-15% за време на иницијалната фаза | • Гастритис<br>• Апластична анемија<br>• Сидеробластна анемија<br>• Колитис | Редукција на доза за време на операција или во состојба на бременост |
| Цинк | Metallothionein inducer, blocks intestinal copper absorption | Може да настане за време на иницијална фаза од третманот | • Гастритис<br>• Панкреатитис<br>• Апсорбција на цинк<br>• Можна алтерација на имуниот систем | Нема потреба од редукција на доза за време на операција или бременост |

## Д-ПЕНИЦИЛАМИН

Фармакологија

Пенициламин претставува првиот орален третман за Вилсонова болест. Преферирана лек е изомерот на Д-пенициламин. Тој ја зголемува уринарната екскреција на бакар. По започнувањето со Д-пенициламин, 24-часовната уринарна екскреција на бакар често е >1000 μg/ден. Исто така индуцира металотионеин. Д-пенициламинот може да се врзе за други метали освен бакар и може да се користат како третман за отстранување на други метали, како жива или олово.

Д-пенициламинот брзо се апсорбира од гастроинтестиналниот тракт. Ако се зема со оброк, неговата апсорпција се намалува вкупно за приближно 50%. Вкупна биорасположивост се проценува на 40%-70%. Откако ќе се апсорбира, најголемиот дел од Д-пенициламинот циркулира врзан за плазма протеините.

Екскрецијата на Д-пеницилламин е главно бубрежна. Полуживотот на екскреција на Д-пеницилламин се движи од приближно 1,7 до 7 часа. Првично Д-пеницилламин во кај ВБ се користеше за третман на пациенти кои биле симптоматски. Тешко или парадоксално влошување на невролошките симптоми првично беа опишани единствено за Д-пенициламинот, но сепак, следните студии покажаа дека невролошко влошување се случило и со триентин и цинк, иако најчесто со Д-пеницилламин. Во една серија, најчесто невролошко влошување се појавил кај пациенти со ВБ со невролошки симптоми.

Употребата на Д-пенициламин е поврзана со бројни несакани ефекти. Тешки несакани ефекти кои бараат лекот да се прекине се јавува кај приближно 30%. Рани реакции на сензитивост означени со треска и кожни ерупции, лимфаденопатија, неутропенија или тромбоцитопенија, и протеинурија можат да се појават во текот на првите 1-3 недели. Д-пенициламин треба веднаш да се прекине ако рано се јави сензитивност; треба да биде заменет со алтернативен третман за ВБ. Подоцнежните реакции се разновидни. Нефротоксичност со протеинурија или појава на клеточни елементи во урината, бара итно прекинување на Д пенициламинот. Токсичноста на коскената срцевина вклучува тешка тромбоцитопенија или тотална аплазија која може да биде неповратна и покрај прекин на терапијата.

Други негативни ефекти кои бараат прекин на Д-пенициламин и препис на алтернативен третман за ВБ се: дерматолошките токсичности кои вклучуваат промени во кожата, elastosis perforans serpiginosa, пемфигус или пемфигоидни лезии, лихен планус и афтозен стоматитис. Други доцни реакции вклучуваат синдром сличен на лупус, означен со хематурија, протеинурија и позитивни антинуклеарни антитела и со повисоки дози на Д-пенициламин, кои повеќе не се користат типично за лекување на ВБ, предизвикан Goodpasture синдром. Многу доцни негативни ефекти вклучуваат нефротоксичност, тежок алергиски одговор при вклучување на лекот по претходно прекинување, мијастенија гравис, полимиозитис, губење на вкус, намалување на имуноглобулин А и серозен ретинитис. Хепатотоксичност е пријавено, како и колитис.

Дозирање

Постепеното дозирање може да ја зголеми подносливоста на Д пенициламин: Се почнува со 250–500 mg/ден, потоа се зголемува за 250 mg на секои 4-7 дена до приближно 1000–1500 mg/ден (15–20 mg/kg/ден) до максимум 2000 mg/ден поделено во 2–4 дози. Овој препорачан пристап „почни ниско и оди бавно“ е за да се избегне невролошкото влошување. Доза на одржување кај возрасни е 10-15 mg/kg/ден (приближно 750-1000mg на ден) администриран во две поделени дози. Дозирање кај деца е 20 mg/kg/ден заокружено до најблиската 250 mg и се дава во две или три поделени дози; дозата може да се намали на 10–15 mg/kg за одржување.

Д-пенициламин треба да се администрира 1 час пред или 2 часа после јадење, бидејќи храната ја инхибира неговата апсорпција. Помала близина до оброците може да биде прифатлива доколку тоа е со придржување; сепак, ефективноста на третманот тогаш треба внимателно да се следи.

Дозата треба привремено да се намалени со цел за подобро заздравување на раните после операција.

Пиридоксин (орално 25-50 mg дневно) рутински се администрира кај пациенти на Д-пенициламин, иако интерференција со дејството на пиридоксинот ретко се среќава бидејќи расемичната мешавина на D и L penicillamine повеќе не е во употреба.

Цели на третман - Д-пенициламин

Пациентите со асимптоматска ВБ треба да останат асимптоматски при лекување. За пациенти со симптоматско заболување на црниот дроб, подобрување на синтетската функција на црниот дроб и подобрување на клиничките знаци како икетрус и асцит започнуваат во текот на првите 2-6 месеци од третманот, со понатамошно подобрување со текот на времето.

Непридржувањето кон терапијата доведува до прогресија на заболување на црниот дроб и црнодробна слабост 1-12 месеци по прекинот на третманот, што резултира со смрт или трансплантација на црн дроб. Непридржување исто така доведува до развој на нови невролошки или психијатриски симптоми. Адекватноста на третманот се следи во однос на одржување на клиничка и биохемиска стабилност и со мерење на 24-часовна уринарна екскреција на бакар при третман. Тоа е највисоко веднаш по започнувањето на третманот кога тој може да надмине 1000–2000 μg/24 h. Со хроничен третман (третман за одржување), уринарна екскреција на бакар треба да биде приближно 200–500 μg/24h (3–8 μmol/24h). Серумска NCC покажува нормализирање со ефективен третман.

Вредности од 24-часовна уринарна екскреција на бакар >500 μg/24 h кај третирани пациентите кои претходно излачувале 200-500 μg/24 h сугерираат недоволно дејство на лекот (непридржување кон лекови, слаба апсорпција на лекот, ненамерно ниско дозирање), акутна повреда на црн дроб (ALI) или прекумерна либерализација на диететски бакар. Уринарната екскреција на бакар <100 μg/24 h може да сигнализира предозираност на терапијата по прекумерно отстранување на бакар или повремено непридржување. Со прекумерен третман, серумскиот бакар и разменливиот бакар се многу ниски, како и NCC (обично <5 μg/dl), иако проценетиот NCC може да не го одразуваат ова точно. Со непочитување на терапијата, серумскиот бакар и разменливиот бакар се зголемуваат, и NCC може да биде покачен (>25 μg/dl).

Со третман со Д-пенициламин, серумскиот церулоплазмин може првично да се намали и да остане низок. Со хепатално закрепнување на хроничен третман, може да се зголеми.  Спротивно на тоа, намалувањето на серумскиот церулоплазмин кај хронично третираните пациенти може да укаже на прекумерно лекување и често е поврзан со неутропенија, железо дефицитна анемија и хемосидероза.

## ТРИЕНТИН

### Фармакологија

Триентин (триетилентетрамин дихидрохлорид; 2,2,2-тетрамин или „триен“ исто така достапен како триетилентетраминтетрахидрохлорид) има структура слична на полиамин хемиски се разликува од пенициламинот. Како и Д-пенициламинот, неговото основно дејство е бубрежната екскреција на бакар. Уринарната екскреција на бакар обично е >1000 μg бакар на ден со почетокот на третманот и се намалува со текот на времето. Дополнително, администриран со храна кај здрави субјекти, триентин ја блокира апсорпцијата на бакар во исхраната. Дали триентинот е послаб хелатор на бакар од Д-пенициламин е контроверзно; сепак, прилагодувањата на дозата на триентин може компензира за можните разлики.

Податоците за фармакокинетиката на триентин се ограничени. Триентин слабо се апсорбира од гастроинтестиналниот тракт: голем дел од она што се апсорбира се метаболизира и инактивира.  Просечниот t½ за апсорпција е приближно 1,5 ч кај пациенти со ВБ. Биотрансформацијата на триентин е веројатно преку фаза II конјугациски патеки за полиамини, на кој триентин структурно личи. Овие патеки за ацетилација се одвоени од N-ацетилтрансфераза 1 (NAT1) и N-ацетилтрансфераза 2 (NAT2). t½ за екскрецијата е приближно 3 ч. Само приближно 1% од администриран триентин и приближно 8% од биотрансформиран триентин метаболит, ацетилтриен, на крајот се појавува во урината.

Биоеквивалентност помеѓу триентин дихидрохлорид и триентин тетрахидрохлорид сè уште не е основана поради разликите во фармакокинетиката и биорасположивост. Префрлувањето помеѓу овие две формулации може да бара проценка за индивидуално прилагодување на дозата.

Триентин има малку несакани ефекти. Реакции на преосетливост не се пријавени, панцитопенија е ретка, а колитис може да се развие кај мал број пациенти на триентин, во споредба со Д-пенициламин.
Може да се појави иритација на хранопроводникот; затоа, триентин треба да се зема со доволно течност. Треба да се избегнува истовремена администрација на триентин и железо бидејќи комплексот триентин-железо е токсичен. Слични симптоми на лупус беа пријавени како несакани реакции кај некои пациенти со ВБ третирани со триентин; сепак, овие пациенти беа скоро сите претходно третирани со Д-пенициламин.

### Дозирање

Триентинот е ефикасен третман за ВБ а особено е индициран кај пациенти кои се нетолерантни на Д-пенициламин. Може да се претпочита како иницијален третман кај пациентите со ВБ во склоп на тешка тромбоцитопенија или неутропенија како резултат на конгестивна спленомегалија. Парадоксално невролошко влошување по почетокот на третманот со триентинот се среќава поретко отколку со Д-пенициламин. Уште на самиот почеток, триентинот, беше ефикасен почетен третман дури и кај пациенти со декомпензирана болест на црниот дроб. Достапните податоци укажуваат на тоа дека триентинот е безбеден и ефикасен и кај педијатриски пациенти со ВБ.

Типична доза за возрасни за почетен третман е приближно 15-20 mg/kg/ден (до максимум 2000 mg на ден) во 2 до 3 поделени дози. Како и со Д-пенициламинот, почетната доза со триентин треба полека да се зголемува во текот на неколку (2-4) недели за да се подобри подносливоста. Дозирањето на терапија на одржување е типично 10-15 mg/kg/ден. Кај децата, почетната доза која обично се користи е 20 mg/kg/ден, отприлика 250 mg, дадена во две или три поделени дози, почнувајќи постепено. Надминување над 20 mg/kg/ден може да биде поврзано со зголемени несакани ефекти. Терапијата на одржување може да биде до 10-15 mg/kg/ден, но покрај нормалниот раст и развој, често има потреба од модификација на дозата. Триентинот треба да се администрира 1 час пред или 2 часа по оброците. Еднократно дневно дозирање на триентин кај пациенти кои се клинички стабилни може да биде безбедно и да го подобри придржувањето, но потребни се студии кои ќе го потврдат тоа. Дозата треба привремено да се намали за да се промовира добро заздравување на раните по операцијата. Дихидрохлоридната формулација на триентинот треба да се чува во фрижидер. Поновите амбалажи може ја подобруваат стабилноста на околната температура за триентин дихидрохлорид. Тетрахидрохлоридната форма на триентин е стабилна и на амбиентална температура.

Цели на третман – триентин

На триентин, пациентите кои презентирале асимптоматска болест треба останат асимптоматски и понатака. За пациенти со симптоматска болест на црниот дроб, подобрување на синтетската функција на црниот дроб и подобрување на клинички знаци како што се иктерус асцит се јавуваат во текот на првите 2-6 месеци од третманот со можно понатамошно подобрување со тек на време. Непридржување кон терапијата ќе доведе до прогресија на заболувањето на црниот дроб и хепаталната инсуфициенција или пак развој на нови невролошки или психијатриски симптоми.

Адекватноста на третманот се следи преку одржување на клиничката и биохемиската стабилност кај пациентот како и мерење на 24-часовна уринарна екскреција на бакар при самиот третман. Уринарна екскреција на бакар по започнувањето на третманот е често >1000 µg/24h, но со тек на време се намалува до приближно 3-10 пати од горната референтна граница (обично приближно 150-500 µg/24h). Општо земено, со непридржување кон терапија, вредноста на уринарниот бакар се зголемува. При хронично дозирање, излачувањето на уринарен бакар повисоко од целта на третманот може да е одраз на непридржување, но може да биде и поради слаба апсорпција на лекот, ненамерно ниско дозирање или интеркурентно акутно црнодробно оштетување. Вредности на уринарна екскреција на бакар <100 µg/24h може да укаже на одреден степен на недостаток на бакар поради прекумерен третман. Во таква ситуација, серумскиот бакар се очекува да биде понизок од вредностите пред третманот. А можно е да бидат присутни и реверзибилна сидеробластна анемија со неутропенија. Прекумерниот третман може да резултира со хепатално преоптоварување со железо кај пациенти со ВБ, слично на тоа е забележано и при третман со Д-пенициламин. Спротивно на тоа, ниската уринарна екскреција на бакар го придружува непридржувањето на терапијата, серумскиот бакар се зголемува кон или ги надминува вредностите пред третманот.

## ЦИНК

Фармакологија

Цинкот за првпат се користел при лекување на ВБ од страна на Schouwink, во Холандија во раните 1960-ти. За разлика од Д-пенициламинот и триентинот, цинкот ја инхибира интестиналната апсорпција на бакар со индуцирање на ентероцитен металотионеин, анендоген хелатор со поголем афинитет кон бакар отколку кон цинк. Ингестираниот бакар кој се внесува во ентероцитите повеќе и посилно се врзуваат за цитоплазматскиот металотионеин во споредба со цинкот. Бакар-металотионеинот се излачува во изметот заедно со нормалниот "turn-over" на ентероцитите. Бидејќи бакарот влегува и во гастроинтестиналниот тракт преку плунка и гастричен секрет, третман со цинк генерира негативен биланс за бакар и отстранува ткивен бакар, иако релативно бавно. Цинкот исто така може индуцира хепатоцелуларен металотионеин, со потенцијално подобрување на хепатопротекцијата.

Дел од проголтаниот цинк се апсорбира, со што се зголемува нивото на цинк во серумот и резултира со зголемен бубрежна екскреција на истиот. Одредени видови храна интерферираат ентероцитите апсорпција на цинкот. Особено, фитатите од зрната го врзуваат цинкот но не и протеини, така што вторите може да се користи понекогаш како пуфер за зголемување на желудечната подносливост.

Цинкот има многу малку несакани ефекти. Гастрична иритација е најчестиот несакан ефект кој се јавува кај 30%-40% од пациентите. Тоа може да зависи од видот на цинковата сол. Во едно истражување, приближно 38% од пациентите ја промениле цинковата сол што се користи за лекување на нивната ВБ поради гастроинтестинални симптоми. Гастричната иритација знае да биде тешка. Во еден педијатриски случај, цинк сулфатот бил поврзан со желудечна перфорација. Рано невролошко влошување е невообичаено при третман со цинк, но не е исклучено. Покачување на серумската липаза или амилаза може да се појави без клинички или радиолошки докази на панкреатитис. Цинкот може да се користи кај пациенти со ВБ со нарушена бубрежна функција при хелатна терапија барајќи уринарна екскреција на бакар може да биде неефикасна.

Дозирање

Иако цинкот во моментов е резервиран за терапија на одржување кај ВБ, исто така се користи како терапија од прва линија, најчесто, но исклучиво не кај пациенти кои се асимптоматски. Се чини дека е подеднакво ефикасен како Д-пенициламин, со многу подобро се поднесување. Извештаи за возрасните укажуваат на добра ефикасност, што е веројатно подобро кај оние со невролошка форма на ВБ. Кај деца со блага или асимптоматска болест, третман со цинк како примарна терапија изгледа ефективно, иако некои изразуваат претпазливост. Некои лица со тешка болест беа пријавени како добро се справува со монотерапијата со цинк. „Комбиниран“ третман со хелатор плус цинк се застапува како третман за тешка болест: секој се дава на широко распоредени интервали во текот на денот, но никогаш истовремено. Третманот со цинк е неефикасен кај некои пациенти со ВБ. Во првичните студии, некои пациенти не успеаја да постигнат адекватно блокирање на апсорпцијата на бакар во исхраната. Повремено беше забележано влошување на црниот дроб при монотерапија со цинк, фатален во еден случај; сепак не е познато дали овие пациенти правилно се придржувале на нивната терапија. Дозирањето е во милиграми на елементарен цинк. Цинкот мора сепак, да се зема најмалку два пати на ден, дури се препорачува трипати дневно за да се обезбеди ефикасност. Кај поголеми деца и возрасни, се администрира 150 mg/ден поделено во три дози. За деца под 50 кг тело тежина, дозата е 75 mg/ден исто поделена во три дози. Дозата не е добро дефинирана за деца кои се помали од 5 години; сепак, 50 mg/ден поделено на две се препорачани дози, слични на оние засновани на доза според телесна тежина. Актуелната употребена сол не ја менува ефикасноста мерена со процентот на постигнување цели за уринарна екскреција на бакар и нормализација на серумската аланин аминотрансфераза (ALT) но може да предизвика толеранција.

Цели на третман – цинк

Соодветноста на третманот со цинк се оценува според одржувањето на клиничката и биохемиската стабилност, или со подобрување на терапија и мерење на 24-часовна уринарна екскреција на бакар, која треба да биде <100 μg (<1,6 μmol)/24h при стабилен третман. Нормализацијата на АЛТ може да биде добар маркер за ефективен третман, и тоа позитивно корелира со одржување на 24-часовна уринарна екскреција на бакар <100 μg/24h. Дополнително, покачениот NCC се нормализира со ефективен третман; проценетиот NCC може да укаже на оваа нормализација.

Цинкот нема ефикасност кај мала подгрупа на пациенти со ВБ, но невозможно е да се очекува идентифицирање на пациентите кои нема да одговорат на третманот. Неуспех во терапијата со цинк кај оние кај кои првично беше ефективен е најчесто поврзано со непридржување (недостигање на дози или слаба апсорпција поради земање со храна). Ретко, но може да биде поради недоволно дозирање ако дозата во детството не се прилагоди према горе како што растат децата. Прекумерен третман со цинк е сомнителен кога уринарната екскреција на бакар е многу мала, поврзано со пониско нива на серумски бакар и пониски концентрации на

церулоплазмин. Потребно е намалување на дозата на цинкот или краток прекин на терапијата, особено ако се присутни хематолошки или невролошки несакани ефекти. Тие вклучуваат развој на сидеробластна анемија со леукопенија или неутропенија или невролошки дефицити како што се атаксија и периферна невропатија. Невролошки промени од терапија со цинк за ВБ се невообичаени, но се развиваат кога осиромашувањето на бакарот е сериозно и продолжено, обично по 5-15 години или повеќе од отпочнување со третманот.

Долготрајното придржување кон третманот е важен проблем при третман со цинк при лекување на ВБ. Режим на дозирање од три пати на ден пропишано да биде строго подалеку од оброците може да се покаже како проблематично кај некои пациенти, особено за адолесценти и млади возрасни. Цинкот се покажал поефективен кај невролошка ВБ отколку кај хепатална ВБ, при што се случија повеќе неуспеси во третманот. Клиничкото следење треба да биде строго. Зголемување на серумските аминотрансферази може да бидат ран знак за слабо придржување или неуспех на третманот. Наоѓање на 24-часовна уринарна екскреција на бакар повисока од целната (≥100 µg/24h) сугерира лошо придржување или зголемен внес на бакар со исхраната. Уринарна екскреција на цинк, со целни вредности од >1–2 mg/24h, може да се измери за да се провери придржувањето. Количината на цинк во урината позитивно корелира со вкупната дневна доза на цинк на пациентот. Нивото на цинк во серумот може да биде чисто од информативен карактер и треба да биде >125 mg/dl.

**Препораки 15 – 18**

*15. Кај сите пациенти со новопотврдена дијагноза на ВБ треба треба да се иницира доживотна медицинска терапија за ВБ. Време на отпочнување на лекување кај деца помали од 3 години треба да се индивидуализира зависно од степенот на оштетување на органите.*
*16. Иницијалниот третман кај симптоматски пациенти со ВБ треба воедно да вклучува и хелатор ( д-пенициламин или триентин). Може да се каже дека триентинот подобро се толерира.*
*17. Третманот кај асимптоматска форма на ВБ може да вклучува и хелатор но во помали дози споредено со иницијалниот третман ( д-пенициламин или триентин ) или цинк.*
*18. Соодветноста за транзиција кон терапија на одржување за ВБ вклучува временски интервал на веќе поставена терапија (обично повеќе од 1 година) како и поволен клинички и биохемиски одговор на терапијата. Терапијата на одржување може да биде помала доза на хелатор (д-пенициламин или триентин) или целосна доза на цинк.*

## 6. ИСХРАНА

Ограничувањето на внесот на бакар со исхраната е важан аспект во третманот на ВБ. Просечната исхрана е богата со бакар и ги надополнува нормалните загуби на овој елемент во трагови. Средниот внес на бакар преку храната во Соединетите Американски Држави е 1-1.6 мг/ден. Иако не постои цврст консензус во однос на тоа колку стриктно треба да се ограничи внесот на бакар преку исхраната кај ВБ, истата не може да се третира исклучиво со мерки во исхраната. Продукти со висока концентрација на бакар (ореви, чоколадо, повеќе видови школки, продукти со соја, печурки, изнутрици) треба да се избегнуваат особено во првата година од третманот. Кај доенчињата и малите деца потребно е индивидуализирано прилагодување на исхраната, како што се прави за вегани/вегетеријанци. Пациентите со ВБ кои имаат нарушување во голтањето или се потхранети заради напредната невролошка или црнодробна болест имаат потреба од специјална нутритивна суплементација. Во некои ситуации потребно е тестирање на бунарската вода или водата за пиење во однос на содржината на бакар.

**Препораки 19 и 20**

*19. Пациентите со ВБ треба да избегнуваат храна и вода кои содржат висока концентрација на бакар, особено во тек на првата година од третманот. Супервизија од регистриран диететичар (РД) може да е корисна за да се избегнат премногу рестриктивни оброци, како и анксиозност во однос на диетата.*

*20. За пациентите со ВБ кои не се во можност да обезбедат соодветен нутритивен внес потребна е исхрана која вклучува суплементи формулирани да ги обезбедат диететските потреби а при тоа да се избегне внес на вишок бакар. Обезбедување на учество на РД може да е од корист.*

## 7. СЛЕДЕЊЕ НА ТРЕТМАНОТ

Цел на следењето на третманот е потврда на ефикасноста на третманот преку клиничко и биохемиско подобрување или стабилизирање, придржување кон лековите и навремено идентификување на несаканите ефекти. Минимум препорачано следење е два пати годишно. Почесто следење е потребно во почетокот на третманот, кај пациенти со влошување на симптомите или со несакани ефекти од лековите, како и кај оние кај кои постои сомневање за непридржување кон терапијата. Внимателната анамнеза треба да вклучува прашања за психијатриски симптоми, особено депресија. Физикалниот преглед би требало да утврди докази за црнодробна болест, невролошки нарушувања и кај пациентите на терапија со д-пенициламин кожни промени. Треба да се направи повторен преглед за Kayser-Fleischer-ов прстен доколку е под прашање придржувањето на пациентот кон терапијата. Во следењето се корисни и биохемиските параметри.

## 8. НЕУСПЕХ НА ТРЕТМАНОТ

Неуспекот од третманот може да се јави со било кој лек за ВБ и тоа рано во почетокот на третманот или подоцна во тек на терапија на одржување. Истиот треба да потикне темелна евалуација за постоење истовремено на друга болест или пак не придржување кон третманот. Доколку ова се исклучи, фармаколошката терапија треба да се реевалуира и веројатно да се промени. Кај пациентите со напредната црнодробна болест или кај оние кои развиваат црнодробна слабост, треба да се има во предвид евалуација за трансплантација на црн дроб. Засега нема сурогат маркери за евалуација на неуспехот на третманот.

Клинички, неуспехот на третманот значи прогресија на црнодробната, невролошката или психијатриската болест. Неуспехотна терапијата во почетокот на третманот значи неуспех за стабилизирање на болеста клинички или биохемиски (или и двете) и во однос на црнодробната прогесија на фиброзата. При црбнодробна болест, неуспехот вклучува појава на декомпензација (повторна појава на асцит, енцефалопатија или варикозно крвавење) или неможност за стабилизација на пациентот со декомпензирана цироза (рефракторен асцит, тешка енцефалопатија, или влошување на жолтицата и коагулопатија). Кај невролошката болест, неуспехот на третманот вклучува прогесија на симптомите и покрај терапијата, парадоксално забрзување на невролошката болест или развој на нови симптоми. Може да има влошување и на психијатриската болест, вклучително појава на психоза, влошување на депресијата или појава на манија.

Биохемиски, неуспехот на третманот при почетокот на терапијата вклучува неможност за превенција на влошување или егзацербација на црнодробната болест. Неможноста за намалување на серумските аминотрансферази на помалку од двапати (< 2 пати) од горната граница на нормална вредноство тек на одреден период истотака укажува на неуспех на третманот; сепак временскиот интервал на постигнување на подобрување може да зависи од вредноста на почетната покачена вредност. Одговорот на терапија во однос на синтетската функција на црниот дроб може да бара подолг временски период за подобрување одколу аминотрансверазите кои најчесто се подобруваат во тек на 3-18 месеци. INR е добар показател за синтетската функција, како и нивото на албумин. Серумскиот билирубин иако може да е потенцијално помалку веродостоен заради хемолиза или присутен Gilbert-ов синдром, би се намалил онолку брзо колку се подобрува синтетската функција. За пациентите со цироза, може да се калкулира и следи Model of End-Stage Liver Disease (MELD) скорот, кој ќе се намали со подобрување на синтетската функција и намалување на билирубинот. Пациентите со MELD скор > 15, кој не се подобрува по 3 месеца терапија, треба да се разгледаат за црнодробна трансплантација.

24-часовна уринарна екскреција на бакар би требало да се мери најмалку еднаш годишно, а почесто да се проверува (на 3-6 месеца) при промена на дозата на лековите. Со тек на време, со континуиран соодветен третман се намалуваат почетните високи вредности на куприуријата. За пациенти на терапија со орални хелатори, соодвентна проценка за третманот, треба да се направи со мерење на куприурија по привремен прекин (48 часа) на терапијата.

Прогесијата на црнодробната фиброза и покрај терапијата истотака се смета за неуспех на третманот, заради неуспех на фармакотерапијата или заради црнодробна отштета од друга причина. За ова може да е корисно следењето со еластографија или со серум-базирани анализи како Fibrosis (Fib-4) index или со соодносот аспартат аминотрансфераза/тромбоцити. Сепак црнодробната биоипсија останува златен стандард. Биопсијата е градуирање и стејџирање на црнодробната отштета како и дијагноза на истовремена болест.

За пациентите кои се на терапија на одржување, кои по дефиниција постигнале клиничка стабилност, влошувањето на болеста или појавата на нови симптоми (на пр. невролошки симптоми кај некој кој имал само црнодробна болест) или пак напредување на црнодробната фиброза се смета за неуспех на терапијата. Во вакви ситуации важно е да се исклучи друга болест, да се направи разлика меѓу неуспех на терапија и недоволен третман (неадекватна доза на терапија) или да се утврди неефективност на фармакотерапијата. Недоволниот третман може да е резултат на неприджување на третманот и диетата. Во вакви услови може да е доволно за постигање на стабилност, промена на дозата на лекот или построг надзор и внимателно следење. Кај оние со фармаколошки неуспех потребна е промена во третманот и истото треба да се спроведе неодложно. Нејасно е дали е подобро додавањето на втора терапија на тековниот третман отколку само промена на третманот или прилагодување на дозата. Потребен е индивидуализиран пристап со оглед дека нема доволно податоци за прецизни препораки.

**Препораки 21-24**

*21. За редовно следење се потребни црнодробни лабораториски тестови, INR, комплетна крвна слика и рутинска анализа на урина (особено кај пациентите на хелаторна терапија со д-пенициламин или триентин) најмалку двапати годишно. Кај пациентите на хелаторна терапија потребно е редовно следење на крвната слика и редовна анализа на урина, независно колку долго се на терапија.*

*22. 24 часовна куприурија во тек на третман или кај пациенти на д-пенициламин или триентин по привремен прекин (48 часа) на терапијата треба да се мери еднаш годишно, но и почесто доколку е во прашање придржување кон терапијата или прилагодување на дозата.Може да се следи трендот на серумскиот бакар и церулоплазмин; многу висок или многу низок серумски бакар или серумски бакар непропорционално висок во однос на истовремениот серумски церулоплазмин. Ова може да укаже на зголемен егзоген внес на бакар (повисок бакар) или недостаток на бакар во телото (низок бакар и церулоплазмин).*

*23. Прекумерниот третман на ВБ со фармаколошка терапија насочена кон отстранување или детоксификација од бакар може да е индицирана при развој на цитопенија или задршка на железо во ткивата, асоцирано со покачен серумски феритин. Се потврдува со низок серумски бакар и многу ниска 24-часовна коприурија. При примена на орални хелатори, 24-часовна коприурија е диспропорционално ниска во однос на дозата на хелаторот (под терапевтскиот таргет, поточно <100 μg/24h или <1,6 μmol/24h) сугерира прекумерна терапија. Кај терапија со цинк, 24-часовниот бакар во урина <20 μg/24h (< 0,3 μmol/24h) сугерира прекумерна терапија. Кога е потврдена прекумерна терапија, потребно е намалување на дозата или краток прекин на терапијата со будно следење за реевалуација.*

*24. Неуспех на терапијата може да се јави во почетокот на третманот или во тек на хроничниот третман и при било кој тип на третман на ВБ. Мора да се исклучат други истовремени болести како и непридржување кон терапијата. Фармаколошката терапија кај пациенти со неуспех од третманот треба да се ревидира. Во случаи на напредната црнодробна болест и црнодробно попуштање потребна е црнодробна трансплантација.*

**Придржување кон терапија**

Кога е поставена дијагноза за ВБ и е отпочната терапија, фармаколошкиот третман е доживотен. Преживувањето од ВБ кај пациенти кои имаат ефективен фармаколошки третман се приближува до нормалната долговечност во нивната земја. Кај пациентите со црнодробна ВБ, кај кои е рано воведен ефективен третман, мала е веројатноста дека ќе развијат невролошки абнормалности. Ефективниот третман е ефикасен, добро се поднесува и пациентот го зема постојано. Одреден степен на непридржување кон доживотната терапија кај ВБ се јавува кај барем 50% од пациентите во текот на нивниот живот. Добро-дефиниран план за терапија, со редовни клинички и биохемиски проценки, со широка подршка тим-базирана доколкуе можно, со вклучување на семејството и подршка од поединци допринесува за постигање на добро придржување кон третманот. Пациентите кои не ги постигнуваат целите на терапијата треба внимателно да се евалуираат и следат почесто. Кај оние на хелаторна терапија или терапија со цинк порастот на екскреција на бакар во урината заедно со влошување на црнодробните тестови може да укажува на непридржување кон терапијата но мора да се размислува и за проблеми со апсорпцијата на лекот или неактивен лек. Непридржувањето на диета со малку бакар истотака може да допринесе за лоши резултати кај некои пациенти.

**Препораки 25**

*25. Кај ВБ придржувањето до добро дефиниран тераписки план е од клучно значење за пациентите да постигнат добри резултати. Редовните клинички проценки, како и широка подршка од тим доколку е можно се елементи за постигнување на добро придржување кон терапијата. Кај оние кај кои постои сомение за не придржување кон третманот, треба да се зголеми фрекфенцијата на следење.*

## 9. ТРЕТМАН ВО СПЕЦИФИЧНИ КЛИНИЧКИ СИТУАЦИИ

**Декомпензирана цироза**

Пациенти со ВБ кои првично се манифестираат со хронична црнодробна болест и декомпензирана цироза, типично со хипоалбуминемија, коагулопатија, иктерус и асцит, но варијабилна енцефалопатија, традиционално се третираат со хелатна терапија. „Комбинираната" терапија со Д-пенициламин или триентин плус цинк, се користи како интензивен режим за тешка форма на болеста. Двата лека мора правовремено да се дисперзираат во текот на денот на најмалку четири дози, со вообичаено растојание од 4-5 часа помеѓу администрацијата на било кој лек за да се избегне хелаторот да го врзува цинкот, а со тоа и да ја компромитира ефикасноста. На пример, елементарен цинк (50 mg кај возрасни, 25 mg кај деца) се зема како прва и трета доза, и триентин (приближно 10 mg/ kg) како втора и четврта доза. Кај секој пациент со започнувањето на овој режим исто така треба истовремено да се прави евалуација за трансплантација на црн дроб. Пациентите кои несоодветно или воопшто не реагираат на овој режим на терапија, треба навремено да се земат во обзир за црнодробна трансплантација. Прогностичкиот бодовен системи како што е NWI, особено кога се применуваат сериски, може да помогне да се идентификуваат пациентите кои соодветно ќе одговорат или кои ќе имаат неуспех во лекувањето. Оние кои соодветно ќе одговарат на третманот, може да преминат кон целосна доза на цинк или целосна доза на триентин (или Д-пенициламин) како монотерапија по приближно 3-6 месеци, кога треба да биде евидентна стабилизацијата на болеста.

**Препораки 26–27**

***26.*** *Пациенти со ВБ и напредната црнодробна болест (без оглед на тежината на нивната невролошка болест) може да одговорат на интензивен медикаментозен третман. Тие бараат евалуација за трансплантација на црн дроб како резервна опција. Проценка со употреба на прогностички бодовен систем може да помогне во идентификација на оние каде што медикаментозниот третман најверојатно ќе биде успешен.*

***27.*** *Пациенти со ВБ и напредната хронична црнодробна болест кои не реагираат или не го толерираат медикаментозниот третман, треба навремено да бидат земени во предвид за трансплантација на црн дроб*

**Третман при акутна црнодробна оштета**

Акутна црнодробна оштета се однесува на тешка акутна оштета на црниот дроб како резултат на ВБ манифестирана со коагулопатија која не реагира на администрација на витамин К но без асоцирана хепатална енцефалопатија. Иако овие пациенти може да ги исполнуваат традиционалните критериуми за трансплантација на црн дроб, тие можат да одговорат на интензивен медикаментозен третамн како за декомпензирана цироза (хелаторна терапија во комбинација со цинк). Употребата на орална хелаторната терапија овозможува преживување и подобрување на функцијата на црниот дроб кај одредени пациенти, особено кај оние кои имаат NWI скор <11. Трансплантација на црн дроб треба да се земе во предвид кај оние кои се презентираат со тешка акутна црнодробна оштета, особено ако нивниот NWI скор е >10 и не успее да се намалува со текот на времето.

Примената на системот за евалуација може да помогне во идентификација на соодветен одговор на медикаментозниот третман или итна потреба од трансплантација. Некои пациенти кои се презентираат со акутна црнодробна оштета напредуваат во акутна црнодробна слабост - ALF и на овие пациенти им е потребна трансплантација на црн дроб.

**Третман на ALF поради ВБ**

Пациентите со ALF поради ВБ имаат потреба од трансплантација на црн дроб, која е животоспасувачка, бидејќи закрепнувањето само со медикаментозен третман е исклучително ретко. Оптимален медицински менаџмент подразбира трансплантацијата на црн дроб да биде достапна во центарот каде што се лекува пациентот. Третманот со орални хелатори може да доведе до стабилизација се додека бубрежната функција е интактна или се обезбедува бубрежна поддршка; сепак, акутните реакции на хиперсензитивност и супресија на коскената срцевина се загрижувачки при нивната употреба доколку трансплантацијата е неизбежна. Онаму каде што хелаторната терапија не може да се користи, може да се администрира цинк, и покрај бавниот почеток на дејство. Агресивното медикаментозно менаџирање според воспоставените протоколи за ALF (вклучувајќи и третман на хиперамонемија и откривање и менаџирање со церебралниот едем), со рано започнување на afереза или ренална заместителна терапија за брзо отстранување на циркулирачкиот бакар, може да го стабилизира пациентот со ВБ кој чека трансплантација. Плазмафереза, размена на плазма, албуминска дијализа, размена на трансфузија, ренална заместителна терапија, молекуларен апсорбирачки рециркулаторен систем (MARS) или комбинации на овие третмани може да ја намалат хемолизата и да помогнат во спречување на бубрежната тубуларна оштета од бакар и бакарни комплекси додека не е можна трансплантација на црниот дроб. Во ретки случаи (< 10% севкупно), пациентот може да реагира доволно добро, така што нема да има потреба од трансплантација на црн дроб. На пациентите со ALF поради ВБ соодветно им се дава највисоката категорија на приоритет за трансплантација на црн дроб и покрај препознавањето на основната хронична оштета на црниот дроб со напредната фиброза кај овие пациенти.

**Трансплантација на црн дроб кај Вилсонова болест**

Индикации

Трансплантацијата на црниот дроб е индицирана кај пациенти со ВБ со декомпензирана црнодробна болест кои не реагираат на медикаментозен третман, или при акутна црнодробна оштета која напредува до ALF, или ALF со класична презентација (интраваскуларна хемолиза, релативно ниски серумски аминотрансферази, многу ниска серумска алкална фосфатаза, прогресивна хепатална енцефалопатија). Пациентите со ВБ и прогресивна хронична црнодробна инсуфициенција мора да се земат во предвид и за трансплантација на црн дроб, како и пациенти кај кои терапијата станала неефикасна, обично поради непридржување, а поретко поради несоодветен одговор на дејството на лекот. Овие пациенти често манифестираат иктерус, асцит, хепатална енцефалопатија, варикси и други

компликации на порталната хипертензија. Нересектабилен хепатоцелуларен карцином (HCC) е исто така индикација за трансплантација на црн дроб доколку туморот е ограничен на црниот дроб без васкуларна инвазија според Миланските критериуми и на тој начин ги исполнува соодветните критериуми за трансплантација. Трансплантација на црн дроб не е препорачана како примарен третман за невролошка ВБ бидејќи црнодробната болест кај повеќето пациенти се стабилизира со медикаментозен третман, а трансплантацијата на црн дроб нема соодветен бенефит. Пациентите со невролошка или психијатриска манифестација на ВБ имаат потешкотии кон придржувањето до медикаментозниот режим по трансплантација на црн дроб.

Донатор на органи

Повеќето пациенти со ВБ кои биле подложени на трансплантација на црн дроб во Северна Америка и Европа добиле орган од починат донор, но сепак, можна е успешна трансплантација на црн дроб и од жив донор. Прифатливи донори се незасегнати поединци или хетерозиготни носители за ВБ.

Исход

Трансплантацијата на црн дроб го корегира дефектот во метаболизмот на црниот дроб за ВБ и дозволува нормализирање на екстрахепатичната диспозиција на бакар без третман за ВБ. Долгорочното преживување на пациентите и графтовите, како за возрасни, така и за деца, се одлични.

**Препораки 28–31**

*28. Пациентите со ALF поради ВБ треба итно да бидат упатени на евалуација за трансплантација и потенцијална трансплантација на црн дроб.*
*29. Пациентите со ALI поради ВБ може да одговорат на медикаментозната терапија или може да напредуваат до ALF, кога имаат потреба од рано упатување за трансплантација и евалуација.*
*30. По трансплантација на црн дроб, медикаментозен третман специфичен за ВБ е непотребен.*
*31. Црнодробната инсуфициенција и HCC се добро прифатени индикации за трансплантација на црн дроб кај ВБ; сепак, невролошкиот ВБ останува контроверзна индикација.*

**Рак на црниот дроб кај Вилсонова болест**

Хепатоцелуларен карцином (HCC) се смета за ретка компликација на ВБ. Годишниот ризик од HCC кај пациенти со ВБ и цироза е проценет на 0,14%, но HCC се појавува кај 7% од пациентите со ВБ во друга кохорта. Поради тоа, HCC кај ВБ може да биде почеста од претходно што се мислеше, но сепак поретка отколку кај другите хронични заболувања на црниот дроб. Постои значителна стапка на интрахепатичен холангиокарцином (CCA) што ја компилицира ВБ. Затоа, кај ВБ, освен ако очигледниот тумор на црниот дроб ги исполнува строгите радиолошки критериуми за HCC и е присутна цироза, туморот треба да се евалуира со биопсија. Скрининг и надзор за HCC се препорачува кај пациенти со ВБ и цироза или регресивна цироза, а не и кај пациенти со ВБ без црнодробна цироза. Третманот на рак на црниот дроб кај ВБ треба да ги следи стандардните упатства за третман на HCC и CCA.

**Препорака 32**

*32. Пациентите со ВБ со цироза или регресивна цироза треба да подлежат на скрининг и надзор за HCC во согласност со препорачаните упатства. Скринингот и надзорот не се индицирани за CCA кај пациенти со ВБ; сепак, CCA треба да се земе предвид при диференцијалната дијагноза на тумори на црниот дроб кои не ги исполнуваат строгите радиолошки критериуми за HCC.*

## БРЕМЕНОСТ

Секогаш кога е можно, корисна е однапред планираната бременост. Мултидисциплинарниот пристап кон бременоста кај ВБ е особено важна, со потреба од постојана комуникација помеѓу акушерот и другите здравствени работници. Идеално би било доколку пациентот е во добра општа здравствена состојба со клинички стабилна ВБ на терапија пред концепцијата. Третманот мора да се продолжи за време на бременоста. Цинкот е безбедна опција. Иако Д-пеницилиаминот (FDA категорија D) и триентинот (FDA категорија C) имаат познати тератогени ефекти, ограничените податоци покажуваат безбедна употреба за време на бременоста, со препорачано намалување на дозата од приближно 50% во текот на првиот триместар кое потоа продолжува во текот на бременоста за да се намалат можните несакани ефекти врз фетусот и да се промовира постпартално зараснување на раната кај мајката. Се препорачува секој триместар да се следи состојбата на црниот дроб со биохемиско тестирање за да се утврди дека намалувањето на дозата на лекот нема негативно влијание врз функцијата на црниот дроб. Префрлање од орален хелатор на третман со цинк пред бременоста е опција, но сепак, секоја таква промена мора да покаже дека добро ја одржува клиничката состојба на пациентката пред бременоста. Останува во иднина да се утврди за потенцијалните абнормалности од терапијата во период на лактацијата кај пациентките со ВБ. Концентрациите на бакар во мајчиното млеко може да бидат несоодветни за метаболните и развојните потреби на новороденчето. Податоците се неубедливи за излачувањето на оралните хелатори во мајчиното млеко. Д-пеницилиаминот се излачува во мајчиното млеко и има потенцијал да му наштети на доенчето. Биорасположивоста на цинкот во мајчиното млеко е вообичаено доста висока, а малку е познато за ефектот на фармаколошките дози на цинк врз концентрациите во мајчиното млеко. Жените со ВБ може да имаат зголемени тешкотии при зачнувањето, иако се чини дека соодветниот третман го ублажува овој проблем. Нетретираната ВБ е препознаена причина за рекурентен спонтан абортус. Жените со заболување на црниот дроб кои имаат повторени спонтани абортуси треба да се евалуираат за ВБ. Пациентите со ВБ и декомпензирана цироза треба да се советуваат да избегнуваат бременост поради ризикот и за мајката и за фетусот. Иако не е задолжително, одредувањето на генотипот ATP7B на партнерот може да идентификува постоење на хетерозигот, ставајќи го доенчето во ризик да наследи ВБ.

**Препораки 33–35**

*33. Советување пред зачнување треба да вклучува генетско советување, дискусија за безбедноста на лековите во бременоста и треба да се земе предвид здравјето на идната мајка.*
*34. Третманот за ВБ треба да продолжи во текот на бременоста. Д-пенициламинот има познат тератоген потенцијал, а податоците за триентин се ретки. Клиничкото искуство сугерира дека намалена доза на хелаторната терапија со следење на црнодробната функција секој триместар е друга опција. Цинкот е безбеден, но сепак, ако идната мајка се префрли на цинк пред бременоста, клиничката стабилност на пациентката под терапија со цинк треба да се воспостави пред да се случи бременоста.*
*35. Доењето, и покрај неговите признати придобивки, повлекува потенцијални штети за доенчето додека мајката во период на лактација прима терапија за ВБ. Во секој случај треба да се одмерат добрите и лошите страни.*

### Симптоматски третман на екстрахепаталните симптоми

Ефективно менаџирање со невролошките и психијатриските манифестации на ВБ бараат враќање на нормалниот баланс на бакар со помош на медикаментозниот третман. Парадоксално може да се појави невролошко влошување, особено ако хелаторната терапија се започне премногу агресивно: но тоа вообичаено е минливо, одразувајќи ги флуктуациите на бакарот на централниот нервен систем, но може да биде и прогресивно. Приближно една третина од пациентите со психијатриски симптоми ќе се подобрат со самиот хелаторен третман.

**Третман на невролошки симптоми**

Многу невролошки симптоми барем делумно реагираат на дополнителен медикаментозен третман (види Табела 3). Лекови за лекување на паркинсонизам, како што е карбидопа/леводопа, може да се пробаат, но нивната ефикасност е променлива. Третманот за дистонија може да биде исклучително корисен, но ограничен поради појава на негативни ефекти (трихексифенидил: антихолинергичен ефект; клоназепам: седација; баклофен: абнормални тестови на црн дроб). Фокалната дистонија често може ефикасно да се третира со инјектирање ботулински токсин што може да се повтори со текот на времето. Променлив успех бил постигнат кај ограничен број пациенти со употреба на длабока мозочна стимулација насочена кон вентрално интермедијално јадро на таламусот за третман на тремор и кон глобус палидус интерна за третман на дистонија. Хореата може да се подобри со примена на везикуларни моноамин транспортер-2 инхибитори, како што се тетрабеназините или со примена на антагонисти на допаминските рецептори, иако пациентите со ВБ може да развијат негативни ефекти од невролептиците. Мултидисциплинарен пристап кој вклучува говорна терапија за дизартрија и дисфагија, како и физикална и работна терапија, често се корисни. Студиите со акт на голтање може да ги идентификуваат оние пациенти со дисфагија кои имаат ризик од аспирација со потреба од интервенција.

**Третман на психијатриски симптоми кај Вилсонова болест**

Ако психијатриските симптоми не исчезнат со примарен третман на ВБ или ако тие се тешки, може да се користат дополнително психотропни лекови или психотерапија. Кај овие пациенти важна е соодветна евалуација од психијатар и превземање на соодветни мерки за следење и грижа на нивното ментално здравје. Ова вклучува медикаментозен третман и советување на пациентите и нивните семејства.

Во третманот е вклучена употреба на психотропни лекови, како литиум, халоперидол, трициклични антидепресиви, бензодиазепини, кветиапин, риспперидон и клозапин, како и употреба на електроконвулзивна терапија (ЕКТ). ЕКТ се употребува за контрола на акутна психоза кај пациенти со ВБ кои имаат екстрапирамидни симптоми и психоза, како и кај оние кои се резистентни на медикаментозен третман.

**Препораки 36–38**

*36. Ефективниот третман кој обезбедува нормален баланс на бакар може да ги подобри невролошките и психијатриски симптоми кај пациентите со ВБ.*
*37. Дополнителниот медикаментозен третман ги ублажува невролошките симптоми на ВБ, вклучувајќи паркинсонизам, дистонија и хореа.*
*38. Пациенти со ВБ со перзистентни или тешки психијатриски симптоми, покрај адекватниот третман на ВБ, дополнителна корист може да имаат од терапија со психотропни лекови и советување.*

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Sandahl TD, Laursen TL, Munk DE, Vilstrup H, Weiss KH, Ott P. The prevalence of Wilson's disease: an update. Hepatology. 2020;71:722–32.
2. Wallace DF, Dooley JS. ATP7B variant penetrance explains differences between genetic and clinical prevalence estimates for Wilson disease. Hum Genet. 2020;139:1065–75.
3. Wilson DC, Phillips MJ, Cox DW, Roberts EA. Severe hepatic Wilson's disease in preschool-aged children. J Pediatr. 2000; 137:719–22.
4. Wiernicka A, Dądalski M, Jańczyk W, Kamińska D, Naorniakowska M, Hüsing-Kabar A, et al. Early onset of Wilson disease: diagnostic challenges. J Pediatr Gastroenterol Nutr. 2017;65:555–60.
5. Ala A, Borjigin J, Rochwarger A, Schilsky M. Wilson disease in septuagenarian siblings: raising the bar for diagnosis. Hepatol ogy. 2005;41:668–70.

6. Ferenci P, Stremmel W, Członkowska A, Szalay F, Viveiros A, Stättermayer AF, et al. Age and sex but not ATP7B genotype effectively influence the clinical phenotype of Wilson disease. Hepatology. 2019;69:1464–76.
7. Milkiewicz P, Saksena S, Hubscher SG, Elias E. Wilson's disease with superimposed autoimmune features: report of two cases and review. J Gastroenterol Hepatol. 2000;15:570–4.
8. Dara N, Imanzadeh F, Sayyari AA, Nasri P, Hosseini AH. Simultaneous presentation of Wilson's disease and autoimmune hepatitis; a case report and review of literature. Hepat Mon. 2015;15:e29043.
9. Ferenci P, Steindl-Munda P, Vogel W, Jessner W, Gschwantler M, Stauber R, et al. Diagnostic value of quantitative hepatic copper determination in patients with Wilson's disease. Clin Gastroenterol Hepatol. 2005;3:811–.
10. Aigner E, Strasser M, Haufe H, Sonnweber T, Hohla F, Stadlmayr A, et al. A role for low hepatic copper concentrations in nonalcoholic fatty liver disease. Am J Gastroenterol. 2010;105:1978–85.
11. Jung K-H, Ahn T-B, Jeon BS. Wilson disease with an initial manifestation of polyneuropathy. Arch Neurol. 2005;62: 1628–31.
12. Ferenci P. Phenotype-genotype correlations in patients with Wilson's disease. Ann N Y Acad Sci. 2014;1315:1–5.
13. Litwin T, Dzieżyc K, Karliński M, Chabik G, Czepiel W, Członkowska A. Early neurological worsening in patients with Wilson's disease. J Neurol Sci. 2015;355:162–7.
14. Brewer GJ. Penicillamine should not be used as initial therapy in Wilson's disease. Mov Disord. 1999;14:551–4.
15. Svetel M, Potrebić A, Pekmezović T, Tomić A, Kresojević N, Jesić R, et al. Neuropsychiatric aspects of treated Wilson's disease. Parkinsonism Relat Disord. 2009;15:772–5.
16. Zimbrean PC, Schilsky ML. Psychiatric aspects of Wilson disease: a review. Gen Hosp Psychiatry. 2014;36:53–62.
17. Sridhar MS, Pineda R. Anterior segment optical coherence tomography to look for Kayser-Fleischer rings. Pract Neurol. 2017;17:222–3.
18. Członkowska A, Litwin T, Dusek P, Ferenci P, Lutsenko S, Medici V, et al. Wilson disease. Nat Rev Dis Primers. 2018;4:21.
19. Mak CM, Lam C-W, Tam S. Diagnostic accuracy of serum ceruloplasmin in Wilson disease: determination of sensitivity and specificity by ROC curve analysis among ATP7B-genotyped
subjects. Clin Chem. 2008;54:1356–62.
20. Duncan A, Yacoubian C, Beetham R, Catchpole A, Bullock D. The role of calculated non-caeruloplasmin-bound copper in Wilson's disease. Ann Clin Biochem. 2017;54:649–54.
21. Solovyev N, Ala A, Schilsky M, Mills C, Willis K, Harrington CF. Biomedical copper speciation in relation to Wilson's disease using strong anion exchange chromatography coupled to triple quadrupole inductively coupled plasma mass spectrometry. Anal Chim Acta. 2020;1098:27–36.
22. Poujois A, Trocello JM, Djebrani-Oussedik N, Poupon J, Collet C, Girardot-Tinant N, et al. Exchangeable copper: a reflection of the neurological severity in Wilson's disease. Eur J Neurol. 2017; 24:154–60.
23. Guillaud O, Brunet A-S, Mallet I, Dumortier J, Pelosse M, Heissat S, et al. Relative exchangeable copper: a valuable tool for the diagnosis of Wilson disease. Liver Int. 2018;38:350–7.
24. da Costa CM, Baldwin D, Portmann B, Lolin Y, Mowat AP, Mieli- Vergani G. Value of urinary copper excretion after penicillamine challenge in the diagnosis of Wilson's disease. Hepatology. 1992;15:609–15.
25. Müller T, Koppikar S, Taylor RM, Carragher F, Schlenck B, Heinz-Erian P, et al. Re-evaluation of the penicillamine challenge test in the diagnosis of Wilson's disease in children. J Hepatol. 2007;47:270–6.
26. Lackner C, Denk H. Histopathology of Wilson disease. In: Kerkar N, Roberts E, editors. Clinical and translational perspectives on Wilson disease. New York: Academic Press; 2018. p. 257–70.
27. Sternlieb I. Mitochondrial and fatty changes in hepatocytes of patients withWilson's disease. Gastroenterology. 1968;55:354–67.
28. Phillips MJ, Poucell S, Patterson J, Valencia P. The liver: an Atlas and text of ultrastructural pathology. New York: Raven Press; 1987.

29. Ludwig J, Moyer TP, Rakela J. The liver biopsy diagnosis of Wilson's disease. Methods in pathology. Am J Clin Pathol. 1994; 102:443–6.
30. Ferenci P, Caca K, Loudianos G, Mieli-Vergani G, Tanner S, Sternlieb I, et al. Diagnosis and phenotypic classification of Wilson disease. Liver Int. 2003;23:139–42.
31. Korman JD, Volenberg I, Balko J, Webster J, Schiodt FV, Squires RH Jr, et al. Screening for Wilson disease in acute liver failure: a comparison of currently available diagnostic tests. Hepatology. 2008;48:1167–74.
32. Dhawan A, Taylor RM, Cheeseman P, De Silva P, Katsiyiannakis L, Mieli-Vergani G. Wilson's disease in children: 37-year experience and revised King's score for liver ransplantation. Liver Transpl. 2005;11:441–8.
33. Collins CJ, Yi F, Dayuha R, Duong P, Horslen S, Camarata M, et al. Direct measurement of ATP7B peptides is highly effective in the diagnosis of Wilson disease. Gastroenterology. 2021;160: 2367–82.
34. Valentino PL, Roberts EA, Beer S, Miloh T, Arnon R, Vittorio JM, et al. Management of Wilson disease diagnosed in infancy: an appraisal of available experience to generate discussion. J Pediatr Gastroenterol Nutr. 2020;70:547–.
35. Paternostro R, Pfeiffenberger J, Ferenci P, Stättermayer AF, Stauber RE, Wrba F, et al. Non-invasive diagnosis of cirrhosis and long-term disease monitoring by transient elastography in patients with Wilson disease. Liver Int. 2020;40:894–904.
36. Perrett D. The metabolism and pharmacology of D-penicillamine in man. J Rheumatol Suppl. 1981;7:41–50.
37. Bergstrom RF, Kay DR, Harkcom TM, Wagner JG. Penicillamine kinetics in normal subjects. Clin Pharmacol Ther. 1981;30: 404–13.
38. Kukovetz WR, Beubler E, Kreuzig F, Moritz AJ, Nirnberger G, Werner-Breitenecker L. Bioavailability and pharmacokinetics of D-penicillamine. J Rheumatol. 1983;10:90–4.
39. Członkowska A, Gajda J, Rodo M. Effects of long-term treatment in Wilson's disease with D-penicillamine and zinc sulphate. J Neurol. 1996;243:269–73.
40. Walshe JM. Wilson's disease presenting with features of hepatic dysfunction: a clinical analysis of eighty-seven patients. QJM. 1989;70:253–63.
41. Medici V, Trevisan CP, D'Incà R, Barollo M, Zancan L, Fagiuoli S, et al. Diagnosis and management of Wilson's disease: results of a single center experience. J Clin Gastroenterol. 2006;40:936–41.
42. Lu J, Poppitt SD, Othman AA, Sunderland T, Ruggiero K, Willett MS, et al. Pharmacokinetics, pharmacodynamics, and metabolism of triethylenetetramine in healthy human participants: an open-label trial. J Clin Pharmacol. 2010;50:647–58.
43. Pfeiffenberger J, Kruse C, Mutch P, Harker A, Weiss KH. The steady state pharmacokinetics of trientine in Wilson disease patients. Eur J Clin Pharmacol. 2018;74:731–6.
44. Boga S, Jain D, Schilsky ML. Trientine induced colitis during therapy for Wilson disease: a case report and review of the literature. BMC Pharmacol Toxicol. 2015;16:30.
45. Taylor RM, Chen Y, Dhawan A, EuroWilson Consortium. Triethylene tetramine dihydrochloride (trientine) in children with Wilson disease: experience at King's College Hospital and review of the literature. Eur J Pediatr. 2009;168:1061–8.
46. Mayr T, Ferenci P, Weiler M, Fichtner A, Mehrabi A, Hoffmann GF, et al. Optimized trientine-dihydrochloride therapy in pediatric patients with Wilson disease: is weight-based dosing justified? J Pediatr Gastroenterol Nutr. 2021;72:115–22.
47. Ala A, Aliu E, Schilsky ML. Prospective pilot study of a single daily dosage of trientine for the treatment of Wilson disease. Dig Dis Sci. 2015;60:1433–9.
48. Pfeiffenberger J, Lohse CM, Gotthardt D, Rupp C, Weiler M, Teufel U, et al. Long-term evaluation of urinary copper excretion and non-caeruloplasmin associated copper in Wilson disease patients under medical treatment. J Inherit Metab Dis. 2019;42: 371–80.
49. Camarata MA, Ala A, Schilsky ML. Zinc maintenance therapy for Wilson disease: a comparison between zinc acetate and alternative zinc preparations. Hepatol Commun. 2019;3:1151–8.
50. Santiago R, Gottrand F, Debray D, Bridoux L, Lachaux A, Morali A, et al. Zinc therapy for Wilson disease in children in French pediatric centers. J Pediatr Gastroenterol Nutr. 2015;61:613–8.

51. WeissKH,Gotthardt DN, Klemm D, Merle U, Ferenci-Foerster D, Schaefer M, et al. Zinc monotherapy is not as effective as chelating agents in treatment of Wilson disease. Gastroenterol ogy. 2011;140:1189–98.
52. Członkowska A, Litwin T, Karliński M, Dziezyc K, Chabik G, Czerska M. D-penicillamine versus zinc sulfate as first-line therapy for Wilson's disease. Eur J Neurol. 2014;21:599–606.
53. Linn FHH, Houwen RHJ, van Hattum J, van der Kleij S, van Erpecum KJ. Long-term exclusive zinc monotherapy in symptomatic Wilson disease: experience in 17 patients. Hep atology. 2009;50:1442–52.
54. Ranucci G, Di Dato F, Spagnuolo MI, Vajro P, Iorio R. Zinc monotherapy is effective in Wilson's disease patients with mild liver disease diagnosed in childhood: a retrospective study. Orphanet J Rare Dis. 2014;9:41.
55. Brewer GJ, Dick RD, Johnson VD, Fink JK, Kluin KJ, Daniels S. Treatment of Wilson's disease with zinc XVI: treatment during the pediatric years. J Lab Clin Med. 2001;137:191–8.
56. Dzieżyc K, Litwin T, Sobańska A, Członkowska A. Symptomatic copper deficiency in three Wilson's disease patients treated with zinc sulphate. Neurol Neurochir Pol. 2014;48:214–8.
57. Institute of Medicine (US) Panel on Micronutrients. Copper. In: Dietary reference intakes for vitamin A, vitamin K, arsenic, boron, chromium, copper, iodine, iron, manganese, molybdenum, nickel, silicon, vanadium, and zinc. Washington, DC: National Academies Press (US); 2001. p. 224–52. Available from: https:// www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK222312/
58. Sturm E, Piersma FE, Tanner MS, Piotr S, Roberts EA, Shneider BL. Controversies and variation in diagnosing and treating children with Wilson disease: results of an international survey. J Pediatr Gastroenterol Nutr. 2016;63:82–7.
59. Russell K, Gillanders LK, Orr DW, Plank LD. Dietary copper restriction in Wilson's disease. Eur J Clin Nutr. 2018;72:326–1.
60. Chanpong A, Dhawan A. Long-term urinary copper excretion on chelation therapy in children with Wilson disease. J Pediatr Gastroenterol Nutr. 2021;72:210–5.
61. Beinhardt S, Leiss W, Stättermayer AF, Graziadei I, Zoller H, Stauber R, et al. Long-term outcomes of patients with Wilson disease in a large Austrian cohort. Clin Gastroenterol Hepatol. 2014;12:683–9.
62. Dubbioso R, Ranucci G, Esposito M, Di Dato F, Topa A, Quarantelli M, et al. Subclinical neurological involvement does not develop if Wilson's disease is treated early. Parkinsonism Relat Disord. 2016;24:15–9.
63. Camarata MA, Gottfried M, Rule JA, Ala A, Lee WM, Stravitx RT, et al. Outcomes of acute liver injury in adults due to Wilson's disease: is survival without transplant possible? Liver Transpl. 2020;26:330–6.
64. PhamHP,Schwartz J, Cooling L, Hofmann JC, Kim HC, Morgan S, et al. Report of the ASFA apheresis registry study on Wilson's disease. J Clin Apher. 2016;31:11–5.
65. Bakhsha S, Teoh CW, Harvey EA, Noone DG. Single pass albumin dialysis and plasma exchange for copper toxicity in acute Wilson disease. Case Rep Nephrol Dial. 2019;9:55–63.
66. Oosthuizen NM. Undetectable serum alkaline phosphatase activity in a patient with fulminant hepatic failure and hemolytic anemia. Clin Chem. 2011;57:382–5.
67. Vandriel SM, Ayoub MD, Ricciuto A, Hansen BE, Ling SC, Ng VL, et al. Pediatric Wilson disease presenting as acute liver failure: an individual patient data meta-analysis. J Pediatr Gastroenterol Nutr. 2020;71:e90–6.
68. Arnon R, Annunziato R, Schilsky M, Miloh T, Willis A, Sturdevant M, et al. Liver transplantation for children with Wilson disease: comparison of outcomes between children and adults. Clin Transplant. 2011;25:E52–60.
69. Weiss KH, Schäfer M, Gotthardt DN, Angerer A, Mogler C, Schirmacher P, et al. Outcome and development of symptoms after orthotopic liver transplantation for Wilson disease. Clin Transplant. 2013;27:914–22.
70. Poujois A, Sobesky R, Meissner WG, Brunet AS, Broussolle E, Laurencin C, et al. Liver transplantation as a rescue therapy for severe neurologic forms of Wilson disease. Neurology. 2020;94: e2189–202.
71. Guillaud O, Dumortier J, Sobesky R, Debray D, Wolf P, Vanlem mens C, et al. Long term results of liver transplantation for Wilson's disease: experience in France. J Hepatol. 2014;60:579–89.
72. vanMeer S, deManRA, vandenBerg AP, HouwenRHJ,Linn FHH, van Oijen MGH, et al. No increased risk of hepatocellular carcinoma in cirrhosis due to Wilson disease during long-term follow-up. J Gastroenterol Hepatol. 2015;30:535–9.

73. Pfeiffenberger J, Mogler C, Gotthardt DN, Schulze-Bergkamen H, Litwin T, Reuner U, et al. Hepatobiliary malignancies in Wilson disease. Liver Int. 2015;35:1615–22.
74. Rosencrantz RA, LeCompte L, Yusuf Y. Beneath the copper— pediatric Wilson's disease cirrhosis and hepatocellular carci noma: a casereport with literature review. Semin Liver Dis. 2015; 35:434–8.
75. Ackland ML, Michalczyk AA. Zinc and infant nutrition. Arch Biochem Biophys. 2016;611:51–7.
76. Krebs NF, Reidinger CJ, Hartley S, Robertson AD, Hambidge KM. Zinc supplementation during lactation: effects on maternal status and milk zinc concentrations. Am J Clin Nutr. 1995;61:1030–6.
77. Kannan S, Dick R, Johnson V, Brewer GJ. Effect of zinc treatment for Wilson's disease on zinc concentration in breast milk (abstract). J Trace Elem Exp Med. 2001;14:283.
78. Kodama H, Anan Y, Izumi Y, Sato Y, Ogra Y. Copper and zinc concentrations in the breast milk of mothers undergoing treat ment for Wilson's disease: a prospective study. BMJ Paediatr Open. 2021;5:e000948.
79. Pfeiffenberger J, Beinhardt S, Gotthardt DN, Haag N, Freissmuth C, Reuner U, et al. Pregnancy in Wilson's disease: management and outcome. Hepatology. 2018;67:1261–9.
80. Zimbrean P, Seniów J. Cognitive and psychiatric symptoms in Wilson disease. Handb Clin Neurol. 2017;142:121–40.
81. Hedera P. Treatment of Wilson's disease motor complications with deep brain stimulation. Ann N Y Acad Sci. 2014;1315:16–23.
82. Srinivas K, Sinha S, Taly AB, Prashanth LK, Arunodaya GR, Janardhana Reddy YC, et al. Dominant psychiatric manifes tations in Wilson's disease: a diagnostic and therapeutic challenge! J Neurol Sci. 2008;266:104–8.
83. Stenson PD, Mort M, Ball EV, Shaw K, Phillips A, Cooper DN. The HumanGeneMutation Database: building a comprehensive mutation repository for clinical and molecular genetics, diagnostic testing and personalized genomic medicine. Hum Genet. 2014;133:1–9.
84. Kumar M, Gaharwar U, Paul S, Poojary M, Pandhare K, Scaria V, et al. WilsonGen a comprehensive clinically annotated genomic variant resource for Wilson's disease. Sci Rep. 2020;10:9037.
85. Kenney SM, Cox DW. Sequence variation database for the Wilson disease copper transporter, ATP7B. Hum Mutat. 2007;28:1171–7.
86. Roberts EA. Update on the diagnosis and management of Wilson disease. Curr Gastroenterol Rep. 2018;20:56.
87. Petrasek J, Milan J, Sperl J, Kozak L, Taimr P, Spicak J, et al. Revised King's College score for liver transplantation in adult patients with Wilson disease. Liver Transpl. 2007;13:55–61.
88. Schilsky ML, Scheinberg IH, Sternlieb I. Liver transplantation for Wilson's disease: indications and outcome. Hepatology. 1994; 19:583–7.
89. Eghtesad B, Nezakatgoo N, Geraci LC, Jabbour N, Irish WD, Marsh W, et al. Liver transplantation for Wilson's disease: a single-center experience. Liver Transpl Surg. 1999;5:467–74.
90. Emre S, Atillasoy EO, Ozdemir S, Schilsky M, Rathna Varma CVR, Thung SN, et al. Orthotopic liver transplantation for Wilson's disease: a single-center experience. Transplantation. 2001;72:1232–6.
91. Sutcliffe RP, Maguire DD, Muiesan P, Dhawan A, Mieli-Vergani G, O'Grady JG, et al. Liver transplantation for Wilson's disease: long-term results and quality-of-life assessment. Transplantation. 2003;75:1003–6.
92. Wang XH, Cheng F, Zhang F, Li XC, Kong LB, Li GQ, et al. Living-related liver transplantation for Wilson's disease. Transpl Int. 2005;18:651–.
93. Medici V, Mirante VG, Fassati LR, Pompili M, Forti D, Del Gaudio M, et al. Liver transplantation for Wilson's disease: the burden of neurological and psychiatric disorders. Liver Transpl. 2005;11: 1056–63.
94. Sevmis S, Karakayali H, Aliosmanoglu I, Yilmaz U, Ozcay F, Torgay A, et al. Liver transplantation for Wilson's disease. Transplant Proc. 2008;40:228–30.
____________________________
(Име и презиме, потпис)

____________________________
(позиција)

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ ЗА ДОСИЕТО

| Документ / Прилог | Опис |
|---|---|
| **Пријава за учество** | Формулар за пријавување на обуката, пополнет со основни податоци на учесникот |
| **Документи потребни за упис** | Лична карта или друг документ за идентификација (на увид), копија од диплома за завршено образование заверена на нотар или сертификат, документи кои се наведени во критериумите за влез во програмаат |
| **Договор за обука** | Потпишан договор кој ги утврдува условите за учество во обуката, како и обврските на учесникот и обучувачот |
| **Писмени задачи/тест** | Есеи, извештаи или други писмени задачи кои учесникот ги изработил за време на обуката |
| **Извештај од практична работа** | Извештај за извршените практични задачи или активности во рамки на обуката |
| **Проект/извештај од завршен испит** | Завршен проект кој учесникот го изработил како дел од обуката, при што се применуваат стекнатите знаења и вештини |
| **Копија од сертификат и додаток на сертификат по завршување на обуката** | Копија од сертификат и додаток на сертификат кој потврдува дека учесникот успешно ја завршил обуката |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: **ЈП Служебен весник на Република Северна Македонија**, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2025 година изнесува 16.650 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.

ISSN 0354-1622

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 208** **9 октомври 2025, четврток** **година LXXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# О Г Л А С И

## СОДРЖИНА


| | Стр. |
|---|---|
| Судски огласи | 1 |
| Стечајни постапки | 1 |
| Нотарски огласи | 3 |
| Јавни објави на извршители | 8 |
| Неважечки документи | 9 |
| Огласи | 12 |
| Јавни набавки | 16 |


## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Основниот граѓански суд во Скопје е поднесена тужбата од тужителката Беса Зајази од Скопје, против тужениот Нафи Саити од Скопје, сега со непозната адреса на живеалиште и престојувалиште, за долг, со вредност на спорот 1.269.015 денари.

Судот утврди дека се исполнети условите предвидени со член 76 став 1 точка 4 од ЗПП, да му се одреди на тужениот Нафи Саити од Скопје, привремен застапник, бидејќи престојувалиштето на тужениот е непознато и тој нема полномошник во постапката.

За привремен застапник на тужениот Нафи Саити, кој ќе го застапува тужениот во постапката сè додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа на Град Скопје не го извести судот дека му назначил старател, со Решение на овој суд 21 П1. бр. 272/24 од ден 23.5.2025 година, е назначена адвокатот Цветанка Серафимовска од Скопје, ул. „Емил Зола“ бр. 6, лок. 8.

Од Основен граѓански суд Скопје, Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност, 21 П1. бр. 272/24.

(53032)

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Ирена Антоска, објавува дека со Решение 1. Ст. бр. 132/25 и 1 Ст. бр. 142/25 од 2.10.2025 година, се усвојува предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот Приватна здравствена установа – Дијагностичка биохемиска лабораторија и лабораторија за молекуларна дијагностика НИКОБ ЛАБ ДОО Скопје, поднесен од предлагачи-доверители Кирил Лазаров од Струмица и Друштво за промет со медицински помагала и реагенси ЕЛТА 90 МОЛЕКУЛАРНА МЕДИЦИНА ДОО Скопје.

Се отвора стечајна постапка над Должникот Приватна здравствена установа – Дијагностичка биохемиска лабораторија и лабораторија за молекуларна дијагностика НИКОБ ЛАБ Скопје, со седиште на бул. „Борис Трајковски“ бр. 62 Скопје, со трансакциска сметка број 200003876498777 во Стопанска банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 240000116666003 во Универзална инвестициона банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 250001004120540 во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, со трансакциска сметка број 270074877620197 и 27007487620294 во Халк банка АД Скопје, и со трансакциска сметка број 380177858000123 во Прокредит банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 7487762, единствен даночен број 4058021538135 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра.

За стечаен управник се определува Маринко Саздовски бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2 Скопје.

Се повикуваат доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на решението во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат доверителите кои имаат разлачни права на подвижни предмети и права на должникот како и доверителите кои имаат разлачни права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги односно разлачни права на недвижностите што се запишани во јавните книгии во рок од 15 (петнаесет) дена од објавувањето на решението во „Службен весник на РСМ“ да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуват должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

Се закажува рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања извештајно собрание на доверителите на ден 2.12.2025 година, во 10:30 часот, во судница II, на I кат.

Од Основниот суд Скопје. (53069)

## Огласи

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Ирена Антоска, објавува дека со Решение 1 Ст. бр. 175/25 од 1.10.2025 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Трговско друштво за угостителство трговија и услуги ФИНЕ ДОО Скопје, со седиште на бул. „Војводина“ бр. 5 Скопје, со трансакциска сметка број 200004115868781 во Стопанска банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 210057497510166 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 250020100326725 во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и со трансакциска сметка број 270057497510173 во Халк банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 5749751, единствен даночен број 4026003123999 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 41.000 – Изградба на станбени и нестанбени згради.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 4.11.2025 година во 9:00 часот, во судница број II на I кат.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува лицето Маринко Саздовски, бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2 Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сѐ до донесување на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забранува исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Од Основен граѓански суд Скопје. (53070)

---

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Ирена Антоска, објавува дека со Решение I. Ст. бр. 205/23 од 30.9.2025 година, се запира стечајната постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ЉУАН ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Дижонска“ бр. 17, Скопје, со трансакциска сметка бр. 270067573830112 во Халк банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 6757383, единствен даночен број 4082012508485 при УЈП Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 46.41 – Трговија на големо со текстил, но поради немање на имот, постапката се заклучува според чл. 205 од Законот за стечај.

По правосилноста на Решението, должникот да се брише од Трговскиот регистар кој го води Централниот регистар – Регионална регистрациона канцеларија – Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје. (53071)

---

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение IV Ст. бр. 114/25 од 16.9.2025 година, објавува дека се усвојува предлогот на предлагачот - должник за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство трговија и услуги СИЛВЕР ИМПЕКС ДООЕЛ Арачиново.

Се отвора стечај над должникот Друштво за производство, трговија и услуги СИЛВЕР ИМПЕКС ДООЕЛ Арачиново од Арачиново, со седиште на ул. „14“ бр. 33, со трансакциска сметка број 200001871220202 во Стопанска банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 6422403, единствен даночен број 4030008048690 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 46.90 – Неспецијализирана трговија на големо.

За стечаен управник се определува Маринко Саздовски од Скопје, со живеалишта на бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2.

Се повикуваат доверителите во рок од 15 (петнаесет) дена од објавувањето на Решението во „Службен весник на РСМ“, да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат доверителите кои имаат разлачни права на подвижни предмети и права на должникот како и доверителите кои имаат разлачни права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги односно разлачни права на недвижностите што се запишани во јавните книги во рок од 15 (петнаесет) дена од објавувањето на Решението во „Службен весник на РСМ“ да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот, на стечајниот управник.

Се закажува рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања и извештајно Собрание на доверители на ден 4.11.2025 година, во 9:50 часот, во судница VI, I кат.

Решението за отворање стечајна постапка да се достави до Централен регистар Регионална регистрациона канцеларија Скопје и до Агенција за катастар на недвижности Скопје, заради запишување во Трговскиот регистар и во јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар, во „Службен весник на РСМ“, во два дневни весника и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (53264)

---

Основниот суд Куманово објавува дека со Решение 1 Ст. бр. 1/25 од 22.9.2025 година, се врши поправање на Решението 1 Ст. бр. 1/25 од 10.6.2025 година и тоа во изреката на Решението:

На страна 1, по зборовите стечаен управник Маринко Саздовски од Скопје наместо бул. „Јане Сандански“ бр. 10/2 Скопје треба да стои бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2 Скопје.

Се повикуваат доверителите кои го пријавиле своето побарување кај стечајниот управник во рокот од 15 дена од објавувањето на Решението Ст. бр. 1/25 од 10.6.2025 година во „Службен весник на РСМ“ бр. 128 од 26.6.2025 година, да достават доказ дека го пријавиле побарувањето до стечајниот управник Маринко Саздовски од Скопје бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2 Скопје, во рок од 8 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“.

Од Основен суд – Куманово (53265)

---

Основниот суд во Куманово, објавува дека со Решение I Ст. бр. 24/25 од 23.9.2025 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ББ ЗОНЕ ДОО увоз-извоз Куманово, со седиште на ул. „Јован Поповиќ“ бр.

27 Куманово, со трансакциска сметка бр. 270077135090139 при Халк банка АД Скопје, ЕМБС 7713509, ЕДБ 4017023550541 и приоритетна дејност/главна приходна шифра 96.02 – Фризерски салон и салон за разубавување.

Се закажува рочиште за изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка над должникот на ден 20.10.2025 година, во 11:30 часот, судница бр. 47 во Основен суд во Куманово.

Се определуваат следниве мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се именува стечајниот управник Маринко Саздовски од Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр. 106/2 Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско – финансиската состојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забранува исплата од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории, за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во деловната документација.

Се задолжува привремениот стечаен управник во прилог на извештајот за економско-финансиската состојба на должникот да достави потврда од Агенцијата за катастар на недвижности, потврда од МВР, потврда од Општина Куманово, потврда од Централен депозитар за хартии од вредност, потврда од Централен регистар за залог, потврда од Централниот регистар на РСМ дали должникот располага со имот во друго трговско друштво.

Решението да се објави на веб-страницата на Централниот регистар на РСМ, во „Службен весник на РСМ“, на огласната табла на судот и на веб-страницата на судот.

Од Основен суд – Куманово. (53266)

---

Основниот граѓански суд Скопје со Решение IV Ст. бр.122/25 од 22.9.2025 година. објавува дека се отвора стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и услуги АРГОН ДООЕЛ Скопје, од Скопје со седиште на ул. „Христијан Тодоровски - Карпош“ бр.3, со трансакциска сметка број 300000001561251 при Комерцијална банка АД Скопје, ЕМБС 4638891, единствен даночен број 4030993369854 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 47.19 – Друга трговија на мало со неспецијализирани продавници.

Стечајната постапка не се спроведува поради немање имот и се заклучува.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на Република Северна Македонија – Регионална регистрациона канцеларија – Скопје, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на огласната табла на судот.

По правосилноста на Решението должникот да се брише од Централен регистар на Република Северна Македонија Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје. (53269)

## НОТАРСКИ ОГЛАСИ

Се отуѓува – продава земјоделско земјиште, сосопственост на Сулејмани Мехмет со живеалиште во Тетово на ул. „Браќа Миладинови“ бр. 42, дел од 1/2 заведено во Имотен лист број 72 за КО ГАЈРЕ, КП бр. 2168, место викано „Прамка“, катастарска култура 17000, класа 5, со површина 5.846 м2, за цена од 55.350 денари.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се доставаат до нотарот Весна Масловариќ-Костовска, ул. „Благоја Тоска“ 214/1, Тетово. (53324)

---

Се продава недвижен имот - земјоделско земјиште евидентирано на КП бр. 132 дел /, на место викано/улица „Над село“, катастарска култура зз - плодни земјишта, н - нива, класа 7 со вкупна површина од 1.460 м2, КП бр. 140 дел /, на место викано/улица „Над село“, катастарска култура зз - плодни земјишта, н - нива, класа 7 со вкупна површина од 2.002 м2 и на КП бр. 142 дел /, на место викано/улица „Над село“, катастарска култура зз - плодни земјишта, н - нива, класа 7, со вкупна површина од 1.773 м2, запишана во Имотен лист бр. 43229 за КО Дебреште вон град со право на сосопственост од 1/10 (една десеттина) идеален дел на име на продавачот Хусејин Мифтар од Шведска, а сето тоа за вкупна продажна цена од 30.000 денари.

Согласно со член 15 од Законот за земјоделско земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 135 од 8.11.2007 година) се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште се граничи со земјиштето што се продава) во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата, бидејќи во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите писмено да се доставаат до нотарот Игор Ефремоски од Прилеп, со седиште на бул. „Гоце Делчев“ бр. 47-1, Прилеп. (53325)

---

Се продава недвижен имот - земјоделско земјиште евидентирано на КП бр. 132 дел /, на место викано/улица „Над село“, катастарска култура зз - плодни земјишта, н - нива, класа 7 со вкупна површина од 1.460 м2, КП бр. 140 дел /, на место викано/улица „Над село“, катастарска култура зз - плодни земјишта, н - нива, класа 7 со вкупна површина од 2.002 м2 и на КП бр. 142 дел /, на место викано/улица „Над село“, катастарска култура зз - плодни земјишта, н - нива, класа 7, со вкупна површина од 1.773 м2, запишана во Имотен лист бр. 43229 за КО Дебреште вон град со право на сосопственост од 1/10 (една десеттина) идеален дел на име на продавачот Ибрахим Мухсин Ипце Мифтар од Шведска, а сето тоа за вкупна продажна цена од 30.000 денари.

Согласно со член 15 од Законот за земјоделско земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 135 од 8.11.2007 година) се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување (заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште се граничи со земјиштето што се продава) во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата, бидејќи во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите писмено да се доставаат до нотарот Игор Ефремоски од Прилеп, со седиште на бул. „Гоце Делчев“ бр. 47-1, Прилеп. (53326)

**Огласи**

Врз основа на Нотарски акт – Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ број 1856/2025 од 7.10.2025 година, сочинет од нотарот Зафир Хаџи-Зафиров во Скопје, склучен помеѓу Шпаркасе банка АД Скопје, со седиште на улица „Орце Николов“ број 54 Скопје, Центар, со ЕМБС 4558669, како заложен доверител , Друштво за производство, трговија и услуги ЗЕЛЕНА КУЌА ДОО с. Горни Подлог, Кочани, со седиште Горни Подлог, Кочани, со ЕМБС 6032761 и ЕДБ 4013005121344, како корисник на кредитот заложен должник и Трговско друштво за одгледување на лековити растенија, застапување, услуги и трговија на големо и мало ЦАННОБИ увоз извоз ДОО Скопје, со седиште на ул. „Љубљанска“ бр. 5, Скопје, Карпош, со ЕМБС 4897196 и ЕДБ 4030994170733, како заложен должник, засновано е заложно право врз недвижен имот запишан во Имотен лист број 974 за КО Долни Подлог, Имотен лист број 863 за КО Ќојлија, Имотен лист број 669 за КО Којлија и Имотен лист број 1112 за КО Долни Подлог, издадени од Агенција за катастар на недвижности на РС Македонија по основ на Нотарски акт – Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ број 1856/2025 од 7.10.2025 година, сочинет од нотарот Зафир Хаџи-Зафиров при што износот на побарувањето преставува збир од главното побарување на износ од 700.000,00 евра. (53327)

---

Се продава недвижен имот со КП 2576, со површина од 1.600 м2 запишана во Имотен лист број 87 за КО Табановце на име на продавачот Столе Стојановиќ, за вкупна купопродажна цена од 50.000 денари.

Се повикуваат сите сосопственици и соседи - граничари, чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“ писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Татјана Трајковска од Куманово, ул. „Пелинска“ бр. 3. (53328)

---

Врз основа на Нотарски акт - Анекс бр. 3 составен под ОДУ бр. 999/25 на ден 24.9.2025 година од нотарот Ана Брашнарска, а кон Нотарски акт – Договор за залог врз недвижен имот – хипотека од прв ред со својство на извршна исправа ОДУ бр. 267/22 од 25.5.2022 година од нотарот Џеват Бучи, изменет и дополнет со Нотарски акт – Анекс бр. 1, сочинет под ОДУ бр. 317/22 од 16.6.2022 година од нотарот Џеват Бучи и Нотарски акт – Анекс бр. 2 сочинет под ОДУ бр. 678/24 од 4.7.2024 година од нотарот Ана Брашнарска, се заснова заложно право – хипотека над недвижен имот кој се наоѓа во Скопје со право на сопственост на Друштво за посредување и трговија ГЕМАК - ТРАДЕ Енвер ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на булевар „Гоце Делчев“ бр. 11, ДТЦ Мавровка, Скопје, Центар, со ЕМБС 4136217, со следните катастарски индикации КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 11, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, внатрешна површина 18 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 12, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, внатрешна површина 68 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 12, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, внатрешна површина 10 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 13, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, внатрешна површина 37 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 53, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 17 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 53, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 53 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 54, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 16 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 54, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 63 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 55, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 66 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 55, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 16 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 56, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 21 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 56, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 100 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 57, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 101 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 57, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 23 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 58, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 125 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 58, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 25 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 59, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 22 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 59, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 106 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 60, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 73 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 60, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 15 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 61, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 72 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 61, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, внатрешна површина 14 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 62, намена на посебен/заеднички дел од зграда А, внатрешна површина 47 м2, КП 5106, дел 2, адреса Градски парк Ламела А-десно, бр. на зграда 1, намена на зграда Б5-1, влез 1, кат К5, број 62, намена на посебен/заед-

**Огласи**

нички дел од зграда ПП, внатрешна површина 16 м2, евидентиран во Имотен лист бр. 54457 за КО ЦЕНТАР 1, соодветен дел на заеднички простор - лифт кој за редовно користење и употреба им припаѓа на горецитираниот недвижен имот кој се зема под хипотека во Халк банка АД Скопје, КП 5106, Дел 2, ул. 1732 бр. 4 Ламела Б - десно, бр. на зграда/друг објект 1, нам. на зграда /, влез 1, кат СУ, број /, намена на посебен/заеднички дел од зграда ЛФ, внатрешна површина 4 м2, евидентиран во Имотен лист бр. 111134 за КО Центар 1, соодветен дел на заеднички простор кој за редовно користење и употреба му припаѓа на недвижниот имот кој се зема под хипотека во Халк Банка АД Скопје и тоа - КП 5106, Дел 2, адреса (улица и куќен број на зграда) Градски парк ламела А-десно, бр. на зграда/друг објект 1, Нам. на зграда Б5-1, влез 1, кат СУ, број /, намена на посебен/ заеднички дел од зграда ХС, внатрешна површина 17 м2, КП 5106, Дел 2, адреса (улица и куќен број на зграда) Градски парк ламела А-десно, бр. на зграда/друг објект 1, Нам. на зграда Б5-1, влез 1, кат СУ, број /, намена на посебен/ заеднички дел од зграда ДЗД, внатрешна површина 16 м2, КП 5106, Дел 2, адреса (улица и куќен број на зграда) Градски парк ламела А-десно, бр. на зграда/друг објект 1, Нам. на зграда Б5-1, влез 1, кат СУ, број /, намена на посебен/ заеднички дел од зграда ДЗД, внатрешна површина 13 м2, КП 5106, Дел 2, адреса (улица и куќен број на зграда) Градски парк ламела А-десно, бр. на зграда/друг објект 1, Нам. на зграда Б5-1, влез 1, кат СУ, број /, намена на посебен/ заеднички дел од зграда ХС, внатрешна површина 39 м2, КП 5106, Дел 2, адреса (улица и куќен број на зграда) Градски парк ламела А-десно, бр. на зграда/друг објект 1, Нам. на зграда Б5-1, влез 1, кат СУ, број /, намена на посебен/ заеднички дел од зграда ДЗД, внатрешна површина 4 м2, врз соодветен дел на земјиште под и околу зграда кое им припаѓа на горецитираниот недвижен имот кој се зема под хипотека во Халк Банка АД Скопје во сосопственост на ДРУШТВО ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И ТРГОВИЈА ГЕМАК-ТРАДЕ ЕНВЕР ДОО ЕКСПОРТ ИМПОРТ СКОПЈЕ со дел на недвижност 1486/7430: КП 5106, дел 2, катастарска култура гиз, површина 2.043 м2, КП 5106, дел 2, место викано/улица „Парк“, катастарска култура зпз 1, површина 5.387 м2, евидентиран во Имотен лист бр. 45325 за КО Центар 1, и КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Јурија“, катастарска култура ГИЗ, површина во 3017 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Јурија“, катастарска култура ЗПЗ 1, површина 2.695 м2, КП основен 1067, дел 5, место викано/адреса „Јурија“, катастарска култура ГИЗ, површина во 2749 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат К1, број /, намена ХС, внатрешна површина 12 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат К1, број /, намена Х, внатрешна површина 53 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат К1, број 1, намена ДП, внатрешна површина 266 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат К2, број /, намена ХС, внатрешна површина 11 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат К2, број /, намена Х, внатрешна површина 52 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат К2, број 1, намена ДП, внатрешна површина 470 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат К2, број 1, намена ПП, внатрешна површина 20 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПО, број /, намена ХС, внатрешна површина 87 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПО, број /, намена Х, внатрешна површина 62 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПР, број /, намена Х, внатрешна површина 15 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПР, број /, намена ХС, внатрешна површина 26 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 1, кат ПР, број 1, намена ДП, внатрешна површина 2594 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 2, кат ПО, број 1, намена ДПД, внатрешна површина 14 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 2, кат ПО, број 1, намена П, внатрешна површина 21 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 2, кат ПО, број 2, намена ДПД, внатрешна површина 45 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 2, кат ПО, број 2, намена П, внатрешна површина 55 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 2, кат ПО, број 3, намена П, внатрешна површина 16 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 2, кат ПО, број 3, намена ДПД, внатрешна површина 142 м2, КП основен 1067, дел 4, место викано/адреса „Вангел Нечевски“ бр. 22, број на зграда 1, намена на зграда Г2-6, влез 2, кат ПО, број 4, намена П, внатрешна површина 54 м2, евидентирани во Имотен лист бр. 728 за КО ВИЗБЕГОВО, во корист на заложниот доверител Халк банка АД Скопје, со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 во Скопје, Центар, со ЕМБС 4627148, по основ на Договор бр. RM2022/325 за одобрување на рамковен револвинг-кредит лимит врз основа на заложно право на недвижен имот од 25.05.2022 година, изменет и дополнет со Анекс бр. 1 кон Договор бр. RM2022/325 за одобрување на рамковен револвинг-кредит лимит од 25.5.2022 година, склучен на 15.6.2022 година, Анекс бр. 2 кон Договор бр. R M2022/325 за одобрување на рамковен револвинг-кредит лимит од 25.5.2022 година, склучен на ден 6.6.2024 година, Анекс бр. 3 кон Договор бр. RM2022/325 за одобрување на рамковен револвинг-кредит лимит од 25.5.2022 година, склучен на ден 11.9.2025 година, на износ од 2.500.000,00 евра. (53329)

---

Се продава недвижен имот плодно земјиште - нива на КП бр. 2322 м. в. „Варо“, катастарска култура зз-н, катастарска класа 3, со површина од 855 м2 во КО Босилово вон град, запишано во Имотен лист бр. 10278 за КО Босилово вон град, сопственост на Ванчо Ѓоргиев од Скопје, Гази Баба, ул. „Среќко Пужалка“ бр. 16 А, за вкупна купопродажна цена од 40.000 денари.

Се повикуваат соседите чиешто земјиште граничи со земјиштето коешто се продава, заедничките сопственици и сосопственоците кои се заинтересирани за купувањето на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавата за прифаќањето на понудата да се достави до нотарот Валентина Велкова од Струмица, ул. „Маршал Тито“ бр. 10. (53330)

**Огласи**

Димче Ртоски од Прилеп, ул. „Димче Антулески“ бр. 45-2, го продава својот недвижен имот - зз, пасиште, класа 1, на КП 740, м. в. „Средно поле“ со површина од 4.183 м2, запишано на ИЛ бр. 439 за КО Чепигово за вкупна купопродажна цена од 110.000 денари.

Се повикуваат сосопствениците, заедничките сопственици и граничарите, доколку се заинтересирани за купување на горespоменатиот недвижен имот, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, да испратат писмена изјава до нотарот Наташа Велеска од Прилеп, булевар „Гоце Делчев“ бр. 49/2, Прилеп. (53331)

---

Се продава нива - земјоделско земјиште сопственост на име на Нуредини Алил, имот, запишан во Имотен лист број 74 за КО Глумово и тоа КП бр. 346, дел /, место викано/улица „Љубин“, култура 14000, класа 4, со површина од 2.044 м2, за цена од 50.000 денари.

Се повикуваат соседите на горенаведеното земјиште, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата, писмено да се достават до нотарот Башким Амети од Скопје на ул. „Ѓорче Петров“ бр. 33-А, Скопје. (53333)

---

На ден 7.10.2025 година во Нотарската канцеларија на нотарот Горан Каранфиловски од Штип е составен Нотарски акт - Договор за залог на недвижен имот хипотека (со својство на извршна исправа) во ОДУ број 663/25 помеѓу балк Банка АД Скопје со седиште во Скопје на улица „Св. Кирил и Методиј“ број 54 со ЕМБС 4627148 и ЕДБ 4030993162028, како заложен доверител, Катерина Христова од Штип на улица „Сремски фронт“ број 29-12, како должник иден заложен должник, Роберт Христов од Штип на улица „Сремски фронт“ број 29-12, како согласна страна - иден заложен должник и Друштво за градежништво, инженеринг и трговија АКТИВА ДОО Штип со седиште во Штип на улица „Гоце Делчев“ број 209 со ЕМБС 5321956 и ЕДБ 4029999117085, како заложен должник, кој заложува недвижен имот предбележан во Лист за предбележување на градба број 100481 за Штип 2 (стан број 10, кат К2, влез Б) за обезбедување на Договор за станбен кредит број КР2025/16917 од 2.10.2025 година во износ од 25.080,00 евра. (53334)

---

Врз основа на Нотарски акт – Договор за залог врз недвижност – хипотека (со својство на извршна исправа) под ОДУ 1422/25 од 29.9.2025 г. од нотарот Анастасија Петреска, склучен меѓу Прокредит банка АД Скопје, како заложен доверител и ХЕМИКС ДООЕЛ експорт-импорт нас. Илинден, Илинден со ЕМБС 4364066, како заложен должник, се врши упис на хипотека врз недвижен имот со сите сегашни и идни припадоци и прирастоци КП 2438/39, место викано/улица „Кирил и Методиј“ б. б., катастарска култура гз/гиз, со површина од 939 м2, КП 2438/39, место викано/улица „Кирил и Методиј“ б. б., катастарска култура гз/зпз 1, со површина од 625 м2, КП 2438/39, место викано/улица „Кирил и Методиј“ б. б., катастарска култура гз/зпз 2, со површина од 27 м2, КП 2438/39, место викано/улица „Кирил и Методиј“ б. б., катастарска култура гз/зпз 3, со површина од 26 м2, КП 2438/39, место викано/улица „Кирил и Методиј“ б. б., катастарска култура гз/зпз 4, со површина од 15 м2, КП 2438/39, место викано/улица „Кирил и Методиј“ б. б., катастарска култура гз/зпз 5, со површина од 9 м2, КП 2438/39, место викано/улица „Кирил и Методиј“ б. б., катастарска култура гз/зпз 6, со површина од 214 м2, КП 2438/39, адреса „Кирил и Методиј“ б. б., бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр. Г2-6, влез 1, кат К 1, број 2, ДП со површина од 90 м2 и КП 2438/39, адреса „Кирил и Методиј“ б. б., бр.на зграда/друг објект 1, намена на згр. Г2-6, влез 1, кат ПР, број 2, ДП со површина од 570 м2, запишан во Имотен лист број 11287 за КО Илинден, со износ на обезбеденото побарување 450.000,00 евра, видно од Договор за рамковен лимит бр. FW10.1635 склучен на ден 29.9.2025 г. (53342)

---

Врз основа на Нотарски акт - Договор за залог врз недвижност - хипотека (со својство на извршна исправа) под ОДУ 1426/25 од 29.9.2025 г. од нотарот Анастасија Петреска, склучен меѓу Прокредит банка АД Скопје, како заложен доверител и СКАЈ АЈ ЕНТЕРТЕЈМЕНТ ДОО Кавадарци со ЕМБС 6936741, како заложен должник, се врши упис на хипотека врз недвижен имот со сите сегашни и идни припадоци и прирастоци КП 10338/1, адреса Мајаковски 12, бр. на зграда 1, намена на зграда А2, влез 001, кат ПОТ, број 018, СТ со површина од 166 м2 и КП 10338/1, адреса Мајаковски 12, бр. на зграда 1, намена на зграда А2, влез 001, кат ПОТ, број 018, ПП со површина од 8 м2, запишан во Имотен лист број 98273 за КО Центар 1, 25/498 идеален дел од земјиште кој соодветно припаѓа на недвижниот имот евидентиран во Имотен лист број 98273 за КО Центар 1, стан број 018 со помошни површини со сите сегашни и идни припадоци и прирастоци запишан во Имотен лист број 47207 за КО Центар 1, со износ на обезбеденото побарување 500.000,00 евра, видно од Договор за рамковен лимит бр.FW75.98 склучен на ден 29.9.2025 г. (53343)

---

Врз основа на Нотарски акт - Анекс број 2 на Договор за залог врз недвижен имот со својство на извршна исправа под ОДУ 1440/25 од 30.9.2025 г. од нотарот Анастасија Петреска, склучен меѓу Стопанска банка АД Скопје, како заложен доверител и МАКМОТОР ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со ЕМБС 4162854, како заложен должник, се врши промена во Нотарски акт - Договор за залог врз недвижен имот со својство на извршна исправа, подготвен кај нотарот Зафир Хаџи Зафиров под ОДУ 1666/16 од 18.8.2016 г., изменет и дополнет со Нотарски акт - Анекс број 1 под ОДУ 1359/2021 г., кај нотарот Зафир Хаџи Зафиров во насока на продолжување на рокот на пристигнување на обврските на должникот поради продолжување на рокот на важење на мултивалутната кредитна рамка, усогласување во Имотен лист број 4399 за КО Горно Лисиче поради зголемена квадратура и промена на проценетата вредност на имотот предмет на залог, односно запишување на промените во Имотен лист број 4399 за КО Горно Лисиче и Имотен лист број 10305 за КО Горно Лисиче. (53344)

---

Сопственикот Когој Сузана од Прилеп го продава својот недвижен имот, заведен во Имотен лист број 378 за КО Галичани, Лист Б, парцела број 377 место викано „Долно шуово“, култура 11000 класа 3, со површина од 4.932 м2 за купопродажна цена од 123.000 денари.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и сопствениците чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник

**Огласи**

на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Дијана Дамеска-Петрески, ул. „Кузман Јосифоски“ број 8, Прилеп. (53347)

---

Согласно со член 15 од Законот за земјоделско земјиште „Сл. весник на Р Македонија“ бр. 135/07 од 8.11.2007 година се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето сопственост на продавачот Надица Стојковска, сопственик на недвижен имот кој се наоѓа во КО Катланово, на КП 141 дел 1 место викано/улица „Горни огради“, катастарска култура – 11000, класа 4, со вкупна површина од 790 м2, опишан во Имотен лист број 958 за КО Катланово, во рок од 8 (осум) дена од денот на овој оглас да се изјаснат за прифаќањето на понудата за продажба. Во спротивно, тие го губат правото на првенство и сопственикот може недвижниот имот - земјоделско земјиште да го понуди на друго правно или физичко лице. Продажната цена за горенаведениот недвижен имот изнесува 12.000,00 евра, во денарска противредност сметано по средниот курс на НБРСМ.

Понудите да се праќаат на адреса на нотарот Зафир Хаџи-Зафиров ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 1А/1-2, Скопје. (53348)

---

Се продава земјоделско земјиште заведено на КП бр. 1522, место викано/улица „Поток“, катастарска култура нива, класа 4, површина 852 м2 во Имотен лист бр. 1182 за КО Орашац, на име на продавачот Алексиќ Олгица, за купопродажна цена од 1 евро за метар квадратен, во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на исплатата.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на огласот во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќање на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Марјан Коцевски од Куманово, ул. „11 Октомври“ бр. 4. (53349)

---

Врз основа на Нотарски акт - Договор за засновање на заложно право врз недвижност со својство на извршна исправа, сочинет од нотарот Никола Спасовски од Скопје под ОДУ број 452/25 од 6.10.2025 година, склучен помеѓу НЛБ банка АД Скопје, со седиште на ул. „Водњанска“ број 1, Скопје, Центар, како заложен доверител, Оливера Николиќ, со живеалиште во Скопје, Сарај на ул. „20“ бр. 50, како должник Друштво за транспорт, трговија и услуги ШКОТА-ТРАНС ДОО Петровец, со седиште на ул. „6“ бр. 7, Петровец, како заложен должник, засновано е заложно право врз недвижност – хипотека од прв ред, врз следниот имот: недвижност КП 253, дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) ул. „6“ бр. 1 В с. Петровец, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А1-1, влез 1, кат ПР, број 7, намена на посебен/заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 79 м2 и КП 253, дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) ул. „6“ бр. 1 В с. Петровец, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А1-1, влез 1, кат ПР, број 7, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 45 м2, евидентирани во Имотен лист број 7227 за КО Петровец, во корист на заложниот доверител НЛБ банка АД Скопје, за обезбедување на парично побарување во износ од 4.624.000 денари. (53350)

---

Се продава недвижност што претставува: КП бр. 583, м. в. „Лагон“, кат. култ. л, кл. 4, со П=577 м2, зав. во Лист Б, Имотен лист бр. 32 за КО Могилец за вкупна купопродажна цена од 1.600,00 евра, сопственост на Веселиноски Гоце од М. Брод ул. „8 Септември“ бр. 16.

Се повикуваат граничарите на горенаведената катастарска парцела дека се продава и во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, ќе го губат правото на првенство.

Изјавата со понудите да се испратат до нотарот Арлинд Ајдини од Кичево ул. „К. Ј.-Питу“ бр. 20 Б. (53351)

---

Се продава следниот недвижен имот: КП број 1163, место викано „М. чешма“, катастарска култура зз-нива, класа 7, со површина од 3.078 м2; КП број 1195, место викано „Давалица“, катастарска култура зз-ливада, класа 5, со површина од 1.568 м2; КП број 1706, место викано „Поле“, катастарска култура зз-нива, класа 5, со површина од 1.945 м2 и КП број 1707, место викано „Поле“, катастарска култура зз-нива, класа 5, со површина од 1.071 м2 сите во КО Будинарци, во сосопственост на по 1/3 идеални делови на Весела Цветковска со живеалиште во Смојмирово, Берово, на Јордан Караџовски со живеалиште во Будинарци, Берово и на Мартина Чутревска со живеалиште во Будинарци, Берово според Имотен лист бр. 128 за КО Берово , за купопродажна цена од 2.800 евра во денарска противвредност според средниот курс на НБРСМ на денот на плаќањето.

Се повикуваат лицата коишто имаат право на првенствено купување, во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Татјана Миовска, нотар за подрачјето на Основен суд во Берово ул. „Задарска“ бр. 15. (53411)

---

Се продава недвижен имот на КП број 4887 м. в. „Ранца“, катастарска култура зз-лз, катастарска класа 4, со површина од 1.908 м2 по Имотен лист 2289 за КО Кукуречани, во сопственост на Игор Шобевски од Кукуречани, Битола, со адреса на живеење на ул. „А“ б. б. во Кукуречани, Битола, за купопродажна цена од 30 денари за 1 м2 или вкупна купопродажна цена од 57.240 денари.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопственици и соседи чие земјиште се граничи со земјиштето што се продава во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство. Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Николина Јакимоска ул. „Филип Втори Македонски“ 15-3, Битола. (53412)

---

Се продава едно цело 1/1 од земјоделско земјиште на: КП бр. 89 дел 1, м. в. „Авлија“, катастарска култура зз-н, класа 5 со површина од 972 м2 и на КП бр. 91, м.

в. „Авлија“, катастарска култура зз-н, класа 5 со површина од 240 м2 а, воедно со земјоделското земјиште се продава и недвижен имот на КП 89 дел 1, м. в. „Авлија“, катастарска култура гз-гиз со површина од 479 м2; КП 89 дел 1, м. в. „Авлија“, катастарска култура гз зпз 2 со површина од 108 м2; КП 89 дел 1, м. в. „Авлија“, катастарска култура гз зпз 3 со површина од 68 м2, КП 89 дел 1, м. в. „Авлија“, катастарска култура гз зпз 4 со површина од 115 м2, како и недвижен имот на КП бр.89 дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) „Ѓопчели“, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број -, намена на посебен дел П, со внатрешна површина од 110 м2; КП бр. 89 дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) „Ѓопчели“, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда А1-1, влез 1, кат К 1, број 1, намена на посебен дел СТ, со внатрешна површина од 83 м2, КП бр. 89 дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) „Ѓопчели“, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда А1-2, влез 1, кат К 1, број 1, намена на посебен дел ПП, со внатрешна површина од 3 м2; КП бр. 89 дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) „Ѓопчели“, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел П, со внатрешна површина од 39 м2; КП бр. 89 дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) „Ѓопчели“, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда А1-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен дел П, со внатрешна површина од 38 м2; КП бр. 89 дел 1, адреса (улица и куќен број на зграда) „Ѓопчели“, број на зграда/друг објект 3, намена на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број -, намена на посебен дел П, со внатрешна површина од 58 м2, запишан во ИЛ бр. 2463 за КО „Ѓопчели“, за вкупна продажна цена од 950,оо евра во денарска противвредност, во сопственост на лицето Ерол Усеинов со адреса на живеење во Ѓопчели ул. /, бр. /, Дојран.

Се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување (заеднички сопственици, сосопственици и соседи чие земјиште граничи со земјиштето што се продава) во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство. Изјавите за прифаќањето на понудата и депонирање на депозитот во висина на износот на продажната цена да се доставaт до нотарот Антонио Јанчев од Гевгелија ул. „Борис Карпузов“ бр. 4, Гевгелија. (53560)

---

Се продава недвижен имот – земјоделско земјиште: 1/2 (една половина) идеален дел од КП бр. 862, м. в. „Рабровски Чаир“, катастарска култура зз л, со површина 5.704 м2, КО Раброво, запишан во Имотен лист бр. 489 за КО Раброво, сопственост на Мурат Бабинов од Чалакли, Валандово, за најниска продажна цена од 30.000 денари. Се повикуваат сосопствениците, заедничките сопственици и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава согласно со член 15 од Законот за земјоделско земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 135 од 8.11.2007 година) во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство. Изјавите за прифаќањето на понудата да се доставaт до нотарот Соња Стојчева, ул. „Димитар Влахов” бр. 3, Гевгелија. (53561)

---

